# З А П И С Н И К

Од дваесетичетвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 23.01. 2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Борис Панев, Игор Поповски, Ристе Андонов и Александар Симонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалник на Општина Свети Николе – Дејан Владев
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Дневен ред**

Усвојување на Записник од дваесетитретата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 21.12. 2022 година;

**Точка 1**

Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**

Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за за примање на донација;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште Во Општина Свети Николе;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Градско;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за одобрување на Програма за изградба на спортска сала на КП бр.9875 КО Свети Николе, Општина Свети Николе;

**Точка 10**

Предлог – Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе;

**Точка 11**

Предлог – Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за 2023 година;

**Точка 12**

Предлог - Програма за работа на Општинска Установа ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2023 година;

**Точка 13**

Предлог – Програма за работа на Општинска Установа Народен Музеј Свети Николе за 2023 година;

**Точка 14**

Предлог - Програма за одржување на јавно осветлување;

**Точка 15**

Предлог – Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 16**

Предлог – План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Свети Николе за ( 2023-2025) година;

**Точка 17**

Иницијатива за измена и дополна на Статутот на Општина Свети Николе;

**Точка 18**

Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Дом на култура „ Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 19**

Барање финансиска помош од лицето Г.П.

**Точка 20**

Барање финансиска помош од лицето М.С.

**Точка 21**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Н.Т.

**Точка 22**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Г.А.

**Точка 23**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето С.Ј.

**Точка 24**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето В.Ѓ.

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 15 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од дваесетитретата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 21.12. 2022 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 15 гласа ЗА го усвоија записникот од дваесетитретата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 2**

**Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за планирање, уредување на прсоторот и заштита на животната средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за за примање на донација;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со14 гласа ЗА и 1 гласа ПРОТИВ донесе **Одлука за за примање на донација.**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со14 гласа ЗА и 1 гласа ПРОТИВ донесе **Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 5**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година;**

Претседателот на Комисија за планирање, уредување на просторот и заштита на животната средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година.**

**Точка 6**

**Предлог – Одлука за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште Во Општина Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски праша дали пазарните цени на земјоделското земјиште остануваат исти, дали се зголемуваат или намалуваат?

Заменик раководителот на Секторот за за планирање, уредување на просторот и заштита на животната средина и природа – Јонче Стојанов кратко договори дека нема никаква промена во цените на пазарната вредност на земјоделско земјиште и дека Програмите законски мора да се донесат на две до три години.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште Во Општина Свети Николе.**

**Точка 7**

**Предлог – Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.**

**Точка 8**

**Предлог – Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Градско;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Градско.**

**Точка 9**

**Предлог – Одлука за одобрување на Програма за изградба на спортска сала на КП бр.9875 КО Свети Николе, Општина Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски побара образложение колкава ќе биде салата и дали ќе има место за публика.

Раководителот на Одделението за урбанизам – Дарко Јованов одговри дека салата ќе биде само за потребите на учениците од СОУ „Кочо Рацин„ и дека ќе нема место за публика.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за одобрување на Програма за изградба на спортска сала на КП бр.9875 КО Свети Николе, Општина Свети Николе.**

**Точка 10**

**Предлог – Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе.**

**Точка 11**

**Предлог – Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 12**

**Предлог - Програма за работа на Општинска Установа „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски го праша предлагачот како ќе се надополни библиотеката со книги бидејќи во буџетите нема предвидено средства за оваа намена.

Директорот на Домот на култура – Никола Тренчев одговори дека во програмата стои дека за одредени проекти средствата се од Министерството за култура.

- Тоа е процес кој до 20 февруари треба да има резултати – одговори директорот.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за работа на Општинска Установа „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 13**

**Предлог – Програма за работа на Општинска Установа Народен Музедј Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Дали има до сега реализација од самофинансирачки активности, дали има наплата на влезници, на експонати, сувенири и сл? – праша совентикот Игор Поповски.

Директорот на Народниот Музеј – Александар Нацев одговори дека сега се планира и се прави стратегија за вакви активности. Директорот истакна дека до сега нема никави приходи бидејки нема ни реализација на предвидените активности од претходната година.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за работа на Општинска Установа Народен Музедј Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 14**

**Предлог - Програма за одржување на јавно осветлување;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Советникот од совентичката партија на Левица – Александар Симонов укажа на тоа дека во Програмата никаде не се предвидува светлички објекти за комерцијални цели.Праша на кој начин се регулирани светлечките реклами и дали општината има бенефит од ова?

Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев одговори дека ова се регулира со договор, односно Славјанскиот универзитет има поставено и надоместокот е платен за една година унапред на денот на склучување на договорот. Секретатор укажа на тоа дека на некоја од наредните седници треба да се донесе нова одлука со нови утврдени цени бидејки Одлуката е донесена пред повеќе години и цените се ниски.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за одржување на јавно осветлување.**

**Точка 15**

**Предлог – Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за планирање, уредување на просторот и заштита на животната средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 16**

**Предлог – План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Свети Николе за ( 2023-2025) година;**

Претседателката на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Советникот Игор Поповски дискутираше по однос на Планот и констатира дека во планот недостасува финансиска конструкција. Во буџетот нема програма за здравствена заштита за да се црпат од истата средства како што пишува во Планот. Од каде доаѓа финансирањето за Предлог – Планот? – праша советникот.

Претставникот на предлагачот - Павле Јованов кратко одговори дека во Планот е направена техничка грешка и дека средствата ќе се црпат од Буџетот на Општина Свети Николе.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Планот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Свети Николе за ( 2023-2025) година.**

**Точка 17**

**Иницијатива за измена и дополна на Статутот на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Иницијативата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Иницијатива за измена и дополна на Статутот на Општина Свети Николе.**

**Точка 18**

**Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Дом на култура „ Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 18 од дневниот ред.

Советничката од советничката група на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска констатира дека во Планот се бара ново работно место - стручен соработник за сценска музичка дејност и дека ова работно место не е систематизирано и потребно е да се побара согласност за истото. Во продолжение истакна дека тоа се средства од околу 480.000 денари за плата на нововработениот и истите ги нема во блок дотациите.

Советничката потсети дека во 2021 година е поништен оглас за вработување и работно место кое постоело во систематизацијата со обезабедени средства и согласности од Министерството за финансии и Министерство за култура. Укажа дека соработник за сценско музичка дејност има вработено во Домот на културата и нема потреба од ново работно место бидејки нема зголемен обем на работа.

Директорот на Домот на култура – Никола Тренчевски укажа дека местото е систематизирано и дека е зголемен обемот на работа и реално смета дека има потреба од ново вработување. Понатаму укажа на тоа дека поради зголемениот обем на работа соработникот е преоптоварен со работа. Во продолжение директорот истакна дека ова е само проектирано работно место и проектирани средства, но времето ќе покаже дали ќе се добијат согласности и финансиски средства за споменатото работно место.

Во својата контра реплика советничката констатира дека директорот дава контрадикторни изјави бидејки на Комисијата се изјаснил дека местото не е систематизирано и дека допрва треба да се добие согласност за истото. Во продолжение укажа на енергетската криза и на справувањето со неа и посочи дека сега не е време за трошење на дополнителни средства за ново вработување.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави имената и дополнувањето на Годишниот план на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ усвои **Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Дом на култура „ Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 19**

**Барање финансиска помош од лицето Г.П.**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 19 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА го усвои **Барањето финансиска помош од лицето Г.П.**

**Точка 20**

**Барање финансиска помош од лицето М.С.**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи, односно по негативното мислење од Советот за јавно здравје советот да се изјасни по барањето.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 20 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ го усвои **Барањето финансиска помош од лицето М.С.**

**Точка 21**

**Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Н.Т.**

Претседателката на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 21 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Н.Т.**

**Точка 22**

**Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Г.А.**

Претседателката на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 22 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Г.А.

**Точка 23**

**Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето С.Ј.**

Претседателката на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 23 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето С.Ј.**

**Точка 24**

**Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето В.Ѓ.**

Претседателката на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 24 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето В.Ѓ.**

Советнички прашања:

Советникот од политичката партија Левицва - Александар Симонов праша дали има резултати од мерните станици кој се поставени, дали воопшто работат, дали се мери загадувањето на воздухот и кој е одговорен за истите?

Секретарот одговори дека одговорот советникот ќе го добие во писмена форма.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалцијата – Игор Поповски побара одговор во писмена форма на прашањето кое е поставено на меил на скоро сите советници од извесен Зоран кој реагира на некој изграден објект. Советникот праша дали Градоначалникот има превземено нешто за да му се одговори на лицето и дали во пријавата наведените дејствија се вистинити или не.

Градоначалникот одговори дека со овој случај е запознаен и тој и стручните служби во општината и дека неколку пати е излезено на лице место по пријавата. По мислењето на Градоначалникот ова се некој лични нарушени меѓучовечки односи и дека лицето кое ја доставува пријавата не се појавува на негова покана. Градоначалникот истакна дека ќе се следи овој случај и советниците ќе бидат известени.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори дваесетичетвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 15:20 часот.

Општина Свети Николе 23. 01. 2023 година.

**Записничар** **Совет на Општина Свети Николе**

**Славица Димова** **Претседател,**

_______________ **Валерија Ивановска**

______________________

**З А П И С Н И К**

Од дваесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 22.02. 2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Борис Панев, Игор Поповски, Ристе Андонов и Александар Симонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалник на Општина Свети Николе – Дејан Владев
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Дневен ред**

Усвојување на Записник од дваесетичетвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 23.01. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за примање на донација;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за придружување на Општина Свети Николе кон заложба за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилство врз жените во политиката;

**Точка 5**

Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис и побарувања на обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12.20232 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на административните службеници во ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2023 година;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за давање согласност на Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2022/2023 година;

**Точка 10**

Предлог – Одлука за отпис на ненаплатливи застарени побарувања во Буџетот на Општина Свети Николе;

**Точка 11**

Предлог – Одлука за давање согласност на Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ „Кирил и Меотодиј„ Свети Николе за 2022/2023 година;

**Точка 12**

Предлог – Решение за именување члено ви во општинскиот совет за социјална заштита на Општина Свети Николе;

**Точка 13**

Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура;

**Точка 14**

Предлог – Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 15**

Предлог – Програма  За поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година;

**Точка 16**

Предлог – Прогама за контрола,заштита и благосостојба на животни–третман на бездомни кучиња,односно нерегистрирани и регистрирани,затекнати на јавни површини на територијата на Општина Свети Николе-2023 година;

**Точка 17**

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2022 година;

**Точка 18**

Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Четврти од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година ;

**Точка 19**

Квартаен извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за четврт квартал за 2022 година на Општина Свети Николе ;

**Точка 20**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините за 2022 година;

**Точка 21**

Извештај за работа на Општинската Установа Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2022 година;

**Точка 22**

Наративен и финансиски извештај за 2022 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;

**Точка 23**

Предлог – Одлука за утврдување цени на услуги за сместување во детско одмаралиште Стар Дојран;

**Точка 24**

Барање финансиска помош од лицето Р.М.

**Точка 25**

Иницијатива за донација на финансиска помош за погодените подрачја од разорниот земјотрес во Турција и Сирија;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Горан Трајковски имаше забелешка во врска доставувањето на седничниот материјал и истиот изрази незадоволство од доставувањето по меил. Истакна дека ќе гласа во здржано по

точките на седницата бидејки не го добил седничниот материјал и не ги разгледал предлог материјалите.

Раководителот на Одделението за ЛЕР – Ивица Арсов кратко му појасни на советникот да си ја смени меил адресата, да достави нова меил адреса бидејки општинскиот меил со hotmail адресите не се во соработка.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од дваесетишетвртата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 23.01. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 14 гласа ЗА и 2 глас ВОЗДРЖАН го усвоија записникот од дваесети четвртата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Раководителот на Одделението за ЛЕР – Ивица Арсов образложи дека овде Правилникот се усогласува со Статутот на Општина Свети Николе и измените во Законот за спорт и млади односно за младинско учество и Законот за социјална заштита.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 12 гласа ЗА и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за примање на донација;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложена.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за примање на донација.**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за придружување на Општина Свети Николе кон заложба за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилство врз жените во политиката;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за еднакви можности при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложена.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски изрази незадоволство од предложената Одлука бидејки по него во нашата држава нема насилство на жените во политиката и жените во политиката не се жртви на насилство. По советникот ова борба е за привилегии, а не за права. Овде се прави мобинг по партиска основа но никако на основа на пол. Праша каде се врши насилство и каде треба да се реагира за да се заштитат жените. Праша кога и каде КЕМ има реагирано кога се врши мобинг врз жените во нашата општина и општеството?

Претседателката на КЕМ во продолжение ја прочита и ја образложи заложбата за подигнување на свеста за елиминација на физичко, психичко, сексуално и дигитално насилство врз жените во политиката на локално ниво и им посочи на советниците да дадат свој придонес и да ја потпишат поеднинечно заложбата.Воедно истакна дека до сега нема ниту една пријава од жена до КЕМ, но и да има овде има институции кој постапуваат по пријавата и помагаат понатаму да се реши проблемот. Одлуката е предложена но и поткрепена со законски регулативи, истата треба да се поддржи од страна на советниците и дека со Одлуката нема да има никакви финансиски импликации врз Општината – појасни претседателката на КЕМ.

Советникот Поповски имаше контра реплика и се изјасни дека нема против потпишување на заложбата, но и дека понатаму мисли дека не треба населението да се дели на мажи и жени. Општеството има многу поголем проблем врз политичка основа и истиот треба да се реши. Се согласи со заложбата и посочи дека треба да им се даде шанса и поддршка на жени да управуваат со комбајн, возачи на камиони, автобуси, жени градежни работнички и сл.

Советничката имаше кратка контра реплика и во истата не се согласи со советникот Игор Поповски и повика дека ако некоја личност се соочи со проблем кој е тема на расправа треба да го пријави на КЕМ и да се отпочне со решавање на пријавеното насилство.

Советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Владимир Тосев побара да се направи разлика помеѓу набркано лице од работа и прекинат договор за работа.

Советникот од политичката партија на Левица – Александар Симонов констатира дека до сега нема пријава во општината за политичко насилство и праша врз основа на што се бориме за ова заложба бидејки за да се бориш против нешто треба да има утврдена фактичка состојба.

Советничката Фросина Ѓорѓиева јасно истакна дека заложбата е изготвена на основа на претходни истражувања на ниво на државата и е дел од Програмата на

обуките за комисиите на КЕМ. Истата треба да се поддржи и со потписи од своетниците на Општините.

Советникот Симонов истакна дека од заложбата нема да има никаква правна последица иако ќе биде потпишана од советниците.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН и 1 глас ПРОТИВ донесе **Одлука за придружување на Општина Свети Николе кон заложба за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилство врз жените во политиката.**

**Точка 5**

**Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис и побарувања на обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12.20232 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 7 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис и побарувања на обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12.20232 година.**

**Точка 6**

**Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за планирање, уредување на прсоторот и заштита на животната средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да не донесе Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

За дискусија по точката се јави советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов

Раководителот на Одделението на урзанизам – Дарко Јованов по укажувањето на советникот Кристијан Кузелов кратко појасни дека точка 6 се однесува за изградба на фотоволтаици на потегот спроти опитната, а точка 7 е на потегот кај натпатникот кај Ерџелија од десната страна.

Советникот Александар Симонов укажа дека овде се работи за земјоделско обработливо земјиште кое по барање на инвеститорот се преквалифицира од втора во четврта класа. Се изјасни дека нема да подржи ниту една од овие одлуки бидејќи вака државната власт го поддржува интересот на крупниот капитал со кое се овозможува со

овие панели Свети Николе да стане стаклена џунгла. Праша зошто во Овчеполието не се вложува во земјоделието, сточарсвото, фармите и сл.

Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев како и претходно јасно и гласно се изјасни дека овој совет и тој како Градоначалник никогаш нема да поддржат поставување на фотоволтаични панели на обработливо земјоделско земјиште во Овчеполието и дека е чесно советникот Александар Симонов да се приклучи кон ваквото размислување и заложби.

Советникот Александар Симонов имаше контрареплика и побара Градоначалникот да не му се обраќа повеќе на лична основа за начинот на кој тој е приготвен за седницата. Советникот Симонов се изјасни дека секогаш има концепт за седницата, не галса селективно, има свој став и не размислува и гласа стихијно.

Советникот Кристијан Кузелов како координатор на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата се изјасни дека советниците од ВМРП ДПМНЕ и коалицијата гласаат по сопствено убедување, но со заеднички став. Се изјасни дека во иднина по овие Одлуки ќе гласа воздржано бидејќи ќе нема да знае дали парцелите се навистина со одредена класа или е направено преквалификација.

Советникот Симонов укажа на тоа дека во иднина советниците освен што ќе ја разгледуваат Предлог – Одлуката ќе побараат да се види и класата на земјиштето пред предлагањето на Одлуката, односно дали таа одредена парцела со години е иста класа на земјиште и дали класификацијата е променета.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев констатира дека до сега се давало поддршка за поставување на фотонапонски централи на земја од прва до четврта класа, две иницијативи се подрдржани на земјиште од трета класа, а одредени парцели се одбиени од четвртта класа. Укажа на неконзистентен став на советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата. Советникот истакна дека на општината и е потребна Стратегија за да се орпеделат зони за поставување на фотоволтаични централи, да се биде во контакт со ЕВН, да се види интересот на граѓаните и.т.н.

Советникот Поповски констира дека инвеститорите се сопственици на земјиштето каде поставуваат фотоволтаични панели. Го истакна бенефитот од поставувањето на овие панели и истакна дека подоходовно е да се произведува струја отколку да се сее пченица. Во продолжение побара да се даде простор за инвеститори од овој тип бидејки не можат сите да бидат земјоделци и дека ни требаат вакви инвеститори од ваков тип за да се полни буџетот.

Советникот Кузелов потсети дека советниците имаат легимитет од избирачите и денес луѓето се плашат и прашуваат за оваа експанзија на поставување на панели за производство на струја.

Маја Давкова – советничка од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата се изјасни дека нејзиниот став е приближен со ставот на советникот Александар Симонов и укажа на државата која со дозволување на поставување на панели од ваков тип прави деградација на земјиштето, укажа на климатските промени, воведувањето на субвенции и неводење сметка за земјоделецот.

Советникот Игор Јованчев ја праша советничката Давкова зошто на претходите седници советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата изгласа трета категорија на земја за поставување на фотоволтаични панели? Консататира дека во нашиот крај се сголеми интересот за обработка на земјоделско земјиште, дека илјадници хектари се под закуп и дека голема сума на пари се враќаат од закупот во општината.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 6 гласа ЗА и 7 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ

НЕ донесе **Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 7**

**Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за планирање, уредување на прсоторот и заштита на животната средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да не донесе Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 6 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ НЕ донесе **Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.**

По 15 минути пауза Советот на Општина Свети Николе продолжи до работа.

**Точка 8**

**Предлог – Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на административните службеници во ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог - Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на административните службеници во ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 9**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2022/2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Советничката Фросина Ѓорѓиева се иззема од гласањето како вработена во ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Прердлог - Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Одлука за давање согласност на Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2022/2023 година.**

**Точка 10**

**Предлог – Одлука за отпис на ненаплатливи застарени побарувања во Буџетот на Општина Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог - Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 глас ВОЗДРЖАН и 5 гласа ПРОТИВ донесе **Одлука за отпис на ненаплатливи застарени побарувања во Буџетот на Општина Свети Николе.**

**Точка 11**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2022/2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Советничките Валерија Ивановска и Саша Мицевска се изземаа од гласањето како вработени во ООУ „Кирил и Методиј „ Свети Николе.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог - Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА донесе **Одлука за давање согласност на Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2022/2023 година.**

**Точка 12**

**Предлог – Решение за именување члено ви во општинскиот совет за социјална заштита на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Комисија за прашпања на верификација, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

1. За членови во општинскиот совет за социјална заштита во општина Свети Николе, а врз основа на доставените номинации од институциите, се именуваат:
   - Ивана Димитрова – Советник за социјална заштита и заштита на деца, Општина Свети Николе;
   - Славица Димова – Советник за социјална заштита и заштита на деца, Општина Свети Николе;
   - Ивица Арсов – Раководител на одделение за локален економски развој и јавни дејности, Општина Свети Николе;

- Кирил Макаровски – Раководител на Сектор за нормативно правни работи, администрирање на даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности, Општина Свети Николе;
- Весна Ѓорчева Ефтимова – стручен службеник - дипл.правник, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе;
- Далибор Трајковски –соработник за матична евиденција, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Деловница Свети Николе;
- Сања Јанева – дипломиран логопед, ЈОУДГ „Рахилка Гонева"Свети Николе;
- Цвета Тасева –дипл.правник,ЈЗУ Здравствен дом „Прим.Др.Ѓорѓи Гаврилски" Свети Николе;
- Зоран Наков – раководител – дипл.правник, Центарот за вработување Свети Николе;
- Игор Златановски - помошник командир за јавен ред и мир и превенција во Полициска станица Свети Николе,Полициска станица Свети Николе;
- Драгица Јованова – директор, ООУ „Даме Груев" с.Ерџелија, Свети Николе;
- Ивана Стојановска - стручен службеник – педагог, ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе;
- Светлана Митрушов – дипл.социолог, ООУ „Кирил и Методиј" Свети Николе;
- Жаклина Милошева – директор, СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе;
- Јасмина Трајчева – Организација на жените на општина Свети Николе;
- Ѓорги Гилев – Црвен крст на РС Македонија – Општинска организација Свети Николе;
- Ванчо Ѓоргиев – Здружение на инвалиди на трудот Свети Николе;
- Павлина Гачева – Здружение на пензионери Свети Николе;
- Сашо Тодоровски – Здружение Порака Свети Николе;
- Ѓеорги Питов – Здружение на телесно инвалидизирани лица Свети Николе.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Раководителот на Одделението на ЛЕР – Ивица Арсов кратко образложи дека по донесената Одлука на општиснки совет за социјална заштита, повиканите институции номинирале лица и откако ќе се донесе Решението Советот ќе донесе Деловник за работа, Социјален план и сл.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателот го стави Предлог - Решението на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Решение за именување члено ви во општинскиот совет за социјална заштита на Општина Свети Николе.**

**Точка 13**

**Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Правилникот на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Правилник за утврдување**

**на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура.**

**Точка 14**

**Предлог – Програма за работа на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за јавни дејности и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев праша зошто се доцни со оваа Програма и воедно апелираше членовите на Управниот одбор на претпријатието посериозно да си ја сфатат работата бидејќи се покажува дека Одлуките од советот не се почитуваат од страна на претпријатието и членовите на УО.

Во продолжение советникот изрази незадоволство од понудената програма во која се нотирани активностите, но не и решенијата за истите. Советникот истакна дека очекувал анализа на претходната Програма и образложение кој активности и зошто не се реализирани и како истите ќе се решат во тековната година и Програма. Понатаму укажа на тоа дека пешачката патека накај с. Кнежје е руинирана, не одржана, со искршени реклами, клупи и сл. Во интерес на граѓаните кој рекреираат побара од директорот на истата да влее во Програмата за да можат граѓаните пристојно да рекреираат. Понатаму истакна дека се согласува со предвидените мерки во врска диво приклучените корисници на вода, утврдување на квадратурата на одредени субјекти и соодветниот трошок за вода, за реконструкцијата на внатрешниот пазар и.т.н.

Советникот уште еднаш побара во иднина да не се предлагаат само нотирани Програми, туку Програми со решенија за активнсотите и воедно и анализа на претходната Програма.

Директорот на ЈКП ,,Комуналец,, - Зоран Јорданов образложи дека реализирањето на активностите во Програмата зависи од ценовното движење како што е електрична енергија, резервни делови, материјали, гориво, плати и сл.

Советникот Јованчев укажа дека потребно е да се внесат активностите, сепак реализацијата ќе се види од кој причини е оставарена или не е остварена.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски праша како е можно за стан од 60 квадрати да се плаќа вода како за стан од 30 квадрати, во конкретниот случај кај Градоначалникот?

Директорот одговори дека ќе се провери сметката и квадратурата и одговорот ќе го има советникот во најкраток рок.

Советникот од Левица – Александар Симонов исто така изрази незадоволство од содржината на Програмата на ЈКП ,,Комуналец,, и истакна дека во една година активностите не можат да се завршат односно ќе има недостиг на финансиски средства и од тие причини Програмата треба да биде повеќегодишна. Исто така праша дали и колкав дел е исчистено од дивите депонии?

Директорот одговори дека се нотирани дивите депонии, распишан е тендер и се очекува соодветна фирма да ги исчисти. Во врска Програмата одговори дека не може да се предвидат финансиски трошоци бидејќи има големо покачување на електрична енергија, материјали нафта и сл.

Советникот Симонов ја поддржа идејката на советникот Игор Јованчев и побара Извештај за реализираната програма од претходната година.

Градоначалникот во врска дивите депонии најави соработка со Министерството за животна средина и чистење на дивите депонии. Во продолжение истакна дека редовно се сервисираат направените долгови со годините на ова претпијатие, редовно се исплаќаат личните доходи на вработените, направени се интервенции по пријавените дефекти, претпријатеито не се задолжува и сл. Во однос на сметките за вода Градоначалникот се изјасни дека има критериуми за покачување на сметките и генерално се покачуваат кај сите па и кај него.

Советникот Игор Јованчев реплицираше на Градоначалникот и побара изјаснување од советот или директорот во Програмата да влезе и одржување на рекреативната патека накај с. Кнежје. Воедно побара активностите во Програмата да бидат мерливи и образложени.

Градоначалникот го прифати предлогот на советникот и воедно се изјасни дека патеката се надгледува, има сознание дека истата е руинирана и дека се искршени сите реклами, клупи и сл. и дека ќе се направи се за да истата остане во функција и гражаните рекреираат на неа.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА , 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за работа на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 15**

**Предлог – Програма За поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година;**

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма За поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година.**

**Точка 16**

**Предлог – Програма за контрола,заштита и благосостојба на животни–третман на бездомни кучиња,односно нерегистрирани и регистрирани,затекнати на јавни површини на територијата на Општина Свети Николе-2023 година;**

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Советникот Игор Јованчев го воочи проблемот со кучињата во сите општини низ државата и истакна дека реално се нема можност да се реши овој проблем бидејки ваков проблем води кон регионално решавање.

Градоначалникот најави дека до Октомври во тековната година ќе се реши и овој проблем и дека како претседател на Вардарски плански регион има сознание дека во Општина Кавадарци се гради стационар за кучиња, а воедно ќе има и соодветен персонал за да функционира истиот.

Советникот Јованчев изрази задоволство од одговорот со надеж дека во текот на годината овој проект ќе се реализира и истиот податок требало да биде дел од Програмата.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за контрола,заштита и благосостојба на животни–третман на бездомни кучиња,односно нерегистрирани и регистрирани,затекнати на јавни површини на територијата на Општина Свети Николе-2023 година.**

**Точка 17**

**Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Реализацијата на буџетот е околу 85%, додека основниот буџет 81%. Реално ова ова е добар процент на реализација истакна - советникот Игор Поповски и воедно забележа дека процентот е пораснат поради политиките кој се спроведени поради законите, поради трансферите од д.д.в., зголемената ставка поради капиталните приходи кој произлегуваат од закупот на земјоделските зејишта односно поради политиката на државата и спроведувањето на законите.

Изрази нездоволство од збирот на даночните приходи и неданочните приходи и истакна дека е помал и воедно ја посочи и слабата реализација на приход од продажба на градежно земјиште и.т.н.

Градоначалникот истакна дека се ќе стори да искористи повеќе средства кој ги нуди државата, ќе ги употреби сите приватни контакти и дека во градот ќе има нови улици, канализации, игралишта и.т.н., а воедно изрази задоволство од досега реализираното и сработеното и најави продажба на околу 80 плацови за домување.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за реализација на Општина Свети Николе за четвртиот квартал за 2022 година.**

**Точка 18**

**Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Четврти од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година ;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 18 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Четврти од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година.**

**Точка 19**

**Квартаен извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за четврт квартал за 2022 година на Општина Свети Николе ;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 19 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартаен извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за четврт квартал за 2022 година на Општина Свети Николе.**

**Точка 20**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 20 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Кварталниот Извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините за 2022 година.**

**Точка 21**

**Извештај за работа на Општинската Установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 21 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за работа на Општинската Установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 22**

**Наративен и финансиски извештај за 2022 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 22 од дневниот ред.

Средствата за проектите во Народниот Музеј генерално доаѓаат од Министерството за култура, Општината учествува со многу малку средства, па затоа пожелно е кога ќе се зборува за работата и активностите на Народниот Музеј да не се

премолчува туку да се каже јавно дека Министерството за култура финансиски ги поддржува проектите на Народниот Музеј Свети Николе – истакна советникот Игор Поповски.

Директорот на Народниот Музеј – Александар Нацев појасни дека Музејот функционира преку аплицирање за проекти во Министерството за култура, но по потреба има финансиска помош и од Општината.

Градоначалникот упати на разликата во работата на Музејот во споредба со изминатите години, истакна дека Музејот во последната година е доволно промовиран, финансиски помогнат и интенцијата е да се обезбедат средства од различни извори за да Била Зора го добие заслуженото место на мапата на археолошките наоѓалишта во Македонија.

Советникот Поповски упати дека Градоначалникот со изјавите сака само да дискредитира некоја личност од претходното владеење на локално ниво и истиот сам да се промовира.

Градоначалникот истакна дека лично, професионално и приватно е доволно промовиран во јавноста на Општина Свети Николе и нема потреба од никаква промоција.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Наративен и финансиски извештај за 2022 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе.**

**Точка 23**

**Предлог – Одлука за утврдување цени на услуги за сместување во детско одмаралиште Стар Дојран;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 23 од дневниот ред.

Советникот Александар Симонов кратко праша колкав прилив на средства е остварено во Детското одмаралиште во 2022 година?

Градоначалникот одговори дека усно или писмено ќе му се одговори на советникот колку е во добивка одмаралиштето, но целта на одмаралиштето е граѓаните и лицата со посебни потреби да ги искористат релативно ниските цени и да одат на летување во одмаралиштето.

Советникот Игор Јованчев интервенираше во делот на цената на сместување и ноќевање на лица со пречки во развојот, но треба да се стои „за жители од Општина Свети Николе„.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог - Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ЗА ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за утврдување цени на услуги за сместување во детско одмаралиште Стар Дојран.**

**Точка 24**

**Барање финансиска помош од лицето Р.М.**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 24 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА го усвои **Барањето финансиска помош од лицето Р.М.**

**Точка 25**

**Иницијатива за донација на финансиска помош за погодените подрачја од разорниот земјотрес во Турција и Сирија;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 25 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов како предлагач на Иницијативата дообјасни дека Градоначалникот и финансиските служби да дадат предлог за сумата за да се помогне на овие подрачја погодени од земјотресот.

Градоначалникот предложи според можностите на Општина Свети Николе да се донираат 120.000 денари.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Иницијативата на гласање и советот со 15 гласа ЗА усвои **Иницијатива за донација на финансиска помош за погодените подрачја од разорниот земјотрес во Турција и Сирија.**

**Советнички прашања:**

Советникот Александар Симонов потсети дека минатата седница е изгласана Програма за јавно осветлување, но без одредби за поставување на светлечки реклами кој имаат финансиски импликации врз општината. На прашањето на кој начин се регулира наплата и потрошувачката, одговорот од администрацијата е дека станува збор за дадено одобрение на Иститут за инжинерска економија од Свети Николе и дневно се наплаќа само 53 денара за една светлечка реклама. По група пресметка Општината повеќе плаќа цена за електрична енергија од профитот за рекламите. Одобрението е издадено во февруари 2021 година и истото важи до февруари 2022 година и од тогаш па наваму Општината нема ниаков правен акт.

Прашањето на советникот е дали во периодот од февруари 2022 година до февруари 2023 година од страна на општината не е наплатено ниту денар за овие светлечки реклами? Дали имаме некаков увид во тоа? Дали трошокот е поголем од приходот кој го остварува општината? Кој ќе ја поднесе одговорноста и на кој начин општината ќе ја надомести штетата?

На крајот советникот укажа дека неколку месеци наназад дел од улиците во градот се без осветлување поради рекстирикција и штедење на електрична енергија.

Секретарот одговори дека Одобрението е со важност до 2021 година, фирмата има платено за уште една година и дека електричната енергија не е повеќе од 53 денара

дневно. Во продолжение Секретарот дообјасни дека Општината нема загуба по однос на светлечките реклами и дека наредната седница ќе има Правилник за утврдување на цени за поставување на урбана опрема и светлечки реклами и тогаш советниците ќе дискутираат за цената и ќе даваат свој предлози.

Советникот Симонов праша според одлуката која е донесена, како е извршено наплатувањето и врз основа на што е извршено наплатувањето една година унапред?

Секретарот одговори дека фирмата самоиницијативно си платила 65.000 денари за следната година бидејки не ги тргнала светлечките реклами.`

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори дваесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 17:50 часот.

Општина Свети Николе 22. 02. 2023 година.

**Записничар** | **Совет на Општина Свети Николе**

**Славица Димова**
_______________

**Претседател,**
**Валерија Ивановска**
_____________________

**З А П И С Н И К**

Од дваесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 13.03. 2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 14 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Борис Панев, Игор Поповски и Ристе Андонов.

Советникот Александар Симонов го најави своето задоцнување.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалник на Општина Свети Николе – Дејан Владев
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Дневен ред**

Усвојување на Записник од дваесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 22.02. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проект за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за дообезбедување средства за набавка на теренско возило за потребите на ТППЕ Свети Николе;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за отпис на средства и опрема кои се ставени вон употреба;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 7**

Одлука за измена и дополнување на Програма за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година;

**Точка 8**

Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 9**

Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 10**

Годишен извештај за работењето за 2022 година на Општина Свети Николе;

**Точка 11**

Консолидирана Завршна сметка на Буџетот на локална самоуправа на Општина Свети Николе за 2022 година;

**Точка 12**

Завршна сметка за ЈКП „Единство„ ПО Свети Николе за период од 01.01. 2022година до 31.12.2022 година;

**Точка 13**

Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Свети Николе за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;

**Точка 14**

Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;

**Точка 15**

Завршна сметка на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2022 година;

**Точка 16**

Завршна сметка на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 17**

Завршна сметка на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 18**

Завршна сметка на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 19**

Завршна сметка на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 20**

Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 21**

Завршна сметка на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за 2022 година;

**Точка 22**

Годишен извештај за информации од јавен карактер;

**Точка 23**

Барање финансиска помош од лицето Г.З.;

**Точка 24**

Барање финансиска помош од лицето З.И..;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 14 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од дваесетипеттата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 22.02. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 14 гласа ЗА го усвоија записникот од дваесетипеттата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проект за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проект за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој.**

Советникот Александар Симонов го пријави своето присуство.

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за дообезбедување средства за набавка на теренско возило за потребите на ТППЕ Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијатата – Игор Јованчев праша за какво возило се работи, кој се условите на финансискиот лизинг, која е каматата, дали финансискиот лизинг е врзан со девизна клаузула и колку би чинело возилото ако се плати во готово, а колку на 60 рати?

Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев одговори дека Одделението за јавни набавки ќе му одговори на советникот во писмена форма, бидејки тендерската постапка е помината и не е баш во тек со случувањата.

Советникот Јованчев според одговорот на Градоначалникот се изјасни дека не може да даде поддршка на Одлуката бидејки не му се познати условите за набавка на теренското воизло.

По десетминутна пауза претседастелката на Советот – Валерија Ивановска предложи на советниците точка 3 да биде ставена на гласање откако од стручните служби ќе му одговорат на прашањата на советникот Игор Јованчев.

Советот продолжи со работа.

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за отпис на средства и опрема кои се ставени вон употреба;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 глас ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за давање согласност на Одлука за отпис на средства и опрема кои се ставени вон употреба.**

**Точка 5**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе.**

**Точка 6**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 7 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе.**

**Точка 7**

**Одлука за измена и дополнување на Програма за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програма за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година.**

**Точка 8**

**Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Измената и дополнувањето на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 9**

**Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев констсатира дека моментално вработени во ЈКП „Комуналец„ се 87, најавени 4 пензионирања, а со измената на Планот се бараат 17 нови вработувања, односно премногу има администрација, а премалку работници во претпријатието. Советникот предложи реорганизација во фирмата, за да се заштеди и да се покачат платите на вработените. Советникот праша колку вработени има со договор на дело во претпријатието и воедно се изјасни дека нема да ја поддржи измената на Планот за вработување.

Директорот на ЈКП ,,Комуналец,, - Зоран Јорданов објасни дека овие работни места се предвидуваат, но не значи дека и ќе се реализираат. Секоја година се предвидуваат, но вработувањата секогаш се сведуваат на максимум две работни места.

Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев истакна дека можно е само неколку вработувања по основ на пензионирање и решавање на статусот на неколку вработени што со години се под договор, но 17 вработувања нема да има бидејки финансиската состојба на претпријатието не е во добра состојба.

Советникот Јованчев укажа на неколку примери со покривање на инкасаторството низ градот и предложи претпријатието да функционира со онолку инкасатори со колку располагаат, бидејки секако саатите за потрошена вода не се читаат редовно секој мсец. Предложи на нивно место да се вработат квалификувани работници.

Дирекорот на ЈКП ,,Комуналец,, појасни дека во тековната година ќе има набавка на нова компјутерска и софтверска опрема како би можело наплаќањето на вода да биде електронска, а со тоа ќе се намали и обемот на работата на инкасаторите.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Измената и дополнувањето на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ усвои **Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за 2023 година.**

Во салата за совет пристигна стручно лице од Одделението за Јавна набавка, истото одговори на прашањата на советникот Јованчев во врска точка 3 односно **Одлука за дообезбедување средства за набавка на теренско возило за потребите на ТППЕ Свети Николе.**

Мартина Јованчевска образложи дека Општина Свети Николе спровела постапка за набавка на возило за потребите на ТППЕ и во истата се јавиле двајца понудувачи. Едната понуда која е најниска е во износ од 1.632.039 денари. Во тендерската документација како учество треба да се уплати 20% односно 326.500 денари и 60 еднакви рати од 21.760 денари рата, односно рата од 359 евра со камата, која е 6% врзана со еврото.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за дообезбедување средства за набавка на теренско возило за потребите на ТППЕ Свети Николе.**

**Точка 10**

**Годишен извештај за работењето за 2022 година на Општина Свети Николе;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски во врска Извештајот истакна дека еден дел го изненадува, односно дека наменските дотации се зголемени од претходната година кој се за плати и надоместоци од плата, додека поправките, комуналните услуги, договорните услуги, поправки, материјални трошоци се од средства на Општина Свети Николе. Овие податоци се добивани преку целата година во кваратлните извештаи и од таму пак се гледа дека средства од владата има околу 2.000.000 денари а од општината околу 600.000 денари во СОУ ,,Кочо Рацин,,. Во продолжение наброја уште неколку вакви примери во дотации на средства од

Владата и од општината во сите општински институции, училишта и сл. Зошто се вели дека дотациите од Владата се само за плати, а останатите средства кој се во милионски суми не се објаснети наративно во извештајот и воедно побара да се работи малку по транспарентно.

Раководителот на Одделението за финансии и буџет – Сузана Нушева образложи дека во Извештајот е направен технички пропуст и не се дообјаснети блок дотациите за оперативни расходи и сл.

Реализацијата на освновниот буџет за 2022 година е 81%, а на вкупниот буџет е 86% и тоа претставува релативно добра реализација. Во 2023 година ќе се работи и ќе се обидеме реализацијата да биде до 90%. Трошоците се намалени и се сведуваат само на основни трошоци за функционирање на општината. Годината е завршена со намирени обврски кон доверителите и префрлени околу 18.000.000 денари за реализација на проекти во 2023 година – истакна Градоначалникот.

Советникот Игор Поповски истакна дека реализззцијата на буџетот е одлична поради доброто планирање на буџетот, но локалната самоуправа нема некој значајни проекти кој се испланирани и остварени.

Градоначалникот се изјасни дека во 2023 година локалната самоуправа ќе се труди да има поуспешни проекти за подобар живот на граѓаните на општината.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен извештај за работењето за 2022 година на Општина Свети Николе.**

**Точка 11**

**Консолидирана Завршна сметка на Буџетот на локална самоуправа на Општина Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Консолидираната Завршна сметка на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Консолидирана Завршна сметка на Буџетот на локална самоуправа на Општина Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 12**

**Завршна сметка за ЈКП „Единство„ ПО Свети Николе за период од 01.01. 2022година до 31.12.2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка за ЈКП „Единство„ ПО Свети Николе за период од 01.01. 2022година до 31.12.2022 година.**

**Точка 13**

**Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Свети Николе за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

За збор по Извештајот се јави советникот Игор Јованчев и ги прочита надлежностите на Советот каде стои дека Советот ја усвојува завршната сметка на комуналното претпријатие. Праша зошто минатата година Советот не ја усвои завршната сметка на ова претпријатие? На крајот потенцираше дека расходите се на истото ниво од 2021 година, иако оваа година се прикажуваше дека претпријатието има многу поголеми расходи. Со ова се наметнува прашањето како ќе се оправда покачувањето на сметките кон граѓаните на претпријатието за 100%. Од извештајот се гледа дека немало потреба од никакво покачување на сметките и се гледа дека Надзорниот одбор не работи одговорно и не ги почитува Одлуките на Советот.

Директорот на ЈКП „Комуналец„ одговори дека претпријатието е во ваква состојба поради домакинското работење и менаџирање на претпријатието. Во претходните години се работело со фирми без лиценца, расипаните возила не се поправале соодветно, платите биле по ниски, не се расчистувале сметки спрема доверителите, се набавувале несоодветни возила кој не може да бидат на услуга на претпријатието и сл.

Реплицираше советникот Игор Јованчев кој истакна дека тоа се трошоци со кој претпријатието се среќава со години, опремата се троши, возилата се расипуваат, поправки ќе има, но должност на директорот е добро да менаџира со претпријатието.

Градоначалникот во продолжение ги наброја сите неуспешни проекти на претходното раководство кое направило трошоци на претпријатието, но не донело никакви резултати. Благодарение на домакинското и чесно работење на актуелното раководство претпријатието е во одржлива форма и состојба.

Советникот Јованчев укажа на неоправдано покачување на сметките што се гледа од прикажаните приходи и расходи во Извештајот на претпријатието. Од Извештајот се гледа дека претпријатието немало потреба да ги покачи сметките ни за 10%.

Советникот Игор Поповски истакна дека е евидентно намалувањето на трошоците на претпријатието, но од Извештајот се гледа дека на неколку лица има исплатено за неискористен годишен одмор. Праша за што се 145.354 денари како прикажана сума и што е со позајмицата дадена на физичко лице од околу 1.000.000 денари , по кој основ и зошто е дадена?

Директорот одговори дека исплатени се тие средства бидејки едно лице работело на повеќе работни мета.

Сметководителот одговори дека тоа се трошоци за новогодишен надомест, бидејки работниците кој оделе во пензија си тужат и си добиваат.
Во 2017 година имало отказни решенија на две лица, истите се вратени на работа и им се исплаќа нето плата односно авансно. Во наредниот период истите лица ќе бисат пријавени во Агенцијата и ќе има повраток на овие дадени позајмици – одговори сметководителот.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Свети Николе за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година.**

**Точка 14**

**Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Советникот Игор Поповски констатира дека претпријатието има прикажано 254.000 денари добивка и дека претпријатеито располага со 20.000.000 денари капитал.

Од ова се гледа дека на претпријатеито ќе му треба скоро еден век за да си го врати и исплати капиталот.

Сметководителот на ЈП ,,Погребални услуги,, укажа дека ова е финансискиот резултат како прва ставка во даночниот биланс плус непризнаените трошоци и откако ќе се додат и тие трошоци добивката надминува 300.000 денари.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година.**

**Точка 15**

**Завршна сметка на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Советникот праша за наменската сметка односно укажа не неколку неисправности и праша дали се врши револаризација на средствата?

Сметководителот одговори и даде образложение за што се употребени средствата и за кој инвентар се работи. Не е прикажана револаризацијата бидејки во Музејот тоа до сега не било пракса.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 16**

**Завршна сметка на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 17**

**Завршна сметка на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 18**

**Завршна сметка на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 18 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 19**

**Завршна сметка на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 19 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 20**

**Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 20 од дневниот ред.

Советничката од советничката група на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска ја праша директорката во врска донаторска сметка 785 која претпоставува дека ова е од ЕРАЗМУС, праша што се планира со преостанатите средства кој не се потрошени за патување, по критериуми се бирани наставниците и учениците кој се однесени на ова патување?

Директорката одговори дека средствата се потрошени за патување во две држави и за пречек на гости од друга држава. Останатите средства се за патување уште во две држави. Наставниците се избрани врз основа на нивната ангажираност на проектите. Координаторот кажува кои наставници ќе одат на патување.

На прашањето од советничката Мицевска дали овие средства може да се искористат за да се купат наставни помагала, директорката одговори дека наставни помагала се набавуваат со 20% од средствата кој ќе преостанат од овој проект.

Советничката пренесе молба од граѓаните во иднина да се направи Правилник или да се воведат критериуми за избор на деца кој ќе патуваат во странство и да се однесат истакнати ученици чии родители не можат да им го овозможат тоа патување.

Советничката Фросина Ѓорѓиева појасни дека активностите за Проектот се пренесуваат на Советот на родители и истите ги запознаваат родителите и учениците со активностите и потребите за патување во врска проектот. Изборот зависел од тоа дали учениците имаат пасоши, дали се на доволна возраст спрема другите ученици од другите држави и сл.

И покрај објаснувањата советничката Мицевска инсистираше во иднина да се настојува да се однесе дете од социјална средина.

Советникот Игор Поповски побара одговор од сметководителот дали има направено техничка грешка на стр. 47 бидејки збирот на цифрите не се совпаѓал. Дали се исплатени договорните улсуги или не се исплатени?

Сметководителот му одговори на советникот дека се исплатени дговорните услуги и ги наброја по суми, а за дел од сумите се изјасни дека е направена техничка грешка

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 21**

**Завршна сметка на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за 2022 година;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 21 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Завршната сметка на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Завршна сметка на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за 2022 година.**

**Точка 22**

**Годишен извештај за информации од јавен карактер;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 22 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Годишниот извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен извештај за информации од јавен карактер.**

**Точка 23**

**Барање финансиска помош од лицето Г.З.;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 23 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов и покрај непопуларноста на овие теми за дискусија, потсети дека има донесено Правилник околу финансиската помош на граѓаните од Општина Свети Николе и истакна дека Комисијата за проценка треба да решава по овие барања, да одреди колкава сума ќе му се определи на барателот и дека на советниите им требаат точни информациите околу податоците на барателите и од тие причини ќе гласа воздржано.

Советникот Игор Јованчев потсети дека Советот за јавно здравје на неколку пати има негативно мислење по барањата за финансиска помош од одредени баратели, но и покрај тоа советот гласа и носи Одлука за доделување на финансиска помош. Советникот побара Градоначалникот да се изјасни која е точна сумата за која треба советниците да гласаат.

Градоначалникот во врска барањето се изјасни дека на барателот ќе му се додели 30.000 денари.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Барање финансиска помош од лицето Г.З..**

**Точка 24**

**Барање финансиска помош од лицето З.И..;**

Претседателот на Комисија за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 24 од дневниот ред.

Советникот Кузелов со жалење констатира дека во општината има многу лица кој се лечат од карцином, но во иднина предлга да има одредени критериуми за доделување на средства односно на висината на сумата.

Градоначалникот во врска барањето се изјасни дека на барателот ќе му се додели 30.000 денари.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Барање финансиска помош од лицето З.И.**

**Советнички прашања:**

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев постави две кратки прашања.

Првото прашање кое е од група граѓани се однесуваше на плацевите, односно советникот праша зошто е одложена лицитацијата за плацовите бидејќи заинтересираните страни имат направено трошоци и кога ќе се обнови и второто прашање беше дали се планира во наредниот период намалување или враќање на старата цена на сметките од ЈКП „Комуналец„?

Градоначалникот во врска второто прашање одговори дека ако се намалат трошоците за електричната енергија, цената на сметките ќе се вратат на старата сума.
Во врска првото прашање Градоначалникот одговори дека Министерството за земјоделие имало склучено договор со одредено лице до месец Мај и истото лице ја има посеано површината со жито. Откако ќе се собере родот, ќе се продолжи со јавната

лицитација и на истата ќе се аплицира со истите документи и истите банкарски гаранции.

Советникот Јованчев изрази незадоволство од одговорот во врска намалувањето на сметките од ЈКП „Комуналец,, бидејки од Завршната сметка се гледало дека се намалени расходите на претпријатието и се створени услови за намалување на семтките.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори дваесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 17:50 часот.

Општина Свети Николе 13. 03. 2023 година.

**Записничар**

**Славица Димова**

_______________

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**
**Валерија Ивановска**

_____________________

# З А П И С Н И К

Од дваесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.03. 2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:10 минути.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 14 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Борис Панев, Игор Поповски и Ристе Андонов.

Советникот Александар Симонов го најави своето отсуство.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалник на Општина Свети Николе – Дејан Владев
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

## Дневен ред

Усвојување на Записник од дваесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 13.03. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, дел од Блок 12, плански опфат 12.1 од ГУП за град Свети Николе, К.О. Свети Николе, Општина Свети Николе;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година

**Точка 4**

Предлог – Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2023 година;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за обезбедување средства за финансирање на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство,негово идно работење и начинот на финансирање;

**Точка 6**

Предлог – Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за давање донација на црква Света Лидија Македонка;

**Точка 8**

Барање финансиска помош за ученик - учесник на олимпијада по хемија;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за за давање согласност на Програмата за екскурзии, излети и други вон училишни активности на учениците за учебната 2022/2023 на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија – Свети Николе;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 14 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од дваесетишестата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 13.03. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 14 гласа ЗА го усвоија записникот од дваесетшестата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, дел од Блок 12, плански опфат 12.1 од ГУП за град Свети Николе, К.О. Свети Николе, Општина Свети Николе;**

Претседателот на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов во своите забелешка побара во иднина при донесувањето на Одлуки од ваков тип да се размислува за паркинг простор во централното грдско подрачје и автобуските постројки. Воедно ги воочи малкуте зелени површини во градот и посочи дека треба да се предвидуваат повеќе зеленила и повеќе скверови.

Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев образложи дека интенцијата на овој план е за да се најде локација за сместување на соблекувалните и доградба и надградба на Градинката во Клон 1. Во однос на паркинг просторот и зеленилото Градоначалникот истакна дека Градскиот парк ќе си остане зелена површина, но нема можност за проширување односно потегот околу чешмичето е предвидено за неколку паркинг места, но за жал немаме можност да се прави паркинг простор врз речното корито.

Советникот Кузелов уште еднаш упати на тоа дека неговата дискусија била во однос на идните Одлуки за ДУП и плановите во истите.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, дел од Блок 12, плански опфат 12.1 од ГУП за град Свети Николе, К.О. Свети Николе, Општина Свети Николе.

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот;**

Претседателот на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година**

Претседателот на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година.**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 5**

**Предлог – Одлука за обезбедување средства за финансирање на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство,негово идно работење и начинот на финансирање;**

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Градоначалникот дообјасни дека овие средства се само дел од проектот, сите општини од Вардарски Плански Регион потребно е да донесат ваква одлука па да се види после пресметките која општина со по колку средства ќе учествува и партиципира. Истата установа треба да има директор, вработени, шинтери и сл.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Одлука за обезбедување средства за финансирање на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање.**

**Точка 6**

**Предлог – Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев до службите постави прашање односно констатира дека програмата е штура, воедно праша кога ќе се спроведе дизинсекцијата и деритизацијата, дали ние како општина имаме доволно време да спроведеме јавна набавка и избор на правен субјект и дали има шема на мамни места?

Службата од Одделението за комунални работи – Павле Јованов одговори дека изборот на правното лице е во тек и дека мамните места се утврдени од страна на ЈКП,,Комуналец,,.

Градоначалникот додаде дека постапката за тендрирање е спремна и од понеделник ќе започне.

Советникот Јованчев укажа дека ЈКП ,,Комуналец,, нема кадар за да ги определи мамните места, а доколку имаа определени мамни мета ја побара шемата на истата.

Секретарот на општина Свети Николе – Зоран Стојчев дообјасни во врска дератизацијата дека истата ќе ја врши Заводот за јавно здравје и за истата нема потреба

од јавно наддавање бидејки не надминува 1.000 евра. Во продолжение дообјасни дека истите си имаат стручни луѓе и заедно со ЈКП „Комуналец„ излегуваат се на терен.

Советникот Игор Јованчев после одговорите заклучи дека во Програмата ништо не е точно во врска начинот како ќе се врши дератизацијата ниту пак постапките кој ќе ги спроведува. Побара во иднина Програмата да не се препишува од претходните Програми и само да се прави копирање и пастирање на истата.

Секретарот уште еднаш појасни дека и во овој случај се работи за јавна набавка само што не се распишува туки се потпишува договор со понудувачот кој е најповолен.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 7**

**Предлог – Одлука за давање донација на црква Света Лидија Македонка;**

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Одлука за давање донација на црква Света Лидија Македонка.**

**Точка 8**

**Барање финансиска помош за ученик - учесник на олимпијада по хемија;**

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе Одлука за доделување на финансиска помош.

**Точка 9**

**Предлог – Одлука за за давање согласност на Програмата за екскурзии, излети и други вон училишни активности на учениците за учебната 2022/2023 на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија – Свети Николе;**

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА донесе **Одлука за за давање согласност на Програмата за екскурзии, излети и други вон училишни активности на учениците за учебната 2022/2023 на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија – Свети Николе.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори дваесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 14:50 часот.

Општина Свети Николе 31. 03. 2023 година.

**Записничар** **Совет на Општина Свети Николе**

**Славица Димова** **Претседател,**
**Валерија Ивановска**

**З А П И С Н И К**

Од дваесетиосмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27.04. 2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:20 минути.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Борис Панев, Игор Поповски, Александар Симонов и Ристе Андонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од дваесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.03. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за за отпочнување на активностите за ажурирање на проценета на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;

**Точка 4**

Предлог – Правилник за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење место за огласување односно за отстранување на обележје;

**Точка 5**

Предлог – Програма за јавни работи за 2023 година;

**Точка 6**

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2023 година;

**Точка 7**

Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за прв квартал од 01.01.2023 година до 31.03. 2023 година;

**Точка 8**

Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за прв квартал на Општина Свети Николе;

**Точка 9**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 31.03. 2023 година;

**Точка 10**

Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 31.03. 2023 година;

**Точка 11**

Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за 2022 година;

**Точка 12**

Барање финансиска помош од лицето М.И.

**Точка 13**

Барање финансиска помош од лицето В.К.

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Пред да се усвои дневниот ред претседателката на Советот ги запозна советниците дека пред започнувањето на седницата достасвено е Барање за финансиска помо од ГМД „Свети Николај„ Свети Николе поради учество на Интернационален фестивал Venice Mandolin Festival од 3 до 6 Мај 2023 година.

Претседателката го стави барањето на гласање и советниците со 15 гласа за го прифатија.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави надополнетиот Дневен ред на гласање, советниците со 15 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од дваесетиседмата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.03. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 15 гласа ЗА го усвоија записникот од дваесетиседматаа редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за за отпочнување на активностите за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за за отпочнување на активностите за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности.**

**Точка 4**

**Предлог – Правилник за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење место за огласување односно за отстранување на обележје;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева откако ги извести своетниците дека за Точка 4 има поднесено три амандмани од советникот од Левица - Александар Симонов побара 15 минути пауза за да се разгледаат на Комисијата за комунални работи и сообраќај.

Советникот од советничката група на ДСМ и коалицијата – Игор Поповски укажа на тоа дека на седницата потребно е да присуствува и Градоначалникот за да се изјасни по амандманите и да ги образложи одлуките кој се поднесени на седницата.

По 15 минути пауза Советот продолжи со работа.

**Амандман бр. 1**

Претседсателкат на Советот – Валерија Ивановска го прочита Амандман 0804-1 од 27.04. 2023 година подносител советникот Александар Симонов кој гласи:

Во „Правилник за утврдување на наедомстоци во постапката за издавање одобрение за користење на место за огалсување односно за отстранување на обележје„ во Член 2 став 2.2 Реклами на столбови за улично осветлувањсе износот 1.500,00 денари годишно – се менува на износ од 4.000,000 денари годишно.

Заменик Градоначалникот – советникот Кристијан Кузелов се изјасни дека Амандманот не се прифаќа.

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да не го усвои предложениот Амандман како што е предложен.

Советникот Александар Симонов ги образложи поднесените Амандмани, односно советникот истакна дека Општината се финасира од таксите кој ги наплаќа и има право да остварува одреден профит од истите. Укажа на тоа дека во последните три години општината нема остварено приход од овие реклами односно истата е во загуба бидејки неколку години одредена компанија се рекламира за многу ниска цена односно и ова предложено зголемувањсе е премало, но барем да се почне од некаде и да се надомести штетата која е направена изминатите години во врска рекламите.

Советникот од советничката групоа на ВМРО ДПМНЕ – Кристијан Кузелов појасни дека ценовникот кој е предложен од надлежната служба е во координација со околните општини кој се доста поголеми од нашата општина. Нашите Паноа за реклами се мали, цените се прифатливи и се очекува поголема заинтересираност од фимите во нашата општина.

Советникот Симонов уште еднаш укажа на загубата на општината од ненаплаќање соодветна цена во изминатите години за користење Билборди за рекламирање од страна на фирмите.и дека Билбордите се дадени на користење без да се распише тендер.

Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев образложи дека десет до петнаесет години не се користени местата за рекламирање и дека одредена Компанија уредно си поднела барање за користење и дека уредно си платила нмадоместок за користење. Бидејки интересот за рекламирање е зголемен, па од тие причини се изготвил

и се разгледува овој Правилник.Овие места не е задолжително да се издаваат со распишување на тендер бидејки рекламните паноа се многу мали.

Советникот Симонов праша на кој основ е извршена наплатата за корситење на реклама од страна на одредена компанија за претходната година?.

Секретарот одговори дека наплаќањето е извршено врз основа на договор од 2021 година, бидејки немало други интересенти.

Претседателката го стави амандманот на гласање, и со 1 глас ЗА, 8 гласа ПРОТИВ и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ Амандманот не се прифати.

**Амандман бр. 2**

Претседсателкат на Советот – Валерија Ивановска го прочита Амандман 0804-2 од 27.04. 2023 година подносител советникот Александар Симонов кој гласи:

Во „Правилник за утврдување на наедомстоци во постапката за издавање одобрение за користење на место за огалсување односно за отстранување на обележје„ во Член 2 став 2.3 Доколку рекламната табла се користи од ист субјект за рекламирање од двете страни се плаќа дополнителен надоместок во висина од 20% од цената утврдена во член 2 став 1 точка 2 – дополнителен надоместок се менува во висина од 50%.

Заменик Градоначалникот – советникот Кристијан Кузелов се изјасни дека Амандманот не се прифаќа.

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да не го усвои предложениот Амандман како што е предложен.

Претседателката го стави амандманот на гласање, и со 1 глас ЗА, 8 гласа ПРОТИВ и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ Амандманот не се прифати.

**Амандман бр. 3**

Претседсателкат на Советот – Валерија Ивановска го прочита Амандман 0804-3 од 27.04. 2023 година подносител советникот Александар Симонов кој гласи:

Во „Правилник за утврдување на наедомстоци во постапката за издавање одобрение за користење на место за огалсување односно за отстранување на обележје„ во Член 2 став 4 - надомест во висина од 1.000,00 ден./ком – се менува и гласи надомест во висина од 3.000,00ден./ком.

Заменик Градоначалникот – советникот Кристијан Кузелов се изјасни дека Амандманот не се прифаќа.

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да не го усвои предложениот Амандман како што е предложен.

Претседателката го стави амандманот на гласање, и со 2 гласа ЗА, 8 гласа ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ Амандманот не се прифати.

Потоа Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Правилникот на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Правилник за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење место за огласување односно за отстранување на обележје.**

**Точка 5**

**Предлог – Програма за јавни работи за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот од политичката партија на Левица – Александар Симонов повторно како и претходната година укажа на тоа дека лицата кој ќе бидат ангажирани во период за работа од 5 месеци ќе работат полно работно време, а ќе добиваат личен доход помалку од минималната плата која е предвидена. Воедно укажа дека општината нема Програма за развојни приоритети, а претходната е до 2022 година.

Стручната служба од Општина Свети Николе – Светлана Михаиловска образложи дека Програмата се донесува секоја година, Стратегијата за ЛЕР е донесена и од тие причини нема никаква пречка да се реализира овој проект за ангажирање на 10 лица но ниско образование.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Програмата на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за јавни работи за 2023 година.**

**Точка 6**

**Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот Александар Симонов истакна дека на контото 717132 има приход од 65.600 денари, односно дека тоа е многу мала сума, односно образложи дека меѓу општината и корисниците на паноата нема склучен договор и дека има само одобрение кое важи за 2021 година.

Секретарот кратко истакна дека компанијата има платено за користење на паноа за 2022 година.

Советникот Игор Поповски констатира дека Градоначалникот има потрошено 200.000 денари за репрезентација по локали, во споредба од изминатите квартали кога трошел значително помалку. Побара да му се даде образложение од каде волкава сума за репрезентација. Во продолжение побара од стручната служба Кварталните извештаи и извештајот за финансиското работење на Општината да бидат во еден документ. Праша

од каде толкава фрапантна разлика во однос на каматите кој ги плаќа општината по кредите земени од светска банка.

Раководителот на Одделението за финансии и буџет – Сузана Нушева одговори на прашањата на советникот Поповски и одговори дека репрезенатцијата е околу 197.000 денари, односно тоа се трошоци за празникот Тодорица. Во врска каматите за вториот кредит одговори дека сега се плаќа камата на искористениот дел од кредитот и од тие причини е поголема.

Советникот Игор Поповски уште еднаш хронолошки ги наброја потрошените средства за репрезентација и констатира дека се високи.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2023 година.**

**Точка 7**

**Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за прв квартал од 01.01.2023 година до 31.03. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Кварталниот Извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за прв квартал од 01.01.2023 година до 31.03. 2023 година.**

**Точка 8**

**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за прв квартал на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Маја Давкова праша кој го подигнал кредитот и кога? Бидејки за истиот се плаќаат големи камати.

Сузана Нушева одговори дека кредитот е подигнат од претходниот Градоначалник, а реализацијата е во мандатот на актуелниот Градоначалник.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Кварталниот Извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за прв квартал на Општина Свети Николе.**

**Точка 9**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 31.03. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот Поповски кратко и реплицираше на колешката Маја и објасни дека каматата се плаќа откако ќе се земе кредитот, едниот Градоначалник аплицирал, другиот плаќа камата, а третиот ќе го враќа. Советникот праша дали има оправдување овој кредит и дали ние може да ги планираме нашите средства?

Советничката Давкова кратко дискутираше и констатира дека постојано некој од градоначалниците прават финансиски трошоци врз грбот на граѓаните.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Кварталниот Извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 31.03. 2023 година.**

**Точка 10**

**Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 31.03. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот Игор Поповски побара одговор кога се врши наплатата на таксата за гробно место, со кој датум се фактурираат односно кога плаќаат граѓаните дали пред добиена фактура, дали по добиена фактура и сл. Праша каков е правниот третман и кои механизми се превземаат за наплаќање на таксата?

Раководителот на фанинасиите во претпријатието одговори дека фактурите се изработуваат при крајот на месецот, белешките се носат на почетокот на следниот месец, процентот на наплатата е направен на средината на месецот. Има мало покачување во однос на минатата година за наплаќање на таксата за гробарина. Во врска наплатата одговори дека граѓаните се опоменуваат, но не се утужуваат.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 31.03. 2023 година.**

**Точка 11**

**Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за 2022 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов укажа на тоа дека Информацијата е доставена многу со задоцнување и при тоа направи рекапитуалција на Информацијата. Воедно апелираше да се назначи командир на ПС Свети Николе. Во продолжение направи компарација на податоците во предложената Информација и Информацијата од претходната година каде констатира зголемен број на самоубиства, зголемен број на расветлување на криминалот, зголемување на семејното насилство, превземени мерки за непрописното паркирање и запирање во градот, ниска бројка на лица кој вршат трговија со дрога и сл. На крајот советникот од името на граѓаните побара поголемо присуство на полициски лица во руралните места.

Советникот Александар Симонов истакна дека има неколку прашања, но истите не може да ги постави бидејки нема претставник од ПС Свети Николе.

Во продолжение наведе неколку прашања, но за жал немаше кој да му одговори.

Баш од наведените прашања и немањето одговор на истите, советникот Кузелов го поддржа колегата Симонов со надеж дека за следниот Извештај ќе има назначено лице коеј ќе одговори на поставените прашања.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за 2022 година.**

**Точка 12**

**Барање финансиска помош од лицето М.И.**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА усвои **Барање финансиска помош од лицето М.И.**

**Точка 13**

**Барање финансиска помош од лицето В.К.**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА усвои **Барање финансиска помош од лицето В.К.**

**Точка 14**

**Барање финансиска помош од МГД „Свдети Николај„ Свети Николе;**

Претседателката го образложи и прочита барањето бидејки истото било поднесено 10 минути пред започнувањето на седицата. Имено Барањето е за финансиска помош од ГМД „Свети Николај„ Свети Николе поради учество на Интернационален фестивал Venice Mandolin Festival од 3 до 6 Мај 2023 година. Воедно

претседателката во координација со Одделението за финансии и буџет предложи на Мандолинското друштво финансиски да се поддржи со 20.000,00денари.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА усвои **Барање финансиска помош од МГД „Свдети Николај„ Свети Николе.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори дваесетиосмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 16:15 часот.

Општина Свети Николе 27. 04. 2023 година.

**Записничар** **Совет на Општина Свети Николе**

**Славица Димова** **Претседател,**

**Валерија Ивановска**

**З А П И С Н И К**

Од дваесетидеветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.05.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:00 минути.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Борис Панев, Игор Поповски, Александар Симонов и Ристе Андонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од дваесетиосмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27.04. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за група на класа на намена Е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) к.п.665, к.п.666, к.п.669 к.п.670 к.п.671 к.п. 672 со моќност до 10 MW КО Пеширово Општина Свети Николе,донесен со Потврда за Одобрување на Урбанистички проект бр.1002-18/10 од 06.03.2023 год тех.бр.23/23;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2021-2026 год.;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 5**
Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;

**Точка 6**
Извештај за работењето на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 31.03. 2023 година;

**Точка 7**
Предлог – листа на кандидати за избор на командир на ПС Свети Николе;

**Точка 8**
Барање од МЗ с. Амзабегово;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 15 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од дваесетиосмата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27.04. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 15 гласа ЗА го усвоија записникот од дваесетиосмата редовна седница.

**Точка 1**
**Предлог – Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев побара кратко образложение од службите односно дали со ова Одлука ќе е донесе одлука за зголемување на платата на Градоначалникот за 78% и каков е коментарот на Градоначалникот.

Раководителот на Одделението за финансии буџет – Сузана Нушева појасни дека ова е законска Одлука каде на сите именувани лица им се зголемува платата за 78%.

Градоначалникот образложи дека Општина Свети Николе е последна Општина во државата каде ќе се донесе ваква Одлука, дека ова е законска обврска и дека не е по негово барање.

Советникот Игор Јованчев реплицираше на Градоначалникот и се изјасни дека очекувал од Градоначалниците да побараат да се поништи ваквата законска одлука или во краен случај зголемувањето на платите на Градоначалниците да се донираат во доброволни цели.

Градоначалникот на репликата од советникот Јованчев одговори дека ваквата иницијатива за покачување на платите на именувание лица потекнува од Владеачката партија во државата, а донирањето на дел од платата е негова лична работа и дека тоа го прави, но не јавно по медиуми.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски откако ја констатира висината на платата на Градоначалникот, воедно посочи дека е покачена цената за откуп на цената на земјиштетоо, цената на водата и сл. Во продолжение констатира дека владеачката партија е одговорна за ова покачување на именуваните лица, но дека и опозицијата постапила лицемерно и не поднела ниеден амандман и на крајот сите заедно добиле покачување од 78%.

Советникот од политичката партија Левица – Александар Симоновски констатира дека одлуката е конечна бидејки е донесена од Уставен суд, но барања се поднесени за промена на овие ставки, за донесената Одлука, но за жал и дека истите барања не се процесуирани од Талат Џафери и.т.н. На крајот додадде дека не треба да се ставаат сите партии во исти кош за ова барање.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА , 2 ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за група на класа на намена Е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) к.п.665, к.п.666, к.п.669 к.п.670 к.п.671 к.п. 672 со моќност до 10 MW КО Пеширово Општина Свети Николе,донесен со Потврда за Одобрување на Урбанистички проект бр.1002-18/10 од 06.03.2023 год тех.бр.23/23;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за планирање, уредување на просторот и заштита на животанта средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за донесување на Техничка исправка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за група на класа на намена Е-инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани(фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) к.п.665, к.п.666, к.п.669 к.п.670 к.п.671 к.п. 672 со моќност до 10 MW КО Пеширово Општина Свети Николе,донесен со Потврда за Одобрување на Урбанистички проект бр.1002-18/10 од 06.03.2023 год тех.бр.23/23.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2021-2026 год.;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за планирање, уредување на просторот и заштита на животанта средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот односно Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата при Советот на Општина Свети Николе, од Седницата оддржана на 30.05.2023 година, со 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, не изгради конкретен став и предлага Советот да одлучи по сопствено убедување за донесување на **Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2021- 2026 година**.

Раководителот на Одделението за урбанизам – Дарко Јованов појасни дека има измена во делот Б1 во Новиот грдски парк, со сегашната согласност е предивдена градба Б+1, со УП инвеститорот е обврзан да гради према Правилникот за урбанистичко планирање каде максимална габаритна градба треба да има 200м$^2$, на лице место има четири објекти и не може да се групираат бидејки ја надминуваат квадратурата.

Советникот од политичката партија Левица – Александар Симонов истакна дека по средбите и контактите со граѓаните и дел од советниците од претходниот состав дошол до сознание дека дел од советниците кој го изгласале ДУП во времето на Зоран Тасев биле изманипулирани бидејки им било кажано дека инвеститорот ќе изгради Градски базен. Во продолжение од името на граѓаните праша дали на инвеститорот ќе му се дозволи да гради зграда, и воочи дека очекува за оваа одлука да не се зборува многу, да помине тивко и неприметно за да му се дозволи на инвеститорот да продолжи со градење.

Во врска Одлуката во продолжение посочи неколку работи во врска водените кампањи за избор на Градоначалник и нивните изјави зо врска Новиот градски парк, за уредувањето на Новиот градски парк и.т.н. Советникот Симонов упати повик до советниците да не ја гласаат одлуката и да не му овозможат на инвеститорот да гради. На крајот побара советниците по оваа точка да гласаат поединечно.

Советникот Игор Поповски укажа на тоа дека инвеститорот бара катност од еден кат врз основа на Генералниот План. ДУП значи усогласување со Генералниот План, а не градење на објекти. Во продолжение истакна дека во новиот парк има 2.200 $м^2$ за градење, но инвеститорот гради на многу помалку квадрати и потсети дека инвеститорот има право на градба уште кога општината му го продала градежното земјиште. На крајот заклучи дека правно издржано инвеститорот има право на градба бидејки го купил земјиштето од општината и платил и има право на катност, а воедно со ДУП ќе се легализира и Црквата Света Лидија.

Советникот Александар Симонов имаше контрареплика и истакна дека инвеститорот прави узорпација на зелена површина и сака да продолжи да прави, односно проблемот е што е во градскиот парк, а не зошто гради.

Советникот Поповски беше дециден и истакна дека популарно ние го викаме парк, односно инвеститорот си го купил земјиштето и тој опфат е плански градежен опфат.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев побара од советниците јасно да го кажат својот став и да дадат свое мислење за Одлуката, бидејки советниците се тука да ги штитат интересите на граѓаните, но да им дадат и подршка на инвеститорите за развој на градот. Му реплицираше на советникот Симонов и му појасни дека на тогашните советници многу јасно им било за што се работи и што ќе се гради и иако тој како опозиција во советот предложил да се продаваат парцелите поединечно, но за жал двете парцели се споиле во едно и се продале на еден инвеститор, а воедно му ги намалиле и комуналиите.

Во продолжение на советникот Александар и на останатите советници хронолошки ја појасни постапката во врска градбата во Новиот парк, бидејки советникот Јованчев бил советник во претходните состави на Советот на Општина Свети Николе и бил дел од донесувањето или не донесувањето на Одлуките во врска ова сега веќе проблематика.

Советникот Јованчев побара советниците да ја согледаат фактичката ситуација и побара од раководителот да ја појасни моменталната ситуација и како е најдобро натаму да се продолжи со оваа проблематика која трае неколку години.

Претседателката на Советот Валерија Ивановска даде 15 минути пауза.

Раководителот на Одделението за урбанизам – Дарко Јованчев јасно се изјасни дека дополнителна узурпација со овој УП во Новиот парк не е можна. Тоа е можно дококу во ГУП е предвидена доградба, па потоа нов ДУП па тогаш е можно доформување. Сега е можно во самата парцела може да има интервенција на градби, но

и тука не може да се променат коефициентите на искористеност и процентот на изграденост. Дооформување не е можно.

Советниците пристапија кон поедимено гласање:

Александар Симонов - ПРОТИВ
Ристе Андонов – ВОЗДРЖАН
Игор Поповски - ЗА
Саша Мицевска - ЗА
Борис Панев - ЗА
Елизабета Јованчева - ЗА
Игор Јованчев – ЗА
Маја Давкова - ВОЗДРЖАНА
Миле Костов - ВОЗДРЖАН
Владимир Тосев - ВОЗДРЖАН
Душица Митева - ВОЗДРЖАНА
Фросина Ѓорѓиева - ВОЗДРЖАНА
Крситијан Кузелов - ВОЗДРЖАН
Горан Трајковски - ВОЗДРЖАН
Валерија Ивановска - ВОЗДРЖАНА

Претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 1 глас ПРОТИВ, 9 гласа ВОЗДРЖАНИ и 5 гласа ЗА, НЕ донесе **Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3, КО Свети Николе, Општина Свети Николе, за плански период 2021-2026 год.**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за планирање, уредување на просторот и заштита на животна средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата, односно Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата при Советот на Општина Свети Николе, од Седницата оддржана на 30.05.2023 година, со 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, не изгради конкретен став и предлага Советот да одлучи по сопствено убедување за доснесување на Одлуката.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 5**

**Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Процената на гласање и советот со 15 гласа ЗА е усвоена **Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности.**

**Точка 6**

**Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 31.03. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Потоа Претседателот на Комисија за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев уште еднаш истакна дека 100% покачување на сметките на граѓаните не е оправдано и поткрепено со агрументи во Извештајот. Јасно се гледа дека трошоците на претпријатеито се зголемени за 30%, а расходите се помали. Советникот побара да се врати старата цена на водата и покачувањето да биде реално според приходите и расходите на претпријатието.

Директорот на ЈКП „Комунлаец„ - Зоран Јорданов одговори дека покачувањето е поради обврските од претходните години бидејки претпријатието е должно кон многу доверители.

Советникот Јованчев истакна дека претпријатието е должно наназад 30 години, но граѓаните не треба да го раздолжуваат. Кога веќе се качува цената треба да се подобри и услугата.

Директорот Јорданов потсети на застарената опрема односно механизација во претприајтеито и ги повика граѓаните да не фрлаат градежен шут во контејнерите.

Советникот Игор Поповски кратко дискутираше и посочи неколку непрфесионални и неквалитетни активности од претпријатието, односно не изнесување смет навремено, не косење навремено трева на јавни површини, не асфалтирани дуки со асфалт при ископ на водоводни или канализациони дупки и сл.

Високата сметка носи и високи и професионални услуги.

Директорот на ЈКП „Комуналец„ кратко се изјасни дека тендерите за крпење дупки се преку Општината и дека дождот не дозволува да се работи на терен.

Советникот Поповски на крај го потенцира потегот на излезот од Куманово кој не е среден, не е искосен и сл. Повика на поголема ангажираност од страна на ЈКП „Комуналец„.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 8 гласа ЗА, 5 против и 2 ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 31.03. 2023 година.**

**Точка 7**

**Предлог – листа на кандидати за избор на командир на ПС Свети Николе;**

Откако претседателката на Советот – Валерија Ивановска им предочи на советниците дека ја имаат добиено листата на предлог кандидати за командир на ПС Свети Николе потпишана од Министерот за внатрешни работи и ги прочита предлог кандидатите ги повика советниците на гласање за секој кандидат посебно.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

1.Игор Златановски од с.Лозово со завршено високо образование и 27 години работно искуство во ПС;

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлогот на гласање и советот гласаше: 6 гласа ЗА и 9 ВОЗДРЖАНИ

2. Влатко Наумов од Штип со завршено високо обрззование и 22 години работно искуство во ПС

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлогот на гласање и советот гласаше: 1 гласа ЗА 1 ПРОТИВ и 13 ВОЗДРЖАНИ

3. Столе Алексов од Кочани со завршено високо обрзование и 7 години работно искуство во ПС

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлогот на гласање и советот гласаше: 1 глас ЗА 1 ПРОТИВ и 13 ВОЗДРЖАНИ

Врз основа на поединечното гласање се констатира дека ни еден од предложените кандидати не доби мнозинска доверба и не се избра командир на ПС Свети Николе.

**Точка 8**

**Барање од МЗ с. Амзабегово;**

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА го усвои.

**Советнички прапшања**

Советникот од советничката партија Левица постави едно советничко прашање, имено праша зошто Стратегијата за ЛЕР не ја изработува Одделението за ЛЕР, бидејки во својата работа има два клучни документа за работа, а тоа е Годишната Програма и Стратегија за ЛЕР. Врз основа на јавна набавка за оваа стратегија се потрошени 170.000 денари и истата стратегија ќе ја изработува фирма од општина Карпош.

Градоначалникот одговори дека советникот одговорот ќе го добие во писмена форма.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори дваесетидеветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 16:15 часот.

Општина Свети Николе 31. 05.  2023 година.

**Записничар** | **Совет на Општина Свети Николе**

**Славица Димова**
________________

**Претседател,**
**Валерија Ивановска**
______________________

**З А П И С Н И К**

Од триесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 16.06.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:10 минути.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 14 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Александар Симонов и Ристе Андонов.

Советникот Борис Панев го најави своето задоцнување.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од дваесетидеветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.05. 2023 година;

**Точка 1**

Годишен план за вработување на ОУ ,,Народен Музеј,, Свети Николе за 2024 година;

**Точка 2**

Годишен план за вработување на ОУ Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2024 година;

**Точка 3**

Годишен план за вработување на ООУ ,,Даме Груев,, с. Ерџелија – Свети Николе за 2024 година;

**Точка 4**

Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе;

**Точка 5**

Годишен План за вработување за 2024 година на Општина Свети Николе;

**Точка 6**

Измена на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Гоце и Делчев„ Свети Николе;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија Свети Николе;

**Точка 10**

Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ОУ „Народен Музеј„ Свети Николе;

**Точка 11**

Предлог – Одлука за примање донација од Видеолотарија на Македонија;

**Точка 12**

Предлог – Одлука за резервирање на средства за експропријација
во Буџетот на општина Свети Николе;

**Точка 13**

Предлог – Одлука за давање на согласност за поставување на објект (соблекувални) на Градски стадион Свети Николе

**Точка 14**

Предлог – Одлука за доделување на финансиска помош за елементарна непогода-поплави во Општина Делчево

**Точка 15**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година;

**Точка 16**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2023 година;

**Точка 17**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2023 година;

**Точка 18**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2023 година;

**Точка 19**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита во 2023 година;

**Точка 20**

Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 14 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од дваесетидеветтата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.05. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 14 гласа ЗА го усвоија записникот од дваесетидеветтата редовна седница.

**Точка 1**

**Годишен план за вработување на ОУ „Народен Музеј„ Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Годишен план за вработување на ОУ „Народен Музеј„ Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 2**

**Годишен план за вработување на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 9 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен план за вработување на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 3**

**Годишен план за вработување на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија – Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката од советничката партија на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска укажа на тоа дека Годишниот план со години наназад е ист, односно се бара согласност за четири нови работни места кој не се неопходни во училиштето односно работните задачи може да ги извршуваат вработените во училиштето бидејки во изминатите години секако им се зголемени личните приходи. Советничката констатира дека иако во училиштето нема предвидени пензионирања, се бараат согласности за вработување и укажа на дополнително оптоварување на буџетот. Во продолжение надополни дека ова се измислени непотребни работни места со кој се вработува партиска војска, а неме и не се предвидуваат капитални инвестиции во училиштето. Советничката апелираше до персоналот на училиштето малку повеќе да се посветат на квалитетот на наставниот процес и да не дозволат учениците да останат неписмени и да не го повторуваат одделението.

Претседателката на советот Валерија Ивановска имаше забелешка кон советничката Мицевска во однос на името на партијата ВМРО ДПМНЕ и ја потсети да го кажува и почитува целосното име на партијата.

Директорката на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија – Драгица Јованова истакна дека училиштето има реална потреба од четирите нови вработувања. Во продолжение даде образложение зошто се потребни овие нови вработувања. Во врска описменувањето на учениците директорката истакна дека структурата на населението не е како во градот и дека учениците доаѓаат од друга социјална средина каде родителите не ги испраќаат редовно на училиште.

Советничката Мицевска уште еднаш дообјасни дека сите ние сме деца на ВМРО и дека ДПМНЕ не треба да го употребува пред името на партијата односно пред ДПМНЕ. Воедно советничката Мицевска укажа на тоа дека и до сега училиштето функционирало без четирите предвидени нови вработувања и дека вработените работните задачи ги извршувале навремено.

Советничката од советничката група на ВМАРО ДПМНЕ – Маја Давкова која е вработена во ООУ „Даме Груев„ побара збор и ги истакна бројните награди на учениците освоени на регионално и државно ниво и предложи на советничката Саша Мицевска да се направи промена на наставниот кадар односно да се ротираат наставниците град – село како би можело учениците да се описменат.

Советничката Саша Мицевска ја повика директорката да поведе сметка за наставниот кадар и да види кој колку работи, дали одржува дополнителни часови, колку се описменуваат децата и да се запраша зошто оваа година има 14 повторувани ученици во ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија.

Директорката на училиштето кое е предмет на расправа дообјасни дека ненајавено влегува на часови, дека изрекува педагошки мерки, но дека реалниот проблем е учениците што не ја посетуваат редовно наставата. На крајот повика да дојдат наставници од градската средина и да го поправат успехот во училиштето.

За збор се јави советникот од советничката партија на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов кој изрази зачудување во врска советничката Саша Мицевска и нејзиното по него саркастично споменување на името ВМРО ДПМНЕ. Запраша дали сега се вработуваат само партиски војски или тоа е пракса од минатите години.

Советникот кој е од редовите на советниците на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски им укажа на советниците дека треба да дискутираат по точките на дневен ред

Советникот Борис Панев го пријави своето присуство.

Советничката Маја Давкова се изема од гласање.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ усвои **Годишен план за вработување на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија – Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 4**

**Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничките Валерија Ивановска и Саша Мицевска се126 иземаа од галсање бидејки се вработени во основното училиште кое е тема на расправа.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 8 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе.**

**Точка 5**

**Годишен План за вработување за 2024 година на Општина Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ усвои **Годишен План за вработување за 2024 година на Општина Свети Николе.**

**Точка 6**

**Измена на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Гоце и Делчев„ Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката Фросина Ѓорѓиева се изема од гласање бидејки е вработена во училиштето кое е тема на расрпава на Дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Измената на Годишниот план на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Измена на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Гоце и Делчев„ Свети Николе.**

**Точка 7**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничките Валерија Ивановска и Сша Мицевска се иземаа од галсање бидејки се вработени во основното училиште кое е тема на расправа.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 12 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе.**

**Точка 8**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката Фросина Ѓорѓиева се изема од гласање бидејки е вработен во основното училиште кое е тема на расправа.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе.**

**Точка 9**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката Маја Давкоца се изема од гласање бидејки е вработен во основното училиште кое е тема на расправа.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија Свети Николе.**

**Точка 10**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ОУ „Народен Музеј„ Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот од политичката партија Левица – Александар Симонов се изјасни дека нема ништо против проширувањата на ингеренциите во Музејот , но ќе гласа по точката против бидејки на името се додава придавката Северна.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ донесе **Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статут на ОУ „Народен Музеј„ Свети Николе.**

**Точка 11**

**Предлог – Одлука за примање донација од Видеолотарија на Македонија;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за примање донација од Видеолотарија на Македонија.**

**Точка 12**

**Предлог – Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе.**

**Точка 13**

**Предлог – Одлука за давање на согласност за поставување на објект (соблекувални) на Градски стадион Свети Николе;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Секретарот на Општина Свети Николе образложи дека согласноста на Одлуката ќе важи од донесувањето на ДУП за тој потег, бидејќи објектот е од траен карактер и ќе се постави со одобрение за градење. Секретарот понатаму дообјасни дека за да се добие донацијата и да им се удоволи на донаторите денес се донесува оваа Одлука.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев побара дообјаснување и праша дали тој објект не може да се постави пред да се донесе Деталниот Урбанистички План, зошто се донесува оваа Одлука кога во ДУП има уцртано маркица за соблекувални?

Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев појасни дека тоа ќе биде модерна соблекувална, која ќе се постави на маркицата за соблекувални откако ќе се донее ДУПот.

Советникот Јованчев уште еднаш потенцира дека забелешката е во врска Одлуката која нема да има никаква важност бидејки истата ќе се почитува кога ќе се донесе ДУП, но поради интерес на граѓаните ќе ја поддржи одлуката.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за давање на согласност за поставување на објект (соблекувални) на Градски стадион Свети Николе.**

**Точка 14**

**Предлог – Одлука за доделување на финансиска помош за елементарна непогода-поплави во Општина Делчево;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за доделување на финансиска помош за елементарна непогода-поплави во Општина Делчево.**

**Точка 15**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година;**

`Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година.**

**Точка 16**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2023 година.**

**Точка 17**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2023 година.**

**Точка 18**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 18 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2023 година.**

**Точка 19**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 19 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита во 2023 година.**

**Точка 20**

**Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 20 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Измената и дополнувањето на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 15:35 часот.

Општина Свети Николе 16. 06. 2023 година.

**Записничар** **Совет на Општина Свети Николе**

**Славица Димова**

_______________

**Претседател,**

**Валерија Ивановска**

______________________

**З А П И С Н И К**

Од триесетипрвата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 06.07.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:00 минути.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Александар Симонов и Ристе Андонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Дневен ред**

**Точка 1**

Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за давање согласност за објавување на јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание за млади;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за примање на донација

**Точка 4**

Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Свети Николе;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за усвојување Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Свети Николе;

**Точка 6**

Годишен извештај за работата на ООУ„ Даме Груев „ с. Ерџелија во учебната 2022/2023 година;

**Точка 7**

Годишен извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев„ Свети Николе во учебната 2022/2023 година;

**Точка 8**

Годишен извештај за работата на ООУ„ Свети Кирил и Методиј„ Свети Николе во учебната 2022/2023 година;

**Точка 9**

Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Горан Трајков;

**Точка 10**

Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Борка Величкова;

**Точка 11**

Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Елена Тимова;

**Точка 12**

Годишен план за вработување за 2024 година на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе;

**Точка 13**

Барање финансиска поддршка за светска олимпијада;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 15 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од триесеттата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 16.06. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 15 гласа ЗА го усвоија записникот од  триесеттата  редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов побара образложение по однос на првата точка.

Раководителот на Одделението за урбанизам – Дарко Јованов накратко појасни дека се работи по иницијатива за да се изгради пензионерски дом , кај УП втор дел се работи за стовариштето кај Тарзан односно сопствениците бараат да го купат дворното место кое го користат. Понатаму продолжи и појасни дека на Горобински пат приватно лице бара доофомувaње на парцела и на крајот заврши со образложение дека Општина Свети Николе бара одобрение за градба и УП за тој дел бидејки Министерството за земјоделие најавува финансирање на резервоари.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за давање согласност за објавување на јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание за млади;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Раководителот на Одделението за ЛЕР – Ивица Арсов упати апел до сите млади организации кој работат или се регистрирани на територија на општина Свети Николе да предложат свои кандидати за да се формира Локално собрание за млади.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за давање согласност за објавување на јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание за млади.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за примање на донација**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски и праша општината дали го користи Законот за спонзорство и донација и дали се ослободуваат даночно донаторите?

Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев образложи дека општината добива како донација играчки како предмети, а дали донаторот ќе се води по Законот за ослободување од данок е негов избор.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за примање на донација.**

**Точка 4**

**Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски мегу другото укажа дека на Иницијативата треба да стои и кој ја поднесува. Во продолжение зборуваше за тоа што треба да содржи Локалниот еколошки акционен, план, за целите, издржаноста, задачите и сл. односно како е односот на одговрните за реализирање на овој План односно на Општина Свети Николе и ЈКП ,,Комуналец,,.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Иницијативата на гласање и советот со 15 гласа ЗА усвои **Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Свети Николе.**

**Точка 5**

**Предлог – Одлука за усвојување Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 15 гласа ЗА донесе **Одлука за усвојување Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Свети Николе.**

**Точка 6**

**Годишен извештај за работата на ООУ,, Даме Груев ,, с. Ерџелија во учебната 2022/2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката Маја Давкова се иззема од гласањето бидејки е вработена во ООУ ,,Даме Груев,, с. Ерџелија.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Годишниот Извештај на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен извештај за работата на ООУ,, Даме Груев ,, с. Ерџелија во учебната 2022/2023 година.**

**Точка 7**

**Годишен извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев„ Свети Николе во учебната 2022/2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката ФросинаЃорѓиева се иззема од гласањето бидејки е вработена во ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Годишниот Извештај на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен извештај за работата на ООУ„ Гоце Делчев„ Свети Николе во учебната 2022/2023 година.**

**Точка 8**

**Годишен извештај за работата на ООУ„ Свети Кирил и Методиј„ Свети Николе во учебната 2022/2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничките Валерија Ивановска и Саша Мицевска се изземаа од гласањето бидејки се вработени во ООУ „Свети Кирил и Методиј„ Свети Николе.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Годишниот Извештај на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен извештај за работата на ООУ„ Кирил и Методиј„ Свети Николе во учебната 2022/2023 година.**

**Точка 9**

**Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Горан Трајков;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за комунални дејности при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Горан Трајков.**

**Точка 10**

**Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Борка Величкова;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за комунални дејности при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН усвои **Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Борка Величкова.**

**Точка 11**

**Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Елена Тимова;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за комунални дејности при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот Кристијан Кузелов образложи зошто гласа воздржан по овие точки, имено во 2012 година има групно ослободување на барателите, односно советникот истакна дека за легално изградени објекти треба да има електрична енергија. На ваков начин нема да се соберат средства и никогаш нема да се постави улучно осветлување.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Барање за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување од лицето Елена Тимова.**

**Точка 12**

**Годишен план за вработување за 2024 година на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Годишниот план на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ усвои **Годишен план за вработување за 2024 година на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе.**

**Точка 13**

**Барање финансиска поддршка за светска олимпијада;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА усвои **Барање финансиска поддршка за светска олимпијада.**

**Советнички прашања**

Советникот од политичката партија Левица констатира дека на мостот на ул.„Вељко Влахович„ има поставено знамиња на странски држави. Праша зошто се истакнати знамиња на странски држави повеќе од шест месеци во градот иако локалната самоуправа нема никаква ингеренција за ова и локалната самоуправа може да ги истакне само во присуство на странска делегација?

Градоначалникот одговори дека откако ќе ја провери информацијата написмено ќе му одговори на советникот.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесетипрвата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 15:30 часот.

Општина Свети Николе 06. 07. 2023 година.

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **Славица Димова** | **Претседател,** |
| _______________ | **Валерија Ивановска** |
| | ______________________ |

**З А П И С Н И К**

Од триесетитретата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 24.08.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:00 минути.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Александар Симонов и Ристе Андонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Дневен ред**

**Точка 1**

Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Проектот: „"Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2" кофинансиран од Шведска, Биро за Регионален развој (БРР) и Програмата за развој на Обединети Нации (УНДП);

**Точка 2**

Предлог - Одлука за утврдување на работно време на ЈОУДГ "Рахилка Гонева" - Свети Николе за учебната 2023/24 година;

**Точка 3**

Предлог - Одлука за согласност на групи со поголем број на деца, односно помал број на деца во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за воспитната 2023/2024 година;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе за воспитната 2023/2024 година;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка6**

Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија, Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 10**

Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе;

**Точка 11**

Годишен план за вработување за 2024 година на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 12**

Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 13**

Извештај за материјално - финансиско работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01.2023 година до 30.06. 2023 година;

**Точка 14**

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за вториот квартал за 2023 година;

**Точка 15**

Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за втор квартал од 01.01.2023 година до 30.06. 2023 година;

**Точка 16**

Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за втор  квартал на Општина Свети Николе;

**Точка 17**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 30.06. 2023 година;

**Точка 18**

Барање финансиска помош од лицето А.З.;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски побара како дополнителна точка да се стави Заклучок за доделување финансиска  помош на пензионери кој имаат пензија под 16.000,00денари. Својот предлог советникот го образложи во продолжение односно Градоначалникот да реши со која мерка ќе им се помогне на пензионерите.

Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев образложи дека дава поддршка на пензионерите во однос на актуелните барање кој деновиве се по медиумите и по закон и устав се знае дека Владата и Министерствата се надлежни за висината на пензиите, начинот на пресметка, начинот на исплата и сл. Општина Свети Николе веќе има изготвено Правилници по кој им се дава еднократна помош за лекување и сл. на пензионерите со мали пензии.

Советникот Поповски истана дека општината има надлежности и може да помогне преку Програмите за работа кој се дел од буџетот.

Претседателката на Советот го стави предлогот на совентикот Игор Поповски на гласање и советниците со 5 гласа ЗА, 7 ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ не го усвоија прелогот на советникот.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 13 гласа ЗА го усвоија и работеа по него.

Процедурално за збор се јави советникот Горан Трајковски и се изјасни дека за сите точки ќе гласа воздржано бидејки не му се доставени материјалите за седница во писмена форма.

Претседателката на советот го стави на усвојување записникот од триесетипрвата редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 06.07. 2023 година.

Отако немаше забелешки по записникот, советниците гласаа и со 14гласа ЗА го усвоија записникот од  триесетипрвата редовна седница.

За збор се јави советникот Игор Поповски и побара во записникот од триесетивтората седница да биде нотирано и неговото советничко прашање.

Претседателката на советот со забелешката од советникот Игор Поповски го стави на усвојување записникот од триесетивтората редовна седница на советот на Општина Свети Николе одржана на ден 14.07. 2023 година.

Отако немаше други забелешки по записникот, советниците гласаа и со 14 гласа ЗА го усвоија записникот од триесетивтората редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Проектот: „"Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2" кофинансиран од Шведска, Биро за Регионален развој (БРР) и Програмата за развој на Обединети Нации (УНДП);**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Градоначалникот кратко појасни дека општината има добиено гранд за изработка на проекти за фотопанели за општинските установи и со тоа ќе се заштети многу средства за електрична енергија и од тие причини општината се јавува како кофинансиер.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Проектот: „"Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2" кофинансиран од Шведска, Биро за Регионален развој (БРР) и Програмата за развој на Обединети Нации (УНДП).**

.

**Точка 2**

**Предлог - Одлука за утврдување на работно време на ЈОУДГ "Рахилка Гонева" - Свети Николе за учебната 2023/24 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за утврдување на работно време на ЈОУДГ "Рахилка Гонева" - Свети Николе за учебната 2023/24 година.**

**Точка 3**

**Предлог - Одлука за согласност на групи со поголем број на деца, односно помал број на деца во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за воспитната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за согласност на групи со поголем број на деца, односно помал број на деца во ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе за воспитната 2023/2024 година .**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе за воспитната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 13 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН донесе **Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе за воспитната 2023/2024 година.**

**Точка 5**

**Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Свети Кирил и Методиј" Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката од советничката група на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска пренесе апел од родителите на двете основни училишта односно ги пренесе барањата од родителите за формирање на паралелки со продолжен престој од прво до трето одделение. Праша дали се проблем финансиите за ангажирање лице за целодневен престој или да се ангажираат две лица со скратено работно време и дали е проблем просторот?

Директорката на ООУ ,,Свети Кирил и Методиј,, - Анета Ивановска појасни дека согласности се побарани од Министерството за ангажирање на лице за продолжен престој од прво до трето одделение, но до сега добиена е согласноста само за прво одделение. Откако ќе се добие согласноста за второ или трето одделение ќе се организираат хетерогени групи за да се прифатат децата и од второ и трето одделение.

Советничката од советничката група на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска ја поддржа директоркта во барањата со надеж дека ресорното министерство ќе одговори позитивно и ќе ги поддржи барањата на родителите. Уште еднаш праша дали се проблем финансиските средства кој се обебзедуваат од буџетот на општината.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 11 гласа ЗА и 2 глас ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 6**

**Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 7**

**Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 8**

**Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија, Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на**

**ученици во ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија, Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 9**

**Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев го констатира фактот дека оваа учебна година има помалку запишани ученици од минатата година и дека тоа не го оправдува барањето на паралелка за два ученика, додека законскиот минимум е 23 или 25 ученика. Праша како тоа се формираат комбинирани паралелки од различни насоки и како истите ќе функционираат?

Директорката на СОУ „Кочо Рацин„ - Жаклина Милошева во продолжение ја појасни целатата постапка при барањето на паралелки со помал број на ученици. Укажа на тоа дека овде не може да се дискутира за нешто за кое правилата ги донесува некој на повисоко ниво од училиштето. За да се променат нештата во средното бразование потребно е да се има стратегија и упатства од Министерството за образование – истакна директорката.

Советникот Јованчев заклучи дека кампањата за промоција на училиштето не била добра, нема сериозност во наставата, бидејки во второто полугодие учениците не посетуваат настава бидејки дел од наставниците и учениците се на ескурзии или настава преку Еразмус програмата.

Директорката одговори дека скори сите ученици се отидени на пракса односно посетено училишта во други држави и истите се здобиваат со искуства од образованието.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ донесе **Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година .**

**Точка 10**

**Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 7 гласа ЗА 1 глас ПРОТИВ и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ НЕ донесе **Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе.**

**Точка 11**

**Годишен план за вработување за 2024 година на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 4 глас ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН донесе **Годишен план за вработување за 2024 година на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе.**

**Точка 12**

**Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Комисијата за еднакви можности при советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓоргиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Советникот од советничката партија на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски укажа на измислената дефеницијa која е ставена во програмата и истата се коси со Уставот и Законот, односно се објаснува што е тоа маж, а што е тоа жена без да се води сметка за Законот за дикскриминација.

Градоначалникот одговори дека пиродата и науката се потрудиле да разграничат што е машко, а што е женско дете и по самото тоа нема дискриминација на никого.

Советникот Поповски му дообјасни на Градоначалникот дека нема да се смени законот за еднакви можности туку дека ние како локална сампоуправа измислуваме дефиниција за род и пол.

Советникот од политичката партија Левица – Александар Симонов истакна дека со овие програмски измени се прават две интервенции. Терминологиите се во ред, но вториот проблем е додавањето на дефиницја на одреден поим. Во Законот за еднакви можности има 10 дефиниции, но ниту една не се совпаѓа со дефиницијата во програмата и истата не е законска, односно со подзаконски акти не може да се менува законска определена дефиниција и дека ваква дефиницја во Законот не постои. Советникот побара да оди со забелешка и ако од предложената Програма се тргне дефиницијата советникот се изјасни дека ќе гласа ЗА, но ако остане предложената дефиниција тогаш советникот ќе гласа воздржано.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката го стави Предлог – Годишниот план на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 5 гласа ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ донесе **Програма за измена и дополнување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 13**

**Извештај за материјално - финансиско работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01.2023 година до 30.06. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за материјално - финансиско работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01.2023 година до 30.06. 2023 година.**

**Точка 14**

**Извештај за реализација на Општина Свети Николе за вториот квартал за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Извештајот на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ усвои **Извештај за реализација на Општина Свети Николе за вториот квартал за 2023 година.**

**Точка 15**

**Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за втор квартал од 01.01.2023 година до 30.06. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Кварталниот Извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за втор квартал од 01.01.2023 година до 30.06. 2023 година.**

**Точка 16**

**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за втор квартал на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Кварталниот Извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за втор квартал на Општина Свети Николе.**

**Точка 17**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 30.06. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Кварталниот Извештај на гласање и советот со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ усвои **Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 30.06. 2023 година.**

**Точка 18**

**Барање финансиска помош од лицето А.З.;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 18 од дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и ЛЕР при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот истакна дека на барателот ќе му се додели финансиска помош од 30.000 денари.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката го стави Барањето на гласање и советот со 15 гласа ЗА усвои **Барање финансиска помош од лицето А.З.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесетитретата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 17:00 часот.

Општина Свети Николе 24. 08. 2023 година.

**Записничар**

**Славица Димова**

_______________

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Валерија Ивановска**

______________________

**З А П И С Н И К**

Од триесетичетвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 24.08.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 17:10 минути.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Александар Симонов и Ристе Андонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе – Дејан Владев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на советот го предложи следниов дневен ред :

**Дневен ред**

**Точка 1**

Годишна Програма за работа на ООУ ,,Даме Груев,, с. Ерџелија за учебната 2023/2024 година;

**Точка 2**

Годишна Програма за работа на ООУ ,,Свети Кирил и Методиј,, Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 3**

Годишна Програма за работа на ООУ ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

Претседсателката на Советот предложи дополнителна точка - Годишен план за вработување на ООУ ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 20224 година и го стави предлогот на гласање.

Советниците гласаа и со 10 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ го усвоија предлогот.

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој  не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со 13 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ го усвоија и работеа по него.

**Точка 1**

**Годишна Програма за  работа на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката  на Советот отвори расправа по точка  1  од дневниот ред.

Претседателката  на Комисија за јавни дејности  при Советот на  Општина Свети Николе –  Маја Давкова  го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати  како што е предложен.

Советничката Маја Давкова се изема од гласање.

Откако никој  не се јави за дискусија, претседателката  ја стави Предлог – Годишната програма  на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Годишна Програма за  работа на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 2**

**Годишна Програма за  работа на ООУ „Свети Кирил и Методиј„ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката  на Советот отвори расправа по точка  2  од дневниот ред.

Претседателката  на Комисија за јавни дејности  при Советот на  Општина Свети Николе –  Маја Давкова  го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати  како што е предложен.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски ______________

Градоначалникот ________

Игор Поповски ______________

Градоначалникот _______________

Советничките Валерија Ивановска и Саша мицевска се платеа од гласање.

Откако никој друг не се јави за дискусија, претседателката  ја стави Предлог – Годишната програма  на гласање и советот со 13 гласа ЗА донесе **Годишна Програма за работа на ООУ „Свети Кирил и Методиј„ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 3**

**Годишна Програма за  работа на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката  на Советот отвори расправа по точка  3  од дневниот ред.

Претседателката  на Комисија за јавни дејности  при Советот на  Општина Свети Николе –  Маја Давкова  го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати  како што е предложен.

Советничката Фросина Ѓоргиева се измеаа од гласање.

Откако никој  не се јави за дискусија, претседателката  ја стави Предлог – Годишната програма  на гласање и советот со 14 гласа ЗА донесе **Годишна Програма за  работа на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 4**

**Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 20224 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Претседателката на Комисија за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Советничката Фросина Ѓоргиева се измеаа од гласање.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката ја стави Предлог – Годишната програма на гласање и советот со 8 гласа ЗА и 6 гласа ПРОИВ усвои **Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 20224 година.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесетичетвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 17:30 часот.

Општина Свети Николе 24. 08. 2023 година.

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **Славица Димова** | **Претседател,** |
| _______________ | **Валерија Ивановска** |
| | _____________________ |

# З А П И С Н И К

Од триесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 06.09.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во 14:45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 14 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски и Ристе Андонов. Советникот Александар Симонов го најави своето задоцнување.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на Советот го предложи следниов Дневен ред :

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**Усвојување на Записник од триесетитреттата редовна Седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден 24.08.2023 година**;

**Усвојување на Записник од триесетичетвртата редовна Седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден 24.08.2023 година**;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 4**

Предлог – Решение за разрешување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;

**Точка 5**

Предлог – Решение за разрешување на претставник од Совет на родители во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;

**Точка 6**

Предлог - Решение за разрешување на претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;

**Точка 7**

Предлог – Решение за именување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;

**Точка 8**

Предлог - Решение за именување на претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;

**Точка 9**

Предлог - Годишна Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година

**Точка 10**

Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за 2024 година;

**Точка 11**

Предлог - Годишен план за вработување на Ј.О.У.Д.Г. ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе за 2024 година;

**Точка 12**

Извештај за работата на Ј.О.У.Д.Г. ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе за воспитната 2022/2023 година;

**Точка 13**
Предлог –Годишна Програма за работа на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе за воспитната 2023/2024 година;

**Точка 14**
Годишен извештај за работата на СОУ „Кочо Рацин „ Свети Николе за учебната 2022/2023 година;

**Точка 15**
Предлог - Годишната програма на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;

**Точка 16**
Барање од Ненад Ордев;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со **14 гласа ЗА** го усвоија и работеа по него.

Претседателката на Советот го стави на усвојување Записникот од триесет и третата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 24.08. 2023 година.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата - Игор Поповски и даде појаснување околу овој Записник, кој беше повлечен претходната Седница поради недостаток на советничко прашање во самиот Записник. Советникот пријавил одреден сомнеж во однос на советничките прашања, ги проверил претходните Записници и даде заклучок дека општинската администрација уредно ги водела советничките прашања во сите Записници и дека настанала техничка грешка само на триесититреттата Седница.

Отако немаше други забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **14 гласа ЗА** го усвоија Записникот од триесититреттата редовна седница.

Претседателката на Советот го стави на усвојување Записникот од триесети четвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 24.08. 2023 година.

Отако немаше забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **14 гласа ЗА** го усвоија Записникот од триесетичетвртата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката на гласање и Советот со **12 гласа ЗА** донесе **Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и советот со **13 гласа ЗА** донесе **Одлука за давање на согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финасиски средства за ангажирање на лице во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски кој даде појаснување околу тоа дека Законот за средно образование дозволува паралелки со минимум 25 уценици и максимум 34 уценици, притоа надоврзувајќи се дека во гимназиското образование пријавени се 50 ученика.

Законодавецот предвидел основачот да формира паралелки со помал број на ученици, но основачот формира и паралелки со помал број на ученици од законски предвидениот минимум во паралелка. Советникот постави прашање, зошто во образложението стои дека 17 број на ученици се идеален број на ученици, кога законскиот предвиден минимум во паралелка е 25 ученика.

За збор се јави Директорката на СОУ "Кочо Рацин" Свети Николе – Жаклина Милошева, која даде објаснување дека барањето гогласност од Министерството за здравство е сеуште во процедура, самото барање се состои од согласност за три паралелки од по 17 ученика, но тоа е само доколку се добие согласност, во спротивно ќе си останат две паралелки кои ќе го исполнуваат законскиот предвиден минимум.

Збор повторно зеде советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски кој се надоврза околу паралелките, чиј вкупни број сега е 28, кога би се намалила една паралелка, автоматски ќе се намали и бројот на часовите на простветните работници, а со тоа нема толку да се оптеретува и буџетот. Советникот посочи на тоа дека се трошат 55 милиона за 350 ученици, или поточно 2.300- 2.400 евра по ученик.

Збор зеде Директорката на СОУ "Кочо Рацин" Свети Николе – Жаклина Милошева која нагласи дека и кога барале согласност за две и кога барале согласност за три паралелки, не бараат проширување на нови вработувања, часовите се распределени на веќе постоечкиот кадар, така да нема оптеретување на Буџет. Исто така Директорката нагласи и дека во стручното образование е намален законскиот минимум за паралелка од 15 до 24 ученици, дека веќе нема паралелки со 34 ученици.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката на гласање и Советот со **9 гласа ЗА** и **6 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

- **Советникот Александар Симонов го пријави присуството.**

**Точка 4**

**Предлог – Решение за разрешување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За претставник од Совет на родители во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе поради престанок на мандат, се разрешува лицето **Борче Серафимовски**.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Решението за разрешување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе.**

**Точка 5**

**Предлог – Решение за разрешување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За претставник од Совет на родители во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе поради престанок на мандат, се разрешува лицето **Павле Јованов**.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Решението за разрешување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе.**

**Точка 6**

**Предлог – Решение за разрешување на претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе поради престанок на мандат, се разрешува лицето **Марјан Станојковски**.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Решението за разрешување на претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,,Свети Николе.**

**Точка 7**

**Предлог – Решение за именување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За претставник од Совет на родители во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе се именува лицето **Мартин Николов**.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението на гласање и Советот со **10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Решението за именување на претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе.**

**Точка 8**

**Предлог – Решение за именување на претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе, се именува лицето **Павле Јованов**.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Решението за именување на претставник од основачот-Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе.**

**Точка 9**

**Предлог - Годишна Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природа при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Годишната Програма на гласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** ја усвои **Годишната Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 10**

**Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој накратко објасни зошто ќе биде против. Советникот укажа на тоа дека согласно Планот за вработување, до крајот на следната година во ЈКП „Комуналец„ ќе треба да има 107 вработени, додека по моменталната состојба се 87 вработени, што значи 19-20 нови вработувања, кои би го оптsecuretиле Јавното претпријатие со дополнителни средства. Советникот Игор Јованчев даде и една сугестија, кога веќе се покачени цените на услугите, зошто да не се покачат и платите на вработените во ова Јавно претпријатие.

За збор се јави Дарко Максимов, вработен како правник во ЈКП „Комуналец„ кој појасни дека моментално во ЈКП „Комуналец„ има 87 вработени, предвидени се 15 нови вработувања, кои најверојатно нема да бидат реализирани до крајот на оваа календарска година и 6 пензионирања, при што бројот на вработени нема да надминува 100.

Повторно збор зеде советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој се надоврза околу табелите во самиот План за вработување и околу тоа дека до крајот на календарската година табелата се завршува со 98 вработени.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката го стави Предлог – Годишниот План на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ** го усвои **Годишниот план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 11**

**Предлог - Годишен план за вработување на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката го стави Предлог – Годишниот План на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ** го усвои **Годишниот План за вработување на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 12**

**Извештај за работата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе за воспитната 2022/2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски кој постави прашање до Директорката на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ во врска со лицата кои се ангажирани преку општокорисна работа, за колку лица станува збор и на кој начин се ангажирани истите.

Збор зеде Директорката на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева, Билјана Миланова, која даде објаснување дека преку општокорисна работа имале ангажирано 5 лица, на работно место негователи и 1 лице на работно место воспитувач, лица за кои постојано се бараат согласности од Министерството за труд и социјална политика, при што или не се добива одговор или добиениот одговор е негативен.

Повторно збор зеде советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој посочи дека во оваа институција согласно Законот за работни односи, на располагање стојат уште два закони и тоа Законот за волонтерство и Законот за практиканство. Правилникот за општокорисна работа предвидува лица кои направиле одреден прекршок и преку Министерството за труд и социјсална политика добиваат потврда дека вршеле општокорисна работа. Прашањето на советникот Игор Поповски е каков прекршок направиле лицата кои се ангажирани во наведената институција и дали добиваат потврда за општокорисна работа.

Збор зеде Директорката на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева, Билјана Миланова, која одговори на прашањето дека самата институцијас прави Меморандум за соработка со Општината и Центарот за социјална работа, при што овие лица работата со лиценца за негователи и воспитувачи, така да нема никаков прекршок.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО и коалицијата- Владимир Тосев, кој даде објаснување дека не станува збор за општокорисна работа, дека мерката се вика општинскокорисна работа, која што мерка постои веќе 15 години и

има одредени критериуми кои морат да се исполнат за да одредено лице стане дел од истата мерка.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој кажа дека има и други мерки кои може да ги превземе и Општината со сопствени средства, за тие лица да имаат одреден статус.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката го стави Извештајот на гласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** го усвои **Извештајот за работата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе за воспитната 2022/2023 година.**

**Точка 13**

**Предлог –Годишна Програма за работата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе за воспитната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Годишната Програма на гласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** ја усвои **Годишната Програма за работата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе за воспитната 2023/2024 година.**

**Точка 14**

**Годишен извештај за работата на СОУ „Кочо Рацин „ Свети Николе за учебната 2022/2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката го стави Предлог – Годишниот извештај на гласање и Советот со **13 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** го усвои **Годишниот Извештај за работата на СОУ „Кочо Рацин „ Свети Николе за учебната 2022/2023 година.**

**Точка 15**

**Предлог - Годишна програма на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за учебната 2023/2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој постави прашање, дали до 31ви Август сеуште се немало никакви сознанија за наставниот кадар и во врска со тоа на кои наставни предмети ќе предаваат,

бидејќи претходната година ги имало сите со име и презиме, што не е случај и оваа година. Советникот исто постави прашање и дали во ученичкиот дом има еден воспитувач, садомијач, кувар и хигиеничар на 8 ученици и дали е во ред за 8 ученици да бидат ангажирани толку многу лица.

За збор се јави Директорката на СОУ "Кочо Рацин" Свети Николе – Жаклина Милошева, која даде објаснување дека до 31ви август сеуште немале согласности од Министерство за образование за да одредени лица конкурираат како наставен кадар, при што на 1ви сепрември се бараат одредени кадри од Заводот за вработување и тогаш е извршено самото пријавување. Во однос на второто прашање, Директорката појасни дека и претходната година во ученичкиот дом имало 9 ученици, при што е нефункционално во комплетно реновиран дом да има така мал број на ученици. Вработени во домот има само еден и тоа воспитувач, при што оваа година ке се испразни местото воспитувач, по основ на пензионирање.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Годишната Програма на гласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** ја усвои **Годишната програма на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за учебната 2023/2024 година.**

**Точка 16**
**Барање од Ненад Ордев;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката го стави Барањето на гласање и Советот со **15 гласа ЗА** го усвои **Барањето од Ненад Ордев.**

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 16:00 часот.

Општина Свети Николе 06. 09. 2023 година.

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **Славица Димова** | **Претседател,** |
| _______________ | **Валерија Ивановска** |
| | ______________________ |

# ЗАПИСНИК

Од триесетишестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден 27.09.2023година восоветничката сала на Општина Свети Николе со почеток во14:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

Од 15советници, наседницатаприсутнибеа14 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски и Александар Симонов.

Отсутен беше советникот Ристе Андонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважнодаодлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на Дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на Советот го предложи следниов Дневен ред :

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

Усвојување на Записник од триесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 06.09.2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Решение за именување претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,РахилкаГонева,,Свети Николе;

**Точка 2**

Предлог – Одлуказа давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош за средношколци редовни ученици запишани во прва учебна 2023/24 година во Средно училиште на територијата на Општина Свети Николе;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за формирање на организациона структура за изработка и спроведување на ЛЕАП;

**Точка 5**

Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за поништување на одлуката за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробиштата од страна на операторите на погребалните услуги;

**Точка 6**

Предлог - Одлука за давање согласност на предлог Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2023;

**Точка 7**

Предлог Одлука за давање согласност наОдлука за изменување и дополнување на Одлуката за зголемување на надоместок и бесплатни услуги за погреб на покоен;

**Точка 8**

Предлог Одлука за давање согласност наОдлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП "Погребални услуги "Свети Николе;

**Точка 9**

Предлог – листа на кандидати за избор на командир во ПС Свети Николе;

**Точка 10**

Барање финансиска помош од лицето Р.С.;

**Точка 11**

Барање финансиска помош од лицето С.В.;

**Точка 12**

Барање финансиска помош од лицето Е.М.

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по Дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со **14 гласа ЗА** го усвоија и работеа по него.

Претседателката на Советот го стави на усвојување Записникот од триесетипеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 06.09.2023 година.

Отако немаше забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **14 гласа ЗА** го усвоија Записникот од триесетипеттата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог –Решение за именување претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијатаза верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советотна Општина Свети Николе – Кристијан Кузеловго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За претставник од Совет на родители во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детскаградинка„РахилкаГонева„Свети Николе се именува лицето **Маја Павловска.**

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението нагласање и Советот со **8 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Решението за именување претставник од Совет на родителите во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детскаградинка „РахилкаГонева„Свети Николе.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлуказа давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој даде објаснување зошто ќе биде противво врска со оваа точка. Советникот посочи на тоа дека би ги прифатил сите предлози за вработување, доколку станува збор за непополнети, односно испразнети места по основ на пензионирање, во овој случај не, бидејќи смета дека институциите се преполни со кадар и дополнително се оптеретуваат буџетите на институциите, а со самото оптеретување на буџетот останува се помалку

средства за реализација на проекти, кои се во интерес на граѓаните на Општина Свети Николе.

За збор се јави Градоначалниот на Општина Свети Николе – Дејан Владев, кој даде објаснување околу самата систематизација дека нема нови вработувања од надвор, станува збор за две лица кои се ангажирани во Општина Свети Николе преку Агенција за привремени вработувања и истите лица се напуштени2017 година. Градоначалникот посочи дека другото работно место Овластен сметководител е работно место кое им е дадено како предлог од самата ревизија, при што и овластениот сметководител е веќе вработено лице и нема да биде вработено ново. За последното работно место, Градоначалникот објасни дека тоа ќе биде пополнето кога ќе биде одјавено едно лице вработено во општината, кое во моментот е на неплатено отсуство, така да нови оптеретувања на буџетот на Општина Свети Николе нема да има.

Повторно за збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој негираше дека станува збор за внатрешни вработувања за споменатите 4 работни места и дека има плус две места кои се со внатрешно распределување. Советникот посочи на тоа дека за да има ново работно место, треба да има потреба од тоа работно место и претходно треба да се исцрпени сите внатрешни можности.

За збор се јави Градоначалниот на Општина Свети Николе – Дејан Владев, кој уште еднаш потенцира дека сите лица се веќе внатре во Општина Свети Николе, дали по Договор на дело, дали на друго работно место, но веќе сите се ангажирани во општината. На лицата кои се преку Агенцијата за привремени вработувања, само ќе им биде трансформиран работниот однос во работен однос на неопределено време.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев,кој посочи на тоа дека дали ќе има или ќе нема испразнети работни места, во систематизацијата стои дека во текот на годината нема да има ниту едно испразнето место, а се добиваат нови 4 нови вработувања.

За збор се јави Градоначалниот на Општина Свети Николе – Дејан Владев, кој даде објаснување дека две лица ќе бидат нововработени, но станува збор за лица кои се напуштени од претходната локална власт во 2017 година и кои се веќе ангажирани во Општина Свети Николе.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој посочи дека всушност Градоначалникот сака да ги изедначи Договорот за привремено вработување со вметнување на работно место во систаматизацијата, што не е ни приближно исто од причина што Договорот е најчесто од времен карактер, додека новоотвореното работно место е на неопределено време.

За збор се јави Раководителот на одделението за човечки ресурси , Даница Арсова, која образложи дека планот за вработување се прави врз актуелната систематизација и во самите профили дури се и зголемени професиите со кои одредени лица можат да конкурираат на работното место. Раководителот даде појаснување и околу вработувањата, дека станува збор за 4 вработувања кои ќе одат на јавен оглас во фер и транспарентна постапка, од кои 2 се водат како унапредувања, од кои едното е по налог на ревизијата.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој побара одговор, како би се поправила неправдата нанесена на лицата од 2017 година, ако веќе службите кажуваат дека огласот е јавен и ќе биде во фер и транспарентна поста

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката нагласање и советот со **8 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ** донесе **Одлуказа давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2023 година.**

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој постави процедурално прашање со кое побара кога веќе поставил прашање да му се одговори во моментот или подоцна во писмена форма, но никако да не се даде никаков одговор.

За збор се јави Градоначалниот на Општина Свети Николе – Дејан Владев, кој даде објаснување дека огласот ќе биде пуштен во Агенцијата за државни и јавни службеници, каде што ќе биде и самото полагање и верува во споменатите кандидати и во тоа какви резултати ќе постигнат на самото полагање, а потоа изборот законски се врши во самата институција.

**Точка3**

**Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош за средношколци редовни ученици запишани во прва учебна 2023/24 година во Средно училиште на територијата на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **14 гласа ЗА** донесе **Одлука за доделување на еднократна парична помош за средношколци редовни ученици запишани во прва учебна 2023/24 година во Средно училиште на територијата на Општина Свети Николе.**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за формирање на организациона структура за изработка и спроведување на ЛЕАП;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природаприСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **14 гласа ЗА** донесе**Одлука за формирање на организациона структура за изработка и спроведување на ЛЕАП.**

**Точка 5**

**Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за поништување на одлуката за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробиштата од страна на операторите на погребалните услуги;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од Дневниот ред.

ПретседателкатанаКомисијата за јавни дејности приСоветотна Општина Свети Николе – Маја Давковаго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **8 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**донесе**Одлука за давање согласност на Одлука за поништување на одлуката за бесплатен пристап и користење на инфраструктурата на гробиштата од страна на операторите на погребалните услуги.**

**Точка 6**

**Предлог - Одлука за давање согласност на предлог Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2023;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**донесе**Одлука за давање согласност на предлог Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2023.**

**Точка 7**

**Предлог -Одлука за давање согласност наОдлука за изменување и дополнување на Одлуката за зголемување на надоместок и бесплатни услуги за погреб на покоен;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од Дневниот ред.

ПретседателкатанаКомисијата за јавни дејностиприСоветотна Општина Свети Николе – Маја Давковаго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за давање согласност наОдлука за изменување и дополнување на Одлуката за зголемување на надоместок и бесплатни услуги за погреб на покоен.**

**Точка 8**

**Предлог -Одлука за давање согласност наОдлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП "Погребални услуги "Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од Дневниот ред.

ПретседателкатанаКомисијата за јавни дејностиприСоветотна Општина Свети Николе – Маја Давковаго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **8 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**донесе**Одлука за давање согласност наОдлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП "Погребални услуги "Свети Николе.**

**Точка 9**

**Предлог – листа на кандидати за избор на командир во ПС Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од Дневниот ред.

Претседателката на Советотдаде објаснување дека има доставено нова предлог листа за избор на кандидати за избор на Командир на ПС Свети Николе од страна на Министерството за внатрешни работи, при што самата листа се состои од тројца кандидати и тоа:

1. Кирил Митев
2. Влатко Гигов
3. Влатко Наумов

Претседателот наКомисијатаза верификација, мандатни прашања, избори и именувања приСоветотна Општина Свети Николе – Кристијан Кузеловго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот по сопствено убедување да изврши избор на Командир на ПС Свети Николе од листата на предложените кандидати.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој побара малку појасна листа со кандидати, односно да биде доставено и завршеното соодветно високо образование, во спротивно со ваква нецелосна листа ќе биде воздржан.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Листата на гласање и Советот гласаше:

**9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** за кандидатот Кирил Митев
**1 глас ЗА, 1 ПРОТИВ и 12 ВОЗДРЖАНИ** за кандидатот Влатко Гигов и
**1 глас ЗА, 1 ПРОТИВ и 12 ВОЗДРЖАНИ** за кандидатот Влатко Наумов

За Командир на ПС Свети Николе го изгласа лицето **Кирил Митев.**

**Точка 10**
**Барање финансиска помош од лицето Р.С.;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката го стави Барањето финансиска помошнагласање и Советот со **14 гласа ЗА** го усвои **Барањето финансиска помош од лицето Р.С.;**

**Точка 11**
**Барање финансиска помош од лицето С.В.;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот напомена дека станува збор за финансиска помош од 30.000 денари за сите три барања за финансиска помош.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката го стави Барањето финансиска помош нагласање и Советот со **14 гласа ЗА** го усвои **Барањето финансиска помош од лицето С.В.;**

**Точка 12**
**Барање финансиска помош од лицето Е.М.;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката го стави Барањето финансиска помош нагласање и Советот со **14 гласа ЗА** го усвои **Барањето финансиска помош од лицето Е.М.;**

**Записничар**
**СлавицаДимова**
_______________

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**
______________________

# ЗАПИСНИК

Од триесет и седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден 31.10.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во14:00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

На Седницата беа присутни сите 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Ристе Андонов и Александар Симонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе
- предлагачите на точките на Дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на Советот го предложи следниов Дневен ред :

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Усвојување на Записник од триесет и шестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27.09.2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Решение за разрешување на преставник од Министерство за труд и социјална политика воУправниот одбор на ЈОУДГ‘’Рахилка Гонева’’СветиНиколе;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за давање согласност за утврдување на коефициент и вредноста на коефициентот за пресметување на платата на директорите во локалните установи (ОУ Дом на Култура “Крсте Мисирков“и ОУ “Народен Музеј” Свети Николе ) од областа на културата во Општина Свети Николе;

**Точка 4**

Предлог – Одлука  за ослободување од плаќање на комунална такса за улично осветлување на верски објекти;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локален економски развој во 2023 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програма зауредувањенаградежноземјиштенаподрачјетонаОпштинаСветиНиколево2023година;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2023 година;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита  во 2023 година;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието  во 2023 година;

**Точка 10**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка  во 2023 година;

**Точка 11**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади  во 2023 година;

**Точка 12**

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита  во 2023 година;

**Точка 13**

Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 14**

Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги,, Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.09. 2023 година

**Точка 15**

Барање финансиска помош од лицето С.П

**Точка 16**
Барање финансиска помош од лицето Д.Н.

**Точка 17**
Барање финансиска помош од КК ,,Овче Поле,,

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по Дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со **15 гласа ЗА** го усвоија и работеа по него.

Претседателката на Советот го стави на усвојување Записникот од триесет и шестата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27.09.2023 година.

Откако немаше забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **15 гласа ЗА** го усвоија Записникот од триесет и шестата редовна седница.

**Точка 1**
**Предлог – Решение заразрешувањенапреставникодМинистерствозатруд исоцијалнаполитикавоУправниотодборнаЈОУДГ''РахилкаГонева''СветиНиколе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијатаза верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузеловго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателот даде појаснување дека како претставник од Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,РахилкаГонева,,Свети Николе, поради лични причини се разрешува лицето **Ивана Ѓорчева.**

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Решението за разрешување претставник од Министерството за труд и социјална политика воУправниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,РахилкаГонева,, Свети Николе.**

**Точка 2**
**Предлог – Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложе

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката нагласање и советот со **10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлуказа прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Точка3**

**Предлог – Одлука за давање согласност за утврдување на коефициент и вредноста на коефициентот за пресметување на платата на директорите во локалните установи(ОУ Дом на Култура "Крсте Мисирков"и ОУ "Народен Музеј" Свети Николе ) од областа на културата во Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 Против и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за давање согласност за утврдување на коефициент и вредноста на коефициентот за пресметување на платата на директорите во локалните установи(ОУ Дом на Култура "Крсте Мисирков"и ОУ "Народен Музеј" Свети Николе) од областа на културата во Општина Свети Николе.**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за улично осветлување на верски објекти;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за комунални работи и сообраќај при Советот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** донесе **Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за улично осветлување на верски објекти.**

**Точка 5**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локален економски развој во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката на гласање и Советот со **10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локален економски развој во 2023 година.**

**Точка 6**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски разво јпри Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програма за уредување на градежноз емјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во2023година.**

**Точка 7**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката на гласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2023 година.**

**Точка 8**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски разво јпри Советот на Општина Свети Николе - Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2023 година.**

**Точка 9**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе -Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката на гласање и притоа се изема од гласање со уште три други советници. Советот со **7 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2023 година.**

**Точка 10**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе - Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2023 година.**

**Точка 11**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе - Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2023 година.**

**Точка 12**

**Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита во 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита во 2023 година.**

**Точка 13**

**Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советотна Општина Свети Николе -Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој посочи дека во почетокот на Буџетот, со анализи од претходната година, бил проектиран со некаде околу 1.160.000 евра даночни приходи, но сега веќе со ребалансот доагаме до 1.080.000 евра, при што проекциите кажуваат дека 80.000 евра помалку ќе се соберат до крајот на годината, при што тоа ќе го видиме во последниот квартал. Кај неданочните приходи, проектирани со Буџетот на 15.128.000 денари на почлетокот на годината, при што со втоериот ребаланс имаат мало поместување повторно надолу, при што од 15.000.000 денари имаше реализација од 1.900.000 денари. Од друга страна, трансферите кои доаѓаат од државата по основ на ддв и данок на личен доход имаат зголемување од некои 20.000 евра, додека кај капиталниот приход општината издава сопственост под закуп , при што од закупот на земјоделското земјиште беа проектирани дека ќе земеме 586.000 евра, со што со ребалансот доаѓаме на 545.000 евра и повторно намалување за некои 40.000 евра. Единствена добра страна околу ребалансот е капиталниот расход кој беше проектиран на 44.800.000 денари, кој е зголемен за 7.000.000 на 51.000.000.

За збор се јави Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев кој појасни дека до крајот на годината очекуваме да биде проектирано добар процент од тоа што го имаме предвидено. Претходно од некои причини, имаше застој во наплатата или реализацијата на определени активности, работата тргна како што треба и до крајот на годината ќе биде завршено она што беше планирано. Околу судскиот спор шест месеци сме во чекање, за некој од судот во Скопје да ја изготви пресудата, за да можеме да извршиме присилна наплата. Градоначалникот појасни и дека пред шест месеци Општина Свети Николе го добила спорот, даден е и износот кој што бил побаран плус со камати, но сеуште нема судска пресуда испратена до општината.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ги стави Измената и дополнувањата на Буџетотнагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**ги усвои **Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

**Точка 14**

**Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.09. 2023 година**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе -Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Извештајот нагласање и Советот со **10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.09. 2023 година .**

**Точка 15**

**Барањефинансискапомошодлицето С.П.**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советотна Општина Свети Николе -Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој посочи околу барањата за финансиска помош, дека секогаш биле одобрувани, но поради таа пракса имаме и Комисија која ги разгледува самите барање пред да дојдат до Совет, но и покрај тоа барањата одат на совет по принципот “прв дојден-прв услужен” , при што во иднина немаме сознанија како ќе стоиме со средства, за да им излеземе на сите со вакви или слични барања во пресрет.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО и коалицијата –Маја Давкова, која посочи на тоа дека нема потреба да се дискутира за болест и лекување, имаме Правилник, меѓутоа никој реално нема да поднесе барање доколку нема потреба од самата финансиска помош.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој посочи дека во голема мера го поддржува советникот Кузелов, но малку е неблагодарно на самата седница да се одлучува за финансиската помош, кога веќе барањето е одобрено да оди на Совет. Комисијата за здравство, согласно тој Правилник си дала свое мислење, но ние како советници, можеме да си формираме и наша времена комисија која ќе има за задача, дали конктретното барање може да дојде до совет, со цел да се селектираат и да им се даде финансиска помош само на оние на кои им е најпотребно.

Претседателката на Советот- Валерија Ивановска посочи дека сите барања за финансиска помош се разгледани и поминати од страна на Комисијата за Буџет.

За збор повторно се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој кажа дека Комисијата за финансии точно дека разгледува барања, но таа Комисија ги разгледува од сосема друг аспект, треба да се направи Комисија која ке го разгледува баш овој дел и која ќе има сосема друга надлежност.

Претседателката на Советот- Валерија Ивановска појасни дека доколку постои таква Комисија, таа ќе има задача да ги сумира резултатите од Комисијата за финансии и од Комисијата за здравство, но тоа би било дополнителна работа, за која ако се согласите ќе се договориме понатаму.

За збор повторно се јави советникот од советничката група на ВМРО и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој појасни дека треба да се направи Комисија од советници која ќе биде легитимна, засега имаме само стручна комисија, но и покрај таквата комисија пак ќе се нема граница кои барања да одат на Совет, а кои не, сепак секоја болест не е иста и за секое различно лекување не се потребни иста сума на средства, во зависност од болеста и од потребата за лекување.

Претседателката на Советот- Валерија Ивановска потенцира дека станува збор за финансиска помош во износ од 30.000 денари за сите барања.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска помош на гласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** го усвои **Барањето финансиска помош од лицето С.П.**

**Точка 16**
**Барање финансиска помош од лицето Д.Н.**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе - Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска помош на гласање и Советот со **15 ГЛАСА ЗА** го усвои **Барањето финансиска помош од лицето Д.Н.**

**Точка 17**
**Барање финансиска помош од КК „Овче Поле„ 2023**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 17 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе - Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој побара објаснување од стручните служби за тоа од која ставка ќе бидат исплатени овие средства, бидејќи не е влезено ниту во програмите ниту во Буџетот.

За збор се јави Сузана Нушева – Раководител на одделение за финансии, која даде појаснување дека доколку се усвои барањето поднесено од спортскиот клуб, средствата ќе бидат исплатени од вашата програма А0 413110 тековни резерви.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска помош на гласање и Советот со **9 ГЛАСА ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Барањето финансиска помош од КК „Овче Поле„ 2023.**

После исцрпениот Дневен ред, Претседателката на Советот- Валерија Ивановска, го најави Советничкото прашање на советникот од политичката партија Левица-Александар Симонов, чие што прашање се однесуваше на кварталните финансиските извештаи кои се должни да ги доставуваат од ЈКП “Комуналец” Свети Николе, но не се доставуваат до советниците. Советникот кажа дека претходната година наместо четири финансиски квартални извештаи биле доставени само два, при што како дадена причина за тоа била промената на власта. Оваа година има назначено и нов Директор и нов Управен одбор, но имаме добиено само еден квартален финансиски извештај, при што со ваквата пракса ние го кршиме членот 5 од Законот за јавни претпријатија, согласно кој Јавните претпријатија се должни во рок од 35 дена од завршувањето на кварталот да ги достават своите извештаи. Советничкото прашање беше упатено кон Градоначалникот, што и како ќе биде превземено за да во иднина се доставуваат овие извештаи. Советникот се надоврза и дека самата инспирација за да го постави ова советничко прашање е тоа што во месец Август е направена јавна набавка од околу 650.000 денари, за која немаме добиено квартален извештај.

Збор зеде Градоначалникот кој појасни дека до наредната седница, која ќе се одржи до средината на месец ноември, ќе биде доставен Извештајот, при што причината за ненавремено доставување бил здравствен проблем на главниот книговодтел во ЈКП “Комуналец”, а што се однесува на јавната набавка претпоставувам дека е редовна и се однесува на поправка на возила, кај кои нормално се јавуваат дефекти.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесет и седмата седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 15:30 часот.

Општина Свети Николе 31.10. 2023 година.

**Записничар**
**Славица Димова**
_______________

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**
_____________________

# ЗАПИСНИК

Од триесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден15.11.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почетокво14:15часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

На Седницата беа присутни сите 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов, Горан Трајковски, Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Ристе Андонов и Александар Симонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручнислужбинаОпштина Свети Николе
- предлагачите на точките на Дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на Советот го предложи следниов Дневен ред :

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Усвојување на Записникот од триесет и седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.10. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за утврдување на висината на паричен надоместок на членовите на Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за утврдување на висината месечен надоместок начленовите на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 4**

Предлог – Развојна Програма за изградба, санација и реконструкција на тротоари во општина Свети Николе во 2024 година;

**Точка 5**

Предлог - Развојна Програма за изградба на улици и патишта во град Свети Николе за 2024 година;

**Точка 6**

Предлог - Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на рабоните места на Ј.О.У.Д.Г. ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе;

**Точка 7**

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за третиот квартал за 2023 година;

**Точка 8**

Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за трет квартал од 01.01.2023 година до 30.09. 2023 година;

**Точка 9**

Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за трет квартал на Општина Свети Николе;

**Точка 10**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 30.09. 2023 година;

**Точка 11**

Извештај за материјално-финансовото работење на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.06. 2023 година;

**Точка 12**

Извештај за материјално-финансовото работење на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за период од 01. 01. 2023 година до 30.09. 2023 година;

**Точка 13**

Барање финансиска помош од лицето М.П.

**Точка 14**

Барање на финансиска поддршка за издавање на збирка поезија за возрасни од лицето К.А.Н.

**Точка 15**

Барање финансиска помош од лицето Т.А.

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по Дневниот ред.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој предложи точка на Дневен ред, односно Испраќање на хуманитарна помош (финансиски средства) за настраданите цивилни жртви жени и деца во појасот Газа во висина која ќе ја определи Градоначалникот на Општина Свети Николе. Советникот дообјасни дека по официјалните податоци има веќе околу 12.000 убиени цивилни жртви,

од кое 5.000 од нив се деца, па затоа негово мислење е дека ваквата помош ќе биде добредојдена колку и да е мала.

За збор се јави Раководителот на одделение за финансии, Сузана Нушева, која ги извести советниците дека во Буџетот нема предвидено средства за ваков вид на помош, може да бидат предвидени средства за ваква намена дури во месец Јануари со следниот ребаланс на Буџет.

Повторно за збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој кажа дека ја прифаќа сугестијата од службите и би било добро доколку уште на првата седница во Јануари се изгласа овој предлог за хуманитарна помош.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО и коалицијата – Кристијан Кузелов и праша дали има некаква информација дали државата или некој официјален формален канал праќаат материјални или парични средства за помош кон Газа?

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој кажа дека постои канал за средствата да се испратат на вистинската адреса, преку Мисијата за Обединети Нации која работи исклучиво со бегалците од Палестина, при што Мисијата е основана 1948 година и веќе функционира повеќе од 60 години. Средствата ќе бидат испратени на сметка на Мисијата на обединети нации, на посебна сметка за настраданите во областа Газа.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со **15 гласа ЗА** го усвоија и работеа по него.

Претседателката на Советот го стави на усвојување Записникот од триесетиседмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.10.2023 година.

Откако немаше забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **15 гласа ЗА** го усвоија Записникот од триесетиседмата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН**донесе**Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година.**

**Точка 2**

**Предлог – Одлука за утврдување на висината на паричennадоместок на членовите на Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

ПретседателкатанаКомисијата за јавни дејности приСоветотна Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави Жаклина Јорданова- сметководител во ЈКП "Комуналец", која објасни дека во врска со висината на надоместокот на членовите на Надзорен одбор до сега се извршувал интерно, по предлог на членовите на Надзорен одбор, дцодека по

новиот закон на друг начин се утврдува надоместокот, при што тоа ќе важи за наредниопт состав.

За збор се јави Секретарот на Општина Свети Николе- Зоран Стојчев, кој објасни декса има измени и дополнувања на Законот за јавни претпријатија, каде што во членот 6 е утврден и бројот на членовите на Управен и Наздорен одбор и во самиот закон стои дека избраните членови ќе ја вршат својата функција до завршетокот на мандатот, при што надоместокот на членовите го определува основачот, а тоа е Советот на општината, за поради тоа оваа одлука е и за Управен и за Надзорен одбор.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој кажа дека ќе е против оваа Одлука, бидејќи членовите на Управниот и Надзорниотодбор до сега покажале едно непочитување кон Советот, ненавремени извештаи, како и ниту една иницијатива до Советот за подобрување на работата на претпријатието.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката нагласање и советот со **9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ** донесе**Одлука за утврдување на висината на париченнадоместок на членовите на Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за утврдување на висината месечен надоместок на членовите на Управен одбор на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од Дневниот ред.

Претседателката наКомисијата за јавни дејности приСоветотна Општина Свети Николе – Маја Давкова го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој кажа дека ќе биде против и образложи и зошто, бидејќи согласно измените на Законот за јавни претпријатија е ставен период за стапување на сила на одредбите, при што е оставено простор на Јавните претпријатија да одлучат по кој закон ќе работат. Со оваа одлука се применува дел од измените на законот, односно дел од новиот закон, а се работи по стариот закон, при што не може истовремено да се применуваат одредби од двата закони истовремено. Според советникот Александар Симонов, доколку целосно го прифатиме новиот закон и ги покачиме овие средства, не само што треба да се намалат членовите на Надзорниот одбор, туку и изборот на нови треба да се вршипреку конкурс.

Збор зеде Секретарот на Општина Свети Николе-Зоран Стојчев, кој повторно даде појаснување околу измените од новиот закон, во кој е наведено дека членовите на Управен и Надзорен одбор треба да продолжат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот за којшто се избрани.

За збор се јави и советникот од советничката група на ВМРО и коалицијата – Владимир Тосев, кој објасни дека во предлог материјалите до Совет има пратено барање од ЈКП "Комуналец", каде што се образложени сите членови, при што во член 8 и член 3 се е објаснето и околу мандатот на членовите и околу висината на надоместокот на истите.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 Против** донесе **Одлука за утврдување на висината месечен надоместок на членовите на Управен одбор на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе.**

- Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев, го потврди присуството.

**Точка 4**

**Предлог – Развојна Програма за изградба, санација и реконструкција на тротоари во општина Свети Николе во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијатаза финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Развојната Програманагласање и Советот со **10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои **Развојната Програма за изградба, санација и реконструкција на тротоари во општина Свети Николе во 2024 година.**

**Точка 5**

**Предлог - Развојна Програма за изградба на улици и патишта во град Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Развојната Програма нагласање и Советот со **10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои **Развојната Програма за изградба на улици и патишта во град Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 6**

**Предлог - Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на рабоните места на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од Дневниот ред.

ПретседателкатанаКомисијата за јавни дејности приСоветотна Општина Свети Николе - Маја Давкова гоподнесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска, која реагираше околу еден профил во споменатата систематизација, односно едно работно место кое опфаќа безбедност на децата во институцијата. Советничката објасни дека станува збор за работното место Хаусмајстор, при што се остранувaат задолжителните посебни квалификации на работникот, се бришатсредните стручни спреми како средно машинско, средно металско, средно браварско, а се додава само општо средно образование. Реакцијата на советничката е околу работните задачи кои ги носи ова работно место, а тоа подразбира работа со електрична инсталација, отстранување на настанатите дефекти и поправка на електрични апарати, обезбедување на безбеден престој на децата и слично. Прашањето беше упатено кон Директорката на установата, како ќе се обезбеди таа безбедноста на децата, доколку се вработи неквалификуван работник во истата установа, со било какво средно образование. Советничката укажа и на тоа дека овој Правилник кој денес ќе биде донесен ја спроведува само кадровската

политика на партијата ДПМНЕ и е неодговорен и непрофесионален кон она што е најдрагоцено, а тоа е животот и безбедноста на децата.

За збор се јави правникот во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ - Виктор Митевски, кој објасни дека Правилникот е усогласен со Министерството за труд и социјална политика, а кога станува збор за електричната енергија, градинката никогаш и немала вработено такво лице и обично секогаш тие работи ги врши електричар, надвор од вработените лица во градинката.

Збор зеде Градоначалникот, Дејан Владев,со една забелешка од негова страна во врска со името на партијата и потенцира дека партијата е ВМРО-ДПМНЕ, а несамо ДПМНЕ и во иднина да се внимава како се изговара името на партијата т.е. да се кажува онака како што е запишано во регистерот на политички партии во Република Македонија.

Збор зеде советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска, која потенцира што кажале службиоте, дека со струја никогаш не работел хаусмајсторот во нивната институција, а според работните задачи му се наметнуваат и такви обврски на лицето за работното место хаусмајстор. Според советничката, ситуацијата од друга страна е позагрижувачка и расипничка поради тоа што ваквото лице има нето плата од 23.000 денари, односно 36.000 бруто, помножено со 12 месеци годишно, тоа се приближно околу 500.000 денари на годишно ниво и повторно хонорарно се плаќа лице за извршување услуги во истата институција.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Правилникотнагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 5ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН**го усвои**Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на рабоните места на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе.**

**Точка 7**

**Извештај за реализација на Општина Свети Николе за третиот квартал за 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Збор зеде советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата –Игор Поповски, кој кажа дека на почетокот на годината до донесување на Буџетот имало предвиден капитален разход од околу 44 милиони денари, потоа со првиот ребаланс дојдовме до 55 милиони денари, при што со вториот ребаланс имаше корекција од 4 милиони надолу, со што дојдовме до околу 51 милион денари. Според советникот, за разлика од тие првични 44 милиони има зголемување со што тоа на некој начин било пофалено, но гледајќи го сега кварталниот Извештај саматаа реализација е во многу ниски бројки, при што капитален расход за првите девет месеци во Општина Свети Николе има околу 21 милион денари, додека во 2021 и 2022 година капиталниот расход бил околу 41 милиони едната година, а другата околу 38 милиони, оваа година наместо да имаме зголемени расходи поради инфлацијата, самиот капитален расход е намален.

За збор се јави Раководителот на одделение за финансии, Сузана Нушева, која даде појаснување дека до 30.09. капиталните инвестиции се толку колку што се реализирани, меѓутоа после 30.09.имавме ситуации кои се веќе исплатени, при што до четвртиот квартал околу 90 проценти би требало да се реализираат капиталните инвестиции.

Збор зеде Градоначалникот на Општина Свети Николе, Дејан Владев, кој се обрати и кон граѓаните на Општина Свети Николе дека реализацијата на ова што го кажување советникот Игор Поповски, до 15 Декември ќе бидат комплетно завршени, останати се

уште три проекти кои треба да се завршат во предвидениот рок, така да се она што е ветено на граѓаните ќе биде реализирано комплетно. Градоначалникот појасни и дека од основен проект до самата реализација постои огромна разлика.

Проектот се прави од канцеларија од страна на урбанистите и проектантите и се донесува во општината, а потоа треба многу снаодливост за да знаеш каде да биде даден тој проект,за да бидат обезбедени потребните средства за негова реализација. Градоначалникот појасни и дека проектот за улиците е направен уште од пред 5-6 години, но има претрпено многу промени, бидејќи проектот беше без реализација, без тротоари, без атмосферска канализација, при што овие улици требало да бидат готови од пред четири години, но требало некој да излезе, да ја види самата ситуација, да направи промени, да плати одредени стручни лица, навремено да аплицира, за да проектот биде одобрен и да се реализира. Исто така Градоначалникот кажа дека за следната година има доста проекти за кои е веќе аплицирано, а дека најмалку дваесет улици ќе бидат реконструирани.

Збор зеде советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој објасни дека кога зборува за кварталниот Извештај прави компарација помеѓу капиталните расходи и инвестициите на Владата, при што во инвестициите на Владата стои кој е изведувач, а кој е инвеститор, додека во капиталните расходи инвеститор е општината. Советникот укажа и на тоа од каде доаѓаат средствата, односно кој ги финансира самите проекти, но сепак за граѓаните е сето тоа најмалку важно.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Извештајотнагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**го усвои **Извештајот за реализација на Општина Свети Николе за третиот квартал за 2023 година.**

**Точка 8**

**Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за трет квартал од 01.01.2023 година до 30.09. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Кварталниот Извештај на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**го усвои**Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за трет квартал од 01.01.2023 година до 30.09. 2023 година.**

**Точка 9**

**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за трет квартал на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Кварталниот Извештајнагласањеи Советот со **9 гласа ЗА и 6ВОЗДРЖАНИ**го усвои**Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за трет квартал на Општина Свети Николе.**

**Точка 10**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општината од 01.01. до 30.09. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој се задржа само на образецот К3 кој се однесува на задолжувањата на општината, при што општината моментално има два кредита, првиот е зеден од поранешниот градоначалник Зоран Тасев за реконструкција на улицата "Младинска", а вториот е од сегашниот градоначалник и изнесува околу 43 милиони денари, додека во Планот стои и земен кредит од 210.000 евра.

За збор се јави Раководителот на одделение за финансии, Сузана Нушева, која направи една исправка во врска со вториот кредит и објасни дека вториот кредит е потпишан од претходниот градоначалник Сашо Велковски и набавката била распишана и била во тек, меѓутоа крајниот избор морал да го направи сегашниот градоначалник. Според раководителката, каматните стапки се многу големи, при што за следната година Министерството за финансии и не може да каже ни како ќе се движат истите.За следната година, раководителката објасни дека имаат три рати од кредит, при што со каматата илегува како да имаат плус уште една рата за кредит.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Кварталниот Извештајнагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5ВОЗДРЖАНИ**го усвои **Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општината од 01.01. до 30.09. 2023 година.**

**Точка 11**

**Извештај за материјално-финансовото работење на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.06. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Извештајот нагласање и Советот со **8 гласа ЗА, 4 ПРОТИВ и 2ВОЗДРЖАНИ**го усвои **Извештајот за материјално-финансовото работење на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.06. 2023 година.**

**Точка 12**

**Извештај за материјално-финансовото работење на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01. 01. 2023 година до 30.09. 2023 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој кажа дека во вакво јавно претпријатие каде што нема дотации од централна власт, најдобро се гледа сработеното. Според советникот, очекувањата биле поголеми во однос на зголемените приходи и многу поповолен финансиски извештај, поради тоа што од претходната година се зголемени цените на одредени услуги, а притоа и плаќаме убедливо најскапи услуги во државата. Советникот се надоврза и на приходите и расходите во работната единица во производтво и дистрибуција на вода, при што претпријатието за девет месеци е во загуба со повеќе од 30.000 евра,во работната единица водоинсталација и други услуги – загуба од 60.000 евра, за пречистување на отпадни води – повеќе од 15.000 евра загуба, додека како единствена работна единица која нема загуби се јавува работната единица за изнесување на смет, која прави повеќе приход како резултат на покачените цени. Според советникот, минатата година се покачија цените на услигите поради зголемена цена на горивата и зголемена цена на електричната енергија, но според Извештајот и во споредна со минатата година гледаме дека има значително пониски цени и на горивата и на електричната енергија, а притоа повторно разходите на трошоците се во нагорна линија за околу седум милиони денари. Советникот укажа на тоа дека ова јавно претпријатие мора да црпи работа од градот т.е од Градоначалникот, при што кажа еден пример дека имаме над 60 проценти стара водоводна мрежа, при што може да се предвиди во наредниот Буџет средства, да ова Јавно претпријатие промени неколку километри од водоводната мрежа, така што и ова претпријатие ќе оди со позитивно салдо и ќе бидат задоволни и граѓаните. Советникот се надоврза и за последниот План за вработување, дека барале водоинсталатори, електричари и сл. за плата од 21-22.000 денари т.е. се бара висококвалификувано лице за минимална плата.

Збор зеде Градоначалникот на Општина Свети Николе, Дејан Владев, кој се надоврза околу Јавното Комунално Претпријатие дека последните неколку години е на минимум, при што во моментот Локалната самоуправа го има ангажирано најмногу ова претпријатие и има исплатено најмногу средства, односно за секоја завршена работа од страна на ова претпријатие, си добиваат налог и им се исплатени сите средства за одредени услуги. Во врска со водоводната мрежа, Градоначалникот даде објаснување дека на сите улици каде што е извршена реконструкција е извршена и промена на целосната водоводна мрежа. Градоначалникот кажа и дека денот на ова претпријатие започнува со јавување на доверители, поради грешки од претходните раководства сеуште се исплаќаат фамозните паркинзи, механички работи кои се работени пред многу време, половните возила во ова претпријатие, бекатони, водата во Злетовица и сл. и тоа е се поради натрупани и неплаќани сметки од претходните раководства, но ова претпријатие постепено застанува на нозе, така што веќе нема да можат така лесно да не блокираат одредени доверители. Градоначалникот се надоврза и околу бројот на вработените во ова претпријатие, дека бројот е намален со некои 20-30 проценти, дека нема Договори на дело за лица кои не одат на работа,а се на платен список, нема зголемување на вработени како што е била праксата порано. Според Градоначалникот, многу е лесно да се плаќаат само тековните трошоци, но кога се плаќаат и сметки заостанати од поодамнае навистина многу тешко, при што

еден период ова претпријатие се соочило и со немање нафта, поради неплатени долгови, но таквите проблеми полека се решаваат.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој му одговори на Градоначалникот дека кога се зборува за Извештај, треба да се има Извештајот пред него и да се кажат сите работи кои биле плаќани во која сметка ги има, се што е кажано за плаќање, во Извештајот го нема никаде во расходната ставка. Советникот ја посочи ставката “услуги од други лица” каде што имаме надворешни фирми кои вршат одредени услуги, при што тоа е погубно за ова претпријатие. Советникот кажа дека цените на горивата и електричната енергија биле аргумент за покачување на сметките на граѓаните, па прашањето е зошто сега не се намалат сметките.
Збор зеде Градоначалникот на Општина Свети Николе, Дејан Владев, кој посочи дека тој не чита од Извештај, туку кажува како е на терен и како е реално, а од чесноста и од сработеното ќе оценат самите граѓани. Градоначалникот ги повика советниците да појдат до ова претпријатие и самите да се уверат во нивното работење, со блокадите, со долговите и дали плаќаат или не плаќаат.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој укажа на зборовите од Градоначалникот дека “ хартија може се да трпи“ и постави прашање дали тоа значи дека пред советниците се доставувани материјали кои не се точни, кои можат лесно да се фингираат, иако лично советникот не верува дека тоа е така. Советникот кажа и дека последните месеци плаќа повисока сметка за комунални услуги, отколку за електрична енергија, со што би требало полека претпријатието да заздравува.

За збор се јави Директорот на ЈКП “Комуналец”- Зоран Јорданов, кој кажа дека како најголем проблем се јавува покачувањето на сметките изнесувањето на смет, меѓутоа тоа беше единствена шанса да се покријат долговите. Директорот објасни дека наследил долгови кон доверителите од околу 34 милиони денари, плус минатата кризна година максималната цена што е плаќања за струја на годишно ниво е 3,5 до 3,8 милиони денари, додека за плаќање има 11 милиони денари, па како би сето тоа можело да се плати и да се сервисира. Исто и со платата, која од претходната година е покачена за 50 проценти и сите цени се повеќе од трикратко зголемени.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој кажа дека се сложува со колегата Поповски, дека никој не заслужува да слушне дека самиот Извештај е само парче хартија, а дека реалноста е друга. Според советникот реалноста не може да биде различна од финансискиот извештај, односно се она што се гледа во реалноста и на терен, мора да биде преточено тука. Советникот постави и прашање до службите кои го изработиле овој извештај, дали Градоначалникот има дадено преку 30 милиони денари на ова претпријатие.
За збор се јави Жаклина Јорданова- сметководител во ЈКП “Комуналец”, која објасни декаовој Извештај се изготвува врз база на фактурирани величини во периодот од 01.01. до 30.09.2023 година и ова се реални податоци, односно трошоци кои се настанати а не значи дека истите се и подмирени. Кога станува збор за нето платата, имаме зголемување и на персоналниот данок, што значи и зголемување на бруто платата, при што просечната нето плата беше 20.000 денари, сега е 27.000 денари. Раководителката објасни и околу потрошената електрична енергија дека изнесува 5.333.000 денари со што е зголемена за околу 100 проценти. Кај приходите исто, во ставката приходи од други услуги, влегуваат фактурите кои се изготвуваат од претпријатието спрема општината за одржување на јавни зелени површини.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој само ја исправи вработената во ЈКП “Комуналец”, во однос на бруто и нето платата, дека неможе нето платата да биде покачена за 15 проенти, а бруто платата да е покачена за 30 проценти, бидејќи се покачуваат пропорционално. Советникот се заблагодари на вработената во ЈКП “Комуналец”, поради тоа што кажа дека бројките во Извештајот се точни и не се фингирани.
Збор зеде Градоначалникот на Општина Свети Николе, Дејан Владев, кој кажа дека неговите зборови се извртени и дека тој не кажал дека Извештајот е фингиран, туку само дека тој лично не чита од хартија, туку кажува реално како што е. Градоначалникот се надоврза и околу паркингот, кој беше околу 6,5 милиони денари, а се платени само 100.000 денари, камионот имал вредност од 40.000 евра од кои платени се 1.000-2.000 евра, односно само учество кај што тој лично бил кај сите тие фирми, да се потпишедоговор на рати за да не не блокираат.
Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Извештајотнагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6ПРОТИВ**го усвои **Извештајот за материјално-финансовото работење на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01. 01. 2023 година до 30.09. 2023 година.**

**Точка 13**
**Барање финансиска помош од лицето М.П.**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од Дневниот ред.
Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска помош на гласање и Советот со **15 гласа ЗА** гоусвои **Барањето финансиска помош од лицето М.П.**

**Точка 14**
**Барањенафинансискаподдршказаиздавањеназбиркапоезијазавозрасниодлицето К.А.Н.**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од Дневниот ред.
Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
Претседателката на Советот даде објаснување дека станува збор за финансиска помош во вредност од 10.000 денари, додека за претходната финансиска помош, вредноста изнесува 30.000 денари.
Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска поддршка на гласање и Советот со **15 гласа ЗА** го усвои**Барањетонафинансискаподдршказаиздавањеназбиркапоезијазавозрасниодлицето К.А.Н.**

**Точка 15**
**Барање финансиска помош од лицето Т.А.**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот дадеобјаснување дека за оваа точка висината на финансиската помош изнесува 20.000 денари.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска помош на гласање и Советот со **10 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ** го усвои **Барањето финансиска помош од лицето Т.А.**

- **После исцрпениотДневен ред, Претседателката на Советот најави Советничко прашање од страна на советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов.**

Советникот постави прашање до Градоначалникот кое гласеше дека уште од Април месец имал поднесено Иницијатива за Советот да донесе Одлука за ослободување или процентуално намалување на давачките и надоместоците кон Општина Свети Николе за бранителите на Република Македонија, при што не добил буџетска анализа од службите, а подоцна го добил одговорот од Претседателката на Советот дека оваа точка ќе биде ставена на Дневен ред, но веќе осум месеци по ред оваа точка никако неможе да биде ставена на Дневен ред, а во меѓувреме поминати се и два ребаланси на Буџет каде што можеше сето ова да биде предвидено. Прашањето од советникот е зошто оваа Иницијатива веќе осум месеци е оставена во фиока , бидејќи така му е одземено советничкото право истата да се стави на Дневен ред. Притоа советникот постави прашање дали може одговорот и анализите од службите да се добијат пред новиот Буџет за да видиме дали постои можност во наредниот Буџет во месец декември да бидат вклучени и овие барања.

Збор зеде Градоначалникот на Општина Свети Николе, Дејан Владев, кој одговори дека ќе им биде пренесено на стручните служби да направат анализа и навремено ќе бидете известени.

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во16:40 часот.

Општина Свети Николе 15.11.2023 година.

**Записничар** | **Совет на Општина Свети Николе**
**Марија Лазаров** | **Претседател,**
**Валерија Ивановска**

_______________

_____________________

# ЗАПИСНИК

Од триесет и деветтата редовна Седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден 06.12.2023 година во советничката сала на Општина Свети Николе со почеток во15:00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

На Седницата беа присутни сите 14 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов,Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Ристе Андонов и Александар Симонов. Отсутен беше советникот Горан Трајковски.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваше и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручнислужбинаОпштина Свети Николе
- предлагачите на точките на Дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на Советот го предложи следниов Дневен ред :

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Усвојување на Записник од триесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 15.11. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог - Решение заименување на преставник од Министерство за труд исоцијалнаполитика воУправниотодборна ЈОУДГ‘’РахилкаГонева’’СветиНиколе;

**Точка 2**

Предлог – Решение за верификација на мандатите на членови на Иницијативен одбор за конституирање Локално собрание за млади на Општина Свети Николе;

**Точка 3**

Предлог – Одлука за проширување на гробишта;

**Точка 4**

Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар ШЕПА Кавадарци;

**Точка 6**

Предлог – Решение за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци,
Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на Г.П.1.1 од УПВНМ Горобинци за изградба на објекти од мало стопанство на к.п.864/1, к.п.868, к.п.869, к.п.870, к.п.871, к.п.872, к.п.873, к.п.874/2, к.п.875/2, дел од к.п.881, дел од к.п.1585/1, к.п.1585/2 м.в. Беш Карач, КО Горобинци, Општина Свети Николе;

**Точка 9**

Предлог - Оперативен план за чистење и одржување на улици, локални патишта во Општина Свети Николе за 2023-2024 година во зимски услови

**Точка 10**

Предлог - Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николеза 2023-2024 година во зимски услови;

**Точка 11**

Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) во 2024 година;

**Точка 12**

Нацрт – Програма заактивноститенаОпштинаСвети Николе во областа на културата во 2024 година;

**Точка13**

Нацрт – Програма заактивноститенаОпштинаСвети Николе во областа на социјалната заштита во 2024 година;

**Точка 14**

Нацрт – Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјетона Општина Свети Николе во 2024 година;

**Точка15**

Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана заштита и спасување и противпожарната заштита во 2024 година;

**Точка 16**

Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областанаспорт и млади во 2024 година;

**Точка 17**

Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана образованието во 2024 година;

**Точка 18**

Нацрт - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана меѓународната соработка во 2024 година;

**Точка 19**

Нацрт - Програма за еднакви можности на Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 20**

Нацрт Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развојво 2024година;

**Точка 21**

Нацрт - Програма за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2024година;

**Точка 22**

Нацрт- Програма за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта иулициво општина Свети Николе во 2024година;

**Точка 23**

Нацрт Буџет на Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 24**

Барање финансиска помош од ИЗГРЕВ – ПАВ дооел Свети Николе;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по Дневниот ред.

Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, советниците со **14 гласа ЗА** го усвоија и работеа по него.

Претседателката на Советот го стави на усвојување Записникот од триесетиосмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 15.11.2023 година.

Откако немаше забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **14 гласа ЗА** го усвоија Записникот од триесетиосмата редовна седница.

**Точка 1**

**Предлог - Решение за именување на преставник од Министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г.''Рахилка Гонева'' Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања - Кристијан Кузелов, го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решението на гласање и Советот со **13 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН** го усвои**Решението за именување на преставник од Министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г. ''РахилкаГонева'' Свети Николе.**

**Точка 2**

**Предлог – Решение за верификација на мандатите на членови на Иницијативен одбор за конституирање Локално собрание за млади на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања - Кристијан Кузелов, го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката го стави Предлог – Решениетонагласање и советот со **8 гласа ЗА и 6ВОЗДРЖАНИ** го усвои**Решениетоза верификација на мандатите на членови на Иницијативен одбор за конституирање Локално собрание за млади на Општина Свети Николе.**

**Точка 3**

**Предлог – Одлука за проширување на гробишта;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 3 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за комунални работи и сообраќај приСоветот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева,го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **14 гласа ЗА**донесе **Одлука за проширување на гробишта.**

**Точка 4**

**Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 4 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијатаза финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **14 гласа ЗА**донесе**Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово.**

**Точка 5**

**Предлог – Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар ШЕПА Кавадарци;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 5 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **14 гласа ЗА** донесе**Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар ШЕПА Кавадарци.**

**Точка 6**

**Предлог – Решение за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци,Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 6 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Решениетонагласање и Советот со **13 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН**го усвои**Решението за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци,Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово.**

Советникот Горан Трајковски го потврди своето присуство.

**Точка 7**

**Предлог – Одлука за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 7 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе – Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**донесе **Одлука за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 8**

**Предлог – Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на Г.П.1.1 од УПВНМ Горобинци за изградба на објекти од мало стопанство на к.п.864/1, к.п.868, к.п.869, к.п.870, к.п.871, к.п.872, к.п.873, к.п.874/2, к.п.875/2, дел од к.п.881, дел од к.п.1585/1, к.п.1585/2 м.в. Беш Карач, КО Горобинци, Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 8 од Дневниот ред.

ПретседателотнаКомисијата за финансии и локален економски развој приСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата– Кристијан Кузелов, кој побара појаснување од службите во однос на оваа точка.

За збор се јави Дарко Јованов, вработен во Одделението за урбанизам при Општина Свети Николе, кој објасни дека овој Урбанистички проект се однесува само за локацијата на Лион, каде што има мало поместување на парцелата, додека урбанистичкиот план за вон населено место е усвоен во една од претходните седници.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката на гласање и Советот со **15 гласа ЗА**донесе **Одлука за донесување на**

**Урбанистички проект со план за парцелација на Г.П.1.1 од УПВНМ Горобинци за изградба на објекти од мало стопанство на к.п.864/1, к.п.868, к.п.869, к.п.870, к.п.871, к.п.872, к.п.873, к.п.874/2, к.п.875/2, дел од к.п.881, дел од к.п.1585/1, к.п.1585/2 м.в. Беш Карач, КО Горобинци, Општина Свети Николе.**

**Точка 9**

**Предлог - Оперативен план за чистење и одржување на улици, локални патишта во Општина Свети Николе за 2023-2024 година во зимски услови;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 9 од Дневниот ред.
ПретседателкатанаКомисијата за комунални работи и сообраќај приСоветотна Општина Свети Николе -Фросина Ѓорѓиева,го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Предлог – Оперативниот планнагласањеи Советот со **14 гласа ЗА и 1ВОЗДРЖАН**го усвои**Оперативниотплан за чистење и одржување на улици, локални патишта во Општина Свети Николе за 2023-2024 година во зимски услови.**

**Точка 10**

**Предлог - Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николеза 2023-2024 година во зимски услови;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 10 од Дневниот ред.
Претседателката на Комисијата за комунални работи и сообраќај приСоветот на Општина Свети Николе - Фросина Ѓорѓиева,го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програматанагласање и Советот со **14 гласа ЗА и1ВОЗДРЖАН**ја усвои **Програмата за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николеза 2023-2024 година во зимски услови.**

**Точка 11**

**Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 11 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој при Советот на Општина Свети Николе - Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 12**

**Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 12 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка13**

**Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 13 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 14**

**Нацрт – Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјетона Општина Свети Николе во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 14 од Дневниот ред. Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развојприСоветотна Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка15**

**Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана заштита и спасување и противпожарната заштита во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 15 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе -Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 16**

**Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа наспорт и млади во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 16 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 17**

**Нацрт – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 17 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 18**

**Нацрт - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 18 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 19**

**Нацрт - Програма за еднакви можности на Општина Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 19 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 20**

**Нацрт Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развојво 2024година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 20 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 21**

**Нацрт - Програма за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2024година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 21 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 22**

**Нацрт- Програма за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта иулициво општина Свети Николе во 2024година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 22 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 23**

**Нацрт Буџет на Општина Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 23 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

**Откако беше разгледана Нацрт – Програмата и никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја затвори расправата.**

**Точка 24**
**Барање финансиска помош од ИЗГРЕВ – ПАВ дооел Свети Николе;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 24 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развојприСоветот на Општина Свети Николе - Владимир Тосевго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот пред да го стави Барањето на гласање, даде објаснување дека станува збор за финансиска помош од 30.000 денари.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска помош на гласање и Советот со **15 гласа ЗА** го усвои **Барањето финансиска помош од ИЗГРЕВ – ПАВ дооел Свети Николе.**

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори триесет и деветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која завршиво15:40 часот.

Општина Свети Николе 06.12.2023 година

**Записничар**
**Марија Лазаров**
_______________

**СоветнаОпштинаСветиНиколе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**

_____________________

## ЗАПИСНИК

Од четириесеттата редовна Седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден14.12.2023 година (четврток) во советничката сала на Општина Свети Николе сопочетокво15:00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

На Седницата беа присутни 14 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов,Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Горан Трајковски и Александар Симонов.

Отсутен беше советникот Ристе Андонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:
- Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе;
- предлагачите на точките на Дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на Советот го предложи следниов Дневен ред :

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**Точка 1**
**Предлог- Одлука за доделување на општински признанија и награди за 2023година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по Дневниот ред.

Откако никојне се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, при што советниците со **14 гласа ЗА** го усвоија и работеа по него.

**Точка 1**

**Предлог- Одлука за доделување на општински признанија и награди за 2023година;**

Претседателката на Советот отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Претседателот наКомисијата за финансии и локален економски развој – Владимир Тосевја образложи оваа точка прво со читање на членовите на Одборот за доделување на општински награди и признанија, а потоа и со целата Предлог-Одлука:

За значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на локалната самоуправа во Општината, заштита и унапредување на животата средина и во другите области на животот и трудот што претставуваат посебен придонес за вкупниот напредок и афирмација на Општина Свети Николе.

**ПЛАКЕТА се доделува на**:

- **Професор Д-р Ратко Дуев**за значајни остварувања и постигнувања во полето на археологијата, туризмот и промоција,афирамција на археолошкиот локалитет Била Зора;

-**НАЛАС - Мрежа на здруженија на локалните власти во Југоисточна Европа** за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на капацитетите на Локалната самоуправа и развиток на Општина Свети Николе во полето на меѓународната соработка;

- **UNDP Програма за развој на Обединетите нации** за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на капацитетите на Локалната самоуправа на Општина Свети Николе;

**ПРИЗНАНИЕ се доделува на**:

- **Д-р Мирче Јосев** -за значајни остварувања и постигнувања во здравството и за исклучителен придонес за јавното здравје во општина Свети Николе;

-**Д-р Ирина Трајчева** - за исклучителен придонес во здравствената заштита и женското претприемништво;

-**Горјан Андроников**- за исклучителен придонес во промоцијата на општина Свети Николе на интернационално ниво во областа на образованието;

-**Никола Кузелов** - за исклучителен придонес во промоцијата на општина Свети Николе во областа на културата;

- **Будимир Петров** - за значајни остварувања и постигнувања во полето на геодезијата;

**- Анастасија Сентовска**- за исклучителен придонес во промоцијата на општина Свети Николево младинскиот спорт категорија Ракомет;

**- Илијана Велева** - за исклучителен придонес во промоцијата на општина Свети Николево младинскиот спорт категорија Шах;

-**КМФ Овче Поле 2013 –** за исклучителен придонес во промоцијата на општина Свети Николе во областа на спортот;

**- Д.О.О.Е.Л.Авто Сигурност Свети Николе** - за исклучителен придонес во промоцијата на општина Свети Николе во областа на претприемништвото;

- **Отец Спиридон Петрушевски** - за значајни остварувања и постигнувања во полето на хуманизмот и теологијата;

**-Извиднички одред „Гоце Делчев“ Свети Николе –** за исклучителен придонес во полето на волонтерството,граѓанско учество и младинско здружување;

**БЛАГОДАРНИЦА:**

**- Бранко Стаменковиќ** – за успешно остварени активности и ангажирање во областа на комуналните услуги и животната средина;

**-Јове Николиќ**– за успешно остварени активности и ангажирање во областа на комуналните услуги и животната средина.
**СПОМЕН ПЛАКЕТИ**да се додели на:

- **Костадин Миланов**- за посебен придонес во фармацијата во општина Свети Николе;

- **Илчо Јанев** - за посебен придонес во спортот во општина Свети Николе;

**Член 2**

**ПРОСВЕТЕН РАБОТНИК** за учебната 2022/2023

- **Славица Панева**– наставник во ООУ „Свети Кирил и Методиј”
- **Валентина Ѓоргиева**- наставник во ООУ „Гоце Делчев”
- **Снежана Мицева Цветковска**- наставник во ООУ „Даме Груев”

- **Оливера Лазева-Митева** – наставник во СОУ „Кочо Рацин”

**НАЈДОБАР УЧЕНИК**за учебната 2022/2023

- **Основно образование**
    - **Андреј Славевски**– ученик во во ООУ „Свети Кирил и Методиј“
    - **Викторија Бојковска** - ученик во ООУ „Даме Груев“
    - **Никола Крстев**– ученик во ООУ „Гоце Делчев“

- **Средно Образование**
    - **Евдокија Маркова**– ученик во во СОУ „Кочо Рацин“

**Ликовен конкурс** на тема Свети Николај – Заштитник и патрон на градот Свети Николе:

- Основно образование
    - 1 место - **Јована Боневска** – ученик во ООУ „Свети Кирил и Методиј“
    - 2 место - **Андреј Крстев** – ученик во ООУ „Гоце Делчев“
    - 3 место – **Бисера Панова** – ученик во ООУ „Гоце Делчев“
- Средно образование
    - 1 место **Ивона Ѓоргиева** - ученик во во СОУ „Кочо Рацин“
    - 2 место **Драгана Минова** - ученик во во СОУ „Кочо Рацин“
    - 3 место **Сандра Петрова**– ученик во во СОУ „Кочо Рацин“

**Литературен конкурс** на тема Свети Николај – Заштитник и патрон на градот Свети Николе:

- Основно образование

    - 1 место **Стефанија Костадинова**– ученик во во ООУ „Свети Кирил и Методиј“
    - 2 место **Матеј Велков** - ученик во во ООУ „Даме Груев“
    - 3 место **Анѓела Заркова** – ученик во во ООУ „Гоце Делчев“

- Средно образование

    - 1 место **Ана Наковска**– ученик во во СОУ „Кочо Рацин“
    - 2 место **Мартин Донев**– ученик во во СОУ „Кочо Рацин“
    - 3 место **Нина Бојановска**– ученик во во СОУ „Кочо Рацин“

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата- Игор Поповски кој изнесе забелешка околу Одборот кој ја донесува одлуката за доделување на општинските признанија и награди, поточно дека самиот Одбор се состои од членови чие мнозинство го сочинуваат советници од владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Според советникот, овој Одбор би требало да содржи само еден член од советот и тоа Претседателот на совет, а другите членови да бидат одредени истакнати граѓани, за да не дојде до сомнеж околу изборотза наградите и истите да имаат поголема тежина. Советникот потенцира дека овде станува збор за партиска комисија, дека за членови во овој Одбор се именувани само истомисленици или симпатизери и изрази сомнеж дали воопшто овој Одбор се состанувал и дискутирал околу наградените т.е. Градоначалникот самиот одлучил кои ќе бидат наградените лица.Според советникот, оваа Комисија доликува да биде стручна, со членови од одредени области.

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска, посочи на тоа дека освен тројца советници од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ има и член на Одборот кој е од редот на советници кој беше кандидат од независна листа. Притоа Претседателката кажа дека не е во ред да постои сомнеж дека изборот е несоодветен, дека има злоупотреба во врска со изборот и да доаѓа до некоја заблуда кај граѓаните. Претседателката потенцира дека секој кој се јавил на јавниот оглас, без разлика на својата политичка определба, може да биде и награден и кажа дека политика овде ниту имало до сега, ниту пак ќе има во иднина.

Збор зеде Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев, кој постави прашање зошто е споменуван дури и во работи со кои тој нема ништо, ниту го распишува огласот, ниту пак има сознанија кои се пријавените на огласот. Градоначалникот потенцира дека баш за награден просветен работник, предлози се дадени од Наставничкиот совет и дека не треба да се дискутира и околу ученици кои постигнале врвни резултати на било кое поле, а притоа да се става сомнеж на сите лица кои се пријавени на огласот. Градоначалникот кажа дека баш сега е предпразничен период, станува збор за Патронот на нашиот град “Свети Николај”, период во кој треба да славиме, да бидеме Православни македонци, а не да дискутираме околу комисијата, да се става сомнеж и да се споменуваат луѓето кои се пријавени на огласот.

- **Советникот Ристе Андонов го потврди присуството.**

Претседателката на Советот даде збор на советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Владимир Тосев, кој даде објаснување околу изборот на наградените и кажа дека е одбиено само едно барање од ЖРК “Овче Поле”, а причината поради која е одбиено барањето е што претходната година споменатиот клуб добил признание. Советникот потенцира и дека за прв пат оваа година се доделуваат награди на лица вработени во јавното комунално претпријатие.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата- Игор Поповски, кој повторно посочи дека тој зборува околу членовите на комисијата, дека сите членови се од владејачката партија и симпатизери на истата и што и да и приложи Градоначалникот како листа, нормално дека ќе биде поддржана. Советникот дури и посочи дека советникот кој доаѓа од независна листа, а е член во споменатата комисија секогаш давал поддршка на предлозите во советот во полза на владејачката партија.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој посочи дека Одборот го распишува јавниот повик по Правилник и по процедура треба да трае пет дена, додека овој јавен повик траел петнаесет дена, при што на денот на состанување на Одборот сите барања кои биле доставени биле затворени во плика, што значи не биле отварани ниту пак разгледувани претходно од некој друг, освен од Претседателот на Комисијата.

Советникот даде предлог до советниците од советничката група на СДСМ и коалицијата, доколку некој од нив има желба да биде член во истата комисија, тој веднаш би го отстапил своето место во истата.

Збор зеде советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој се јави со забелешка зошто биле дискутирани заклучоци за одреден советник што тој сакал да каже и ја поддржа дискусијата на советникот Игор Поповски околу членовите во комисијата. Советникот побара барем од наредната година да се вклучи малку поширок спектар на стручни лица, на општествено истакнати лица, за да не постои сомнеж дали изборот е правилен или не.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Маја Давкова, која кажа дека и таа ќе се повлече од комисијата, а за следната година да има одредени критериуми, односно да се доработи Правилникот.

Претседателката на Советот - Валерија Ивановска ги информира граѓаните дека оваа Комисија е формирана пред две години и советниците гласале за истата, при што и советниците од советничката група на СДСМ и коалицијата го знаеле составот на Комисијата.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката на гласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАН** донесе **Одлука за доделување на општински признанија и награди за 2023година.**

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори четириесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 15:40 часот.

**Општина Свети Николе14.12.2023 година**

**Записничар**
**Марија Лазаров**
______________

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**

____________________

**ЗАПИСНИК**

Од четириесет и првата редовна Седница на Советот на Општина Свети Николе оддржана на ден 25.12.2023 година (понеделник) во советничката сала на Општина СветиНиколе со почеток во14:30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Свети Николе - Валерија Ивановска.

На Седницата беа присутни 15 советници: Валерија Ивановска, Владимир Тосев, Душица Митева, Кристијан Кузелов, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева, Миле Костов,Елизабета Јованчева, Борис Панев, Саша Мицевска, Игор Јованчев, Игор Поповски, Горан Трајковски, Ристе Андонови Александар Симонов.

Претседателката на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

- Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев;
- Секретарот на Општина Свети Николе – Зоран Стојчев;
- стручни служби на Општина Свети Николе;
- предлагачите на точките на Дневен ред;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска за работа на Советот го предложи следниов:

**Д н е в е н   р е д**

Усвојување на Записник од триесет и деветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 06. 12. 2023 година;

Усвојување на Записник од четириесеттатаредовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден14. 12. 2023 година;

**Точка 1**

Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) во 2024 година;

**Точка 2**

Предлог – Програма заактивноститенаОпштинаСвети Николе во областа на културата во 2024 година;

**Точка3**

Предлог – Програма заактивноститенаОпштинаСвети Николе во областа на социјалната заштита во 2024 година;

**Точка 4**

Предлог– Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјетона Општина Свети Николе во 2024 година;

**Точка5**

Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана заштита и спасување и противпожарната заштита во 2024 година;

**Точка 6**

Предлог – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областанаспорт и млади во 2024 година;

**Точка 7**

Предлог – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана образованието во 2024 година;

**Точка 8**

Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана меѓународната соработка во 2024 година;

**Точка 9**

Предлог - Програма за еднакви можности на Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 10**

Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развојво 2024година;

**Точка 11**

Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2024година;

**Точка 12**

Предлог - Програма за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта иулициво општина Свети Николе во 2024година;

**Точка 13**

Предлог - Буџет на Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 14**

Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за2024година;

**Точка 15**

Предлог – Одлука заизвршување наБуџетотна Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 16**

Буџетски календар за 2024 година на Општина Свети Николе;

**Точка 17**

Предлог – Одлука заопределување на име на улица во Општина Свети Николе;

**Точка 18**

Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во рамки на проектот "Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарскиот плански регион“

**Точка 19**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2024 година;

**Точка 20**

Предлог – Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

**Точка 21**

Предлог Одлука за формирање на заедничка комисија;

**Точка 22**

Предлог – Одлука за утврдување на цени за влезници за државјани на РСМ;

**Точка 23**

Предлог – Одлука за утврдување на цени на странски лица;

**Точка 24**

Предлог – Решение за именување на членови во заедничка комисија за Меѓуопштинска соработка на Општина Свети Николе и Општина Лозово;

**Точка 25**

Предлог – Решение за престанок на мандат на член на Надзорниот Одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП “Комуналец” – Свети Николе по сила на закон;

**Точка 26**

Предлог – Програма за работа за 2024 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;

**Точка 27**

Предлог Програма за работа на Дом на култура ,, Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2024 година;

**Точка 28**

Предлог - Програма за работа и развој на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2024 година;

**Точка 29**

Предлог – Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјетона Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 30**

Барање финансиска помош од лицето З.З.

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по Дневниот ред.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Дневниот ред на гласање, при што советниците со **15 гласа ЗА** го усвоија и работеа по него.

- Претседателката на Советот го стави на усвојување **Записникот од триесетидеветтата редовна седница** на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден **06. 12. 2023 година**.

Откако немаше забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **15 гласа ЗА** го усвоија Записникот од триесетидеветтата редовна седница.

- Претседателката на Советот го стави на усвојување **Записникот од четириесеттата редовна седница** на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден **14. 12. 2023 година**.

Откако немаше забелешки по Записникот, советниците гласаа и со **15 гласа ЗА** го усвоија Записникот од четириесеттата редовна седница.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата - Игор Јованчев, се јави за збор околу донесување на Буџетот на Општина Свети Николе т.е даде забелешка околу тоа дека бројките не се совпаѓаат, дека се разликуваат за околу 20 милиони денари и предложи службите да си извршат корекција.

За збор се јави Раководителот на одделение за финансии при Општина Свети Николе, Сузана Нушева, која кажа дека сублиматот е точен, но најверојатно станува збор за грешка при собирање, бидејќи во вкупниот износ влегува и вишокот на приходи.

По дадената петминутна пауза, повторно збор зеде Раководителот на одделение за финансии при Општина Свети Николе, Сузана Нушева, која појасни дека станува збор за техничка грешка, а се однесува на 20-те милиони кои биле доделени од Владата и се пренесени за наредната година, додека другите ставки во Буџетот се во ред.

**Точка 1**

**Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) во 2024 година**;

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програматанагласање и Советот со **10 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ** ја усвои **Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) во 2024 година.**

**Точка 2**

**Предлог – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
За збор се јави советникот од политичката партија – ЛЕВИЦА, Александар Симонов, кој кажа дека оваа Програма нема да ја поддржи поради неправилна распределба на средства, при што за само два настани и тоа “Тодорица” и “Бела ноќ” се издвојуваат вкупно 1,3 милиони денари, додека за останатите девет културни настани се издвојуваат многу помали средства.
Втората забелешка на советникот беше поради тоа што двата поголеми настани “Бела ноќ” и “Моторијада” се предвидени во месец Август и голем број од граѓаните се на одмор и не се во можност да присуствуваат на настаните. Последната забелешка на советникот е околу Денот на шегата – Априлијадата, која е предвидено да се реализира во месец Декември, при што советникот тврди дека е целосна грешка.
Збор зеде Градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев, кој посочи дека секоја културна манифестација спрема големината на настанот си бара и различна сума на средства. Градоначалникот даде појаснување дека во настанот “Моторијада”, Општина Свети Николе е само покровител, а не и организатор и притоа неможе да навлегува околу датумот назначен за овој настан, додека настанот “Бела ноќ” е секогаш крајот на месец Август како најповолен месец, пред почетокот на учебната година.Градоначалникот се надоврза и околу прашањето од советникот Александар во врска со настанот “Априлијада” и посочи дека најверојатно станува збор за техничка грешкаво врска со месецот на реализација на овој настан.
Повторно за збор се јависоветникот од политичката партија – ЛЕВИЦА, Александар Симонов, кој кажа дека се согласува со одговорот од страна на Градоначалникот и самата организација во врска со настаните, но предлага од следната година во Програмите да не се дава одредена временска рамка доколку пред време не се знае точно кога ќе се реализираат настаните, со цел имање појасна слика за самите настани.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2024 година.**

**Точка3**

**Предлог – Програма за активностите на Општина Свети Николе во обласа на социјалната заштита во 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 3 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој ја разгледал тендерската документација за набавка на новогодишни пакетчиња од страна на Општината и увидел дека се бараат новогодишни пакетчиња А и новогодишни пакетчиња Б, при што од едните имало побарувачка од околу илјада пакетчиња, додека од вторите околу 46 пакетчиња. Според советникот не треба да постои новогодишно пакетче А и новогодишно пакетче Б, туку според средствата кои ги предвидела Општината за ваква намена, да има исти пакетчиња за сите.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/6**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата,а се однесува на "Измена на Предлог- Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година, поточно на Програмата Е00 – Општинска администрација, ставка 427-привремени вработувања, потставка 427110- привремени вработувања, сумата од 1.000.000 денари се намалува за износ од 300.000 денари, односно се заменува со сумата од 700.000 денари. Сумата од 300.000 денари да се префрли во Програмата V10, ставка 425-договорни услуги, потставка 425990-други договорни услуги."

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој не го прифати Амандманот со образложение дека за оваа ставка веќе има обезбедено средства во Буџетот во висина од 350.000 денари и од Агенцијата за вработување уште околу 650.000 денари, но сеуште нема никаков интерес за овој вид на работа, со посебна категорија на ученици.

Советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Саша Мицевска, како предлагач на Амандманот, изјасни свое мислење околу средствата, издвоени од Општина Свети Николе, дека се сепак малку, бидејќи во Програмата за социјална заштита се наведени еден образовен асистент и еден личен асистент во СОУ "Кочо Рацин".

Советничката објасни дека со овој Амандман бараат обезбедување на лични асистенти за ученици со посебни образовни потреби во сите општински училишта,а не само за СОУ "Кочо Рацин"и предложи да се зголеми хонорарот кои овие лица би го добивале, бидејќи станува збор за работа која самата по себе носи многу одговорности.

Збор зеде Градоначалникот – Дејан Владев, кој кажа дека средства има, но дека не е ни време ни место да се зборува за некоја категорија на лица, а со самото тоа да се остваруваат некои лични поени.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој побара одговор од Градоначалникот околу новогодишните пакетчиња, што ги претходно спомена и советникот Игор Поповски, меѓутоа доби одговор од Претседателката на Советот, дека сега е на ред расправа за Амандманот, а подоцна ќе преминат на точката.
Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **6 гласа ЗА, 3 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ** не е усвоен .

Претседателката на Советот ја продолжи расправата по точка 3 од Дневниот ред.
Збор зеде советникот одсоветничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој повторно побара одговор од Градоначалникот околу новогодишните пакетчиња, на кое прашање доби одговор дека ќе им биде одговорено во писмена форма.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата на гласање и Советот со **8 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** ја усвои **Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2024 година.**

**Точка 4**
**Предлог– Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјетона Општина Свети Николе во 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 4 од Дневниот ред.
Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/12**поднесен од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата,а се однесува на Предлог Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2024 година во програмата ЈГ. Подпрограма ЈГА. Снабдување со вода капитални расходи ставката оспособување на бунари систем Дивљак во износ од 2.000.000 денари и ставката Реконструкција на водоводна мрежа во град Свети Николе во износ од 500.000 денари се бришат. Се додава нова ставка која гласи:
  “Реконструкција на водоводна мрежа на територијата на Општина Свети и оспособување на постоечки бунари за водоснабдување, во сума од 2.500.000 денари“

Претседателката на Советот му даде збор на Заменик Градоначалникот - Кристијан Кузелов, да се изјасни околу Амандманот дали се прифаќа.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој побара да биде присутен и Градоначалникот, бидејќи се носи Буџет на Општината и одговорноста треба да биде на повисоко ниво.

Заменик Градоначалникот – Кристијан Кузелов, пред да се произнесе по Амандманот даде образложение околу истиот, дека треба да се испитаат некои работи околу водоснабдувањето Дивљаки во каква состојба се наоѓаат бунарите и да се направи одредена анализа околу трошоците од страна на ЈКП "Комуналец"при што двете ставки се ставени заедно во една.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој кажа дека Амандманот се прифаќа.

Пртетседателката на Советот отвори расправа по Амандманот.
Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** е усвоен .

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/5**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата,а се однесува на Измена на подпрограмата Е00 – "Општинска администрација", подставка 427110 во делот на привремени вработувања, сумата 1.000.000 денари се заменува со сумата 500.000 денари, потставка 425990 – Други договорни услуги, сумата 1.200.000 се заменува со 850.000 денари и подставка 425310 – "Правни услуги", сумата 300.000 се заменува со 150.000 денари.
  Во Програмата Ј, подпрограма ЈДБ " изградба и реконструкција на тротоари и улици и патишта" се вметнува сума од 1.000.000 денари за проширување на патека која започнува покрај Агенцијата за вработување, поминува покрај ООУ "Свети Кирил и Методиј" и завршува кај мостот, на излезот од училиштето, спрема паркот.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој не го прифати Амандманот со образложение дека патеката спрема училиштето е направена, а оваа година веќе има предвидено проширување на истата и поставување на бекатон.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој го образложи Амандманот, дека всушност станува збор за патека кај што гравитираат голем број на граѓани и навистина е од големо значење за тој дел од градот, како и пешачкиот премин кој треба да се премине за да децата одат на училиште, а е навистина ризичен. Советникот се надоврза и на тоа дека претходната патека е разрушена, како и дека остатоците од истата сеуште стојат, постојано е во кал преминот кон училиштето, како и безбедноста и осветленоста помеѓу училиштето и реката е на најниско ниво.
Збор зеде Градоначалникот – Дејан Владев, кој појасни дека за тој дел од градот најмногу кажуваат сликите и делата и целата таа руина со трева што стоела со години почна да наликува на нешто. Градоначалникот се надоврза кон осветлувањето дека ќе бидат поставени сијалици со поголема јачина.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој посочи и дека под улица Овчеполска уште пред две години имало интервенција на една цевка и сеуште стои незатрупана, додека речното корито е завршено.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **6 гласа ЗА и 9 ВОЗДРЖАНИ** не е усвоен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/3**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата,а се однесува на Подпрограмата Е00 Општинска администрација во делот на привремени вработувања, подставка 427110, сумата 1.000.000 денари се заменува со сумата 500.000 денари. Во Програмата Ј, подпрограма ЈИБ, "изградба на фекална канализациона мрежа", се вметнува сума од 500.000 денари за решавање на проблемот со непријатна миризба која се шири низ плоштадот во центарот на градот.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, со образложение дека таа решетка не е фекална канализација, туку е атмосферска и за ова има предвидено средства во Буџетот за канализација и водовод и веќе се бара решение за истиот проблем.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој го образложи Амандманот, дека навистина има проблем со миризбата која се шири во центарот на градот, посебно во летниот период.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **5 гласа ЗА и 10 ВОЗДРЖАНИ** не е усвоен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/1**поднесен одсоветникот Александар Симонов-советник од политичката партија Левица, а се однесува на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2024 година, во делот изградба и ртеконструкција на улици и патишта во Општина Свети Николе, табела 482130, по зборовите "Реконструирање на улици во град Свети Николе" се додаваат зборовите "Улица Маршал Тито".

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, со образложение дека станува збор за техничка грешка каде што во тој дел стои улица "Пиринска",која треба да се биде повлечена, бидејќи е веќе санирана, а веќе од минатата година станува збор за улица "Маршал Тито" и дека ќе биде направена исправкаи ќе бидат санирани тие делови во оснос на средствата кои ги имаме оваа година, а се за околу пет пати повеќе од средствата одобрени претходната година.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој кажа дека Амандманот треба да биде прифатен, од едноставна причина што доколку се изгласа Амандманот, нема потреба да се прави исправка на техничката грешка и според него оваа улица е со приоритет, пред било која друга улица во градот, бидејќи улицата се наоѓа на самиот влез во градот, а сепак нема тротоари, има премногу дупки кои посебно доагаат до израз во време на дожд, кога се користи само една лента поради истата причина.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **15 гласа ЗА** е усвоен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/8**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата,а се однесува на Програмата Д00 Градоначалник, во к-то 426210 РАСХОДИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА сумата од 300.000 денари се намалува за 150.000 денари и изнесува 150.000 денари. Во Предлог подпрограмата ЈМА се додава нова ставка за Изградба на фитнес зона со неколку реквизити поставени на тревната површина на дел од пешачката патека кон с. Кнежје и се додава 150.000 денари.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој не го прифати Амандманот со образложение дека веќе во Програмата има предвидено поставување на клупи, лулашки и сл.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Борис Панев, кој образложи дека на оваа патека бројот на спортисти и рекреативци е се поголем, па според тоа е потребна една фитнес зона, а не клупи кои би служеле само за седење.

Збор зеде Градоначалникот - Дејан Владев, кој кажа дека ако некој се грижи за спортот во последните неколку години, тоа е сегашниот состав, изградени се детски игралишта, реконструиран е стадионот, реновирано е и ракометарското игралиште, изграден е Нов парк со секакви содржини, реновирано е игралиштето во населба Бараки, а во тек е и огласот за изградба на балон сала во СОУ "Кочо Рацин", при што овде зборуваат само делата од направеното.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој имаше една забелешка околу тие предвидени 150.000 денари, кои се предвидени за набавка на клупи, корпи за одпадоци, јавни чешми и сл. при што советникот смета дека може да бидат издвоени 150.000 денари и за фитнес зона.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој се изјасни дека не е против фитнес зона, но Амандманот се однесува на тоа оваа фитнес зона да биде поставена на патеката кон с. Кнежје, а до сега што и да е поставено таму, на истата се среќаваме со кршење на паноата, на клупите, вандализми, иако е осветлена патеката пак се соочуваме со истите проблеми и кога би биле поставени вакви справи на тој дел од градот, нема долго време да бидат во функција, поради несоодветната локација.

Збор зеде Градоначалникот - Дејан Владев, кој се надоврза дека има поднесено барање до Агенција за млади и спорт за вакви справи за фитнес зона на други две локации во градот и доколку се добие согласност ќе бидат поставени истите.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **6 гласа ЗА и 9 ВОЗДРЖАНИ** нее усвоен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/4**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата,а се однесува на

Подпрограмата Е 00 “Општинска администрација” подставка 427110 во делот на “привремени вработувања”, сумата 1.000.000 денари се заменува со сумата 500.000 денари. Подставка 425990 “Други договорни услуги”, сумата 1.200.000 се заменува со 850.000 денари и потставка 425310 “ Правни услуги”, сумата 300.000 се заменува со 150.000 денари. Во Програмата Ј, подпрограма ЈДБ, “изградба и реконструкција на тротоари на улици и патишта” се вметнува сума од 1.000.000 денари за уредување на тротоар на улица “Маршал Тито” и потегот од Средното земјоделско училиште до АД “Мода” Свети Николе.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој не го прифати Амандманот со образложение декаима ставка во самата Програма за бекатон од 3.000.000 денари при што е опфатена и улицата “Маршал Тито” со мал дел за реконструкција, додека потегот од Земјоделското училиште не потпаѓа под ингеренциите на Општина Свети Николе, туку под ЈП “Македонија Пат”.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој посочи дека овде се зборува за уредување на тротоар од Земјоделското училиште до АД “Мода”,чиишто ингеренции може да подпаднат под Општина Свети Николе, бидејќи станува збор за небезбедно и ограничено движење на пешаците.

Збор зеде Градоначалникот - Дејан Владев, кој се надоврза околу Амандманот, дека околу месец Мај треба да се уредат овие тротоари но со средства од надлежното Јавно Претпријатие.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој даде свое видување околу Амандманот, прво околу средставата, при што 1.000.000 денари се многу мала сума на средства за уредување на овој дел од градот, и второ, тој самиот посочи дека секојдневно минува на тој потег, но не забележал некој поголем проток на пешаци ниту во утринските ниту во попладневните часови. Советникот посочи и околу паркирањето на возилата, дека културата е на најниско ниво, но како и во тој дел од градот, така и низ цела општина, возилата се паркираат непрописно, при што единствено решение за него е формирање на Комунална Полиција.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој се надоврза околу сумата од 1.000.000 денари, дека сумата е доволна за околу 800 квадрати да се поплочат со бекатон.

Збор зеде Градоначалникот - Дејан Владев, кој посочи дека прво се работи на приоритетите кои се под ингеренции на општината.
Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **6 гласа ЗА и 9 ВОЗДРЖАНИ** нее усвоен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/11**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата, а се однесува на Програмата А00- Совет на општина , во к-то 413110 Тековни резерви (разновидни разходи), сумата од 500.000 денари се намалува за 300.000 денари и изнесува 200.000 денари. Во к-то 426210 Расходи за репрезентација, сумата од 100.000 денари се намалува за 50.000 денари и изнесува 50.000 денари. Од Програмата Е00-Општинска администрација, во к-то 423410, Прехрамбени продукти и пијалоци, сумата од 400.000 денари се намалува за 300.000 денари и изнесува 100.000 денари, во к-то 425990 Други договорни услуги, сумата од 1.200.000 се намалува за 500.000 денари и изнесува 700.000 денари, во к-то 426990 Други оперативни расходи, сумата од 1.160.000 денари се намалува за 650.000 денари и изнесува 510.000 денари.

  Во Предлог програмата за уредување на градежното земјиште на територијата на Општина Свети Николе, во Програмата ЈД, подпрограма ЈДА – Изградба и реконструкција локални улици и патишта во Општина Свети Николе, се додава нова ставка - Реконструкција на пристапни патишта до земјоделски површини, и се додава износ од 1.800.000 денари.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој не го прифати Амандманот со образложениедека оваа грижа на советниците од советничката група на СДСМ и коалицијата е нелогична, бидејќи никој не ни бил на лице место да види и каже дека континуирано се работи на споменатите места со гребан асвалт или тампон, по повик и барање од страна на земјоделците кои тешко имаат пристап до своите земјоделски површини. Градоначалникот напомена и дека веќе трета година по ред, поднесените проекти од страна на Општина Свети Николе до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се одбиени.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој посочи на тоа дека Градоначалникот е за сите граѓани и треба да се грижи еднакво за сите, без разлика од која политичка партија доаѓа. Друга забелешка од страна на советникот беше тоа што се зборува дека се е средено во врска со земјоделците, а сепак се поднесуваат барања до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, па прашањето е зошто се поднесуваат барања доколку веќе се тврди дека се е средено. Советникот потенцира дека Амандманот е поднесен поради бројот на жители кои се регистрирани земјоделци во Општина Свети Николе, по процент на население е најголем во Република Македонија и брои околу 1.400-1.500 регистрирани земјоделци, при што многу од нив користат земјиште под закуп од државата, а главен извор на капитални приходи се токму тие пари што доаѓаат од земјоделците, како резултат на закупот, од околу 450.000 евра, така да може да бидат издвоени 30.000 евра за реконструкција на тие пристапни патишта кои ги користат истите земјоделци.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **5 гласа ЗА и 10 ВОЗДРЖАНИ** нее усвоен.

Откако немаше други Амандмани**,** Претседателката на Советот ја продолжи расправата по точка 4 од Дневниот ред.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој постави прашање до Градоначалникот дали сите овие патни правци кои ќе се реконструираат, дали ќе бидат комплетно променети со водоводна и канализациона мрежа, бидејќи имаме 25.000.000 денари за реконструкција на овие патни правци, од кои 2.000.000 денари се за реконструкција на водоводна мрежа и 2.000.000 денари за реконструкција на канализациона мрежа. Советникот имаше уште една забелешка околу јавното осветлување, за кое нагласи дека се гаси многу рано наутро и има граѓани кои во темница одат на работа, при што апелира тоа да се гаси малку подоцна, бидејќи има реална потреба од тоа.
Збор зеде Градоначалникот - Дејан Владев, кој даде објаснување дека станува збор за реконструкција на улици и пред почетокот на било кој зафат, лица од ЈКП “Комуналец” одат на терен и разговараат со граѓаните дали има потреба да се интервенира на истата тема. Градоначалникот објасни и околу јавното осветлување дека веќе е реагирано и дека осветлувањето е пуштено до 6:00 часот наутро, додека за одредени дефекти имаше барања од селата, кои се веќе средени.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, којпосочи дека во однос на оваа Програма, премногу сме фокусирани на реконструкција на улици, а една работа за која треба да се размисли е баш околу паркинг местата, посебно на улица “Маршал Тито” каде што се паркираат тешки товарни возила,а тоа не е некоја голема инвестиција.
Збор зеде Градоначалникот - Дејан Владев, којкажа дека има паркинзи за тешки товарни возила, но проблем е тоа што корисниците на тешки товарни возила ги паркираат насекаде, најчесто во непосредна близина на своите домови, при што многу пати е реагирано и пријавувано во полиција, но овде веќе станува збор и до совеста на граѓаните.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програматаза уредување на градежно земјиште на подрачјетона Општина Свети Николе во 2024 година.**

**Точка5**
**Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областана заштита и спасување и противпожарната заштита во 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 5 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областана заштита и спасување и противпожарната заштита во 2024 година.**

**Точка 6**

**Предлог – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа наспорт и млади во 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 6 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/2**поднесен одсоветникот Александар Симонов-советник од политичката партија Левица, а се однесува на Предлог- Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спортот и младите, во табелата "Спортски манифестации", табела 5LO 423410 "Меморијален турнир"Александар Серафимов,по зборовите "оддржан најмалку 1 фудбалски натпревар", се додаваат зборовите " 1 ракометен и 1 кошаркарски натпревар ".

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој му предложи на советникот Александар да го повлече Амандманот, бидејќи целиот турнир и целата организација го изготвува Синдикатот на МВР, при што општината нема никаква допирна точка со оваа организација, освен финансиска помош за истиот настан.
За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој го повлече Амандманот но даде една препорака за во иднина, да се прави исправка на Програмата во однос на средствата, доколку Општината не е организатор на манифестацијата.

Откако немаше други Амандмани**,** Претседателката на Советот ја продолжи расправата по точка 6 од Дневниот ред.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, којукажа на тоа дека средствата што ги дава Општината за спортот се минимални, за да може еден спортски клуб да функционира, при што советникот во иднина апелира до лицата кои се во управата на самите клубови да најдат некое решение за да соберат и дополнителни средства и дополнителни спонзори. Советникот потенцира и дека скоро сите спортски клубови се потпираат исклучиво само на средствата од Општина Свети Николе.
За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Владимир Тосев, кој се согласи со советникот Јованчев, меѓутоа постои проблем во ракометарскиот и кошаркарскиот клуб, бидејќи повеќе години не беа активни и неможеа ниту да поднесат апликации до Агенција за млади и спорт, за да земат одредени средства.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој постави прашање која е улогата и работата на управата на било кој спортски клуб, тие се оние кои треба да им овозможат подобри услови на спортистите и доколку нема добри управители тогаш и ваучерите нема да можат да се реализираат.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Миле Костов, кој му се обрати на колегата Јованчев и даде свое мислење како Претседател на Фудбалскиоот клуб Овче Поле, дека кога има јавен повик се доставува барање од

1.500.000 денари за потребите на фудбалскиот клуб во една тековна година, додека секоја година добиваме по 1.200.000 денари, со кои средства се помага и на младинските категории а дополнителните 200-300.000 денари се обезбедуваат од спонзори. Советникот се надоврза дека големите фирми во градот не се вклучуваат во спонзорства, а најголем изговор за тоа е инфлацијата.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој се надоврза околу ваучерите за кои беше споменато дека неможат да се реализираат, при што фирмите кога даваат средства, даваат државни пари, а не сопствени, со што додека не ги дадат на некој спортски клуб, до крајот на 15ти март тековната година мораат истите средства да ги уплатат како данок на добивка.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој посочи дека во оваа Програма целата поддршка од страна на Општината се дава на колективните спортови, додека никаде не се јавува помош за индивидуалните спортисти, затоа што индивидуалниот спорт со помалку финансии може повеќе да напредува. Советникот се надоврза и околу Стратегијата за млади, за која ставката се предвидени 100.000 денари, при што според советникот оваа ставка е целосно непотребна.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој се надоврза околу Стратегијата за млади и посочи на тоа дека со новиот закон Општината е должна одреден процент да издвои за младите, а потоа како ќе се искористат останува на младите за кои и се предвидени средствата.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, којкажа дека немора да бидат издвоени посебни средства за стратегијата и дека истата може да биде изработена во рамките на општината.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Владимир Тосев, кој потенцира дека доколку не е бил овој Градоначалник, сеуште ќе немаше ниту кошаркарски, ниту ракометен клуб и притоа се иззема од гласање.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Миле Костов., кој се обрати кон советникот Поповски, дека тие како Претседатели на фудбалски клуб, немаат никакво кривично дело, за да никој не им даде некаква помош и упати апел до фирмите да ваквата помош не мора да биде финансиска, може да биде и опрема, угостителска услуга или било каква друга помош, која фирмата директно ќе си ја подмири, при што и тој се иззема од гласање.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој кажа дека поентата е да не бараат клубовите помош од фирмите, туку треба делови од тие фирми што располагаат со средства, да бидат дел од раководството на ваквите клубови.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **7 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програматаза активностите на Општина Свети Николе во областа наспорт и млади во 2024 година.**

**Точка 7**
**Предлог – Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 7 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
Од гласање се изземаа советниците: Валерија Ивановска, Маја Давкова, Фросина Ѓорѓиева и Саша Мицевска.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **6 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програматаза активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2024 година.**

**Точка 8**
**Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 8 од Дневниот ред.
Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програматаза активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2024 година.**

**Точка 9**
**Предлог - Програма за еднакви можности на Општина Свети Николе за 2024 година;**
Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 9 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој даде свое видување околу дефиницијата која претходно беше внесена и според него треба да се запази и почитува улогата на жената во сите сфери кои ги опфаќа општината, но во Програмата нелогично е тоа што поимот “граѓанин” и поимот “лице” се заменуваат со поимите “маж и жена”. Советникот потенцира дека граѓанинот е вметнат дури и во Уставот на Р.Македонија, додека тоа не е пракса со поимите “маж и жена”.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој посочи дека ова е една од најдобрите изработени Програми од страна на службите и кажа дека пред два месеци е направена измена во Програмата во врска со дефиницијата и беше изгласана на Совет, а сега во Програмата ја нема истата дефиниција. Прашањето на спветникот е дали по однос на дефиницијата има реагирано Министерството за локална самоуправа за да биде отстранета или од страна на советниците е отстранета истата по дадените забелешки.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата– Фросина Ѓорѓиева, која посочи дека дефиницијата стои, меѓутоа е долу, како футер, и служи како дообјаснување на поимите кои се употребени погоре во текстуалниот дел во Програмата, при што советничката нагласи дека е разговарано со Координаторката за еднакви можности на мажите и жените и нема никаква претставка во врска со споменатата дефиниција.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програмата за еднакви можности на Општина Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 10**

**Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развојво 2024година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 10 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/9**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата, а се однесува на Програмата Е00- Општинска Администрација, ставка 427- привремени вработувања, подставка 427110-привремени вработувања, сумата од 1.000.000 денари се намалува за износ од 300.000 денари, односно се заменува со сумата од 750.000 денари. Во Програмата Г10(ЛЕР), во делот Поддршка на локалниот економски развој, се додава нова точка 5, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИСО 9001 СТАНДАРД , со сума од 250.000 денари.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој не го прифати Амандманот со образложение дека веќе е аплицирано преку УНДП за ИСО 9001 СТАНДАРД и се надева дека до март годинава ќе има позитивен одговор.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој напомена дека овој Проект е веќе десеттина години наназад а се работи за релативно мала сума, според него треба да стојат во Буџетот, па доколку се обезбедат средства, нека бидат пренаменети за нешто друго, уште со првиот ребаланс на Буџетот.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **5 гласа ЗА и 10 ВОЗДРЖАНИ** нее усвоен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/10**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата, а се однесува на Програмата Е00-Општинска Администрација, ставка 424 – привремени вработувања, потставка 427110-привремени вработувања, сумата 1.000.000 денари да се намали за износ од 300.000 денари односно се заменува со сумата од 700.000 денари. Сумата од 300.000 денари да се префрли во Програмата RAO-заштита на животна средина и природа, да се вметне нова потставка субвенции за велосипеди и електрични тротинети.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој не го прифати Амандманот со образложение деказаедно со претставници од ЛЕР веќе има договорено јавна расправа, па во зависност од потребите на граѓаните, со следниот ребаланс ќе се одлучи за што ќе бидат искористени споменативе средства.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата –Елизабета Јованчева, која посочи дека овој Амандман бил поднесен и минатата година за субвенции за велосипеди, при што сега се додадени и електрични тротинети, и појасни дека овој Амандман е ставен на разгледување по претходен разговор со граѓаните, посебно од младите лица, со цел зачувување на животната средина и намалување на загадувањето предизвикано од сообраќајот.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој кажа дека паричната имликација не е многу голема и вакви субвенции веќе се даваат на некои места, но ние во нашата општина немаме ни капацитети за паркирање на велосипеди, при што додека да преминеме на субвенции за велосипеди, прво треба да се исполнат одредени услови.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата –Игор Јованчев, кој кажа дека неможеме да чекаме да се направат прво крупните работи и дека не се ни размислуива на тој дел, тргнувајќи од Програмата за уредување на градежно земјиште каде што никаде нема предвидено изградба на пешачки и велосипетски патеки.
Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот го стави Амандманот на гласање и констатира дека со **6 гласа ЗА и 9 ВОЗДРЖАНИ** нее усвоен.

Откако немаше други Амандмани**,** Претседателката на Советот ја продолжи расправата по точка 10 од Дневниот ред.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, којсе надовртза околу Програмата дека е добро изработена, но и дека тоа немора да донесе успех при самата реализација на истата. Советникот кажа и дека е нелогично да неможе општината да одвои 250.000 денари за имплементација на ИСО 9001 СТАНДАРД, кој многу би го поттикнал Локалниот економски развој, а притоа одвојува 300.000 денари за печатење на материјали.
За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој посочи дека има повеќе забелешки во врска со оваа Програма. Според него, во основната цел, Програмата се повикува на исполнување на стратешките определби на општината, а ваква стратегија нема од 2021 година, при што Програмата се повикува на непостоечки документ. Советникот се надоврза на Стратегијата за локален економски развој, која спрема индикаторите, требала да биде завршена минатата година помеѓу месец март и септември 2023 година, додека во месец април била направена јавна набавка, во која стои дека стратегијата ќе биде изработена во рок од пет месеци, а од тогаш се поминати девет месеци, а Стратегијата сеуште не е изработена. Советникот потенцира и дека е непотребно 300.000 денари да бидат потрошени на печатење на промотивен материјал и дека во вакво време на социјални мрежи, постојат и многу други алтернативни мерки, за да се направи подобра промоција.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја

усвои**Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развојво 2024година.**

**Точка 11**

**Предлог - Програма за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2024година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 11 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои**Програмата за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2024година.**

**Точка 12**

**Предлог - Програма за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта иулициво општина Свети Николе во 2024година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 12 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

- Претседателката на Советот го прочита **Амандманот под архивски бр. 0804-619/7**поднесен од советничката група на СДСМ и коалицијата, а се однесува на Програмната за изградба, реконструкција и оддржување на локални улици во Општина Свети Николе, во делот на локални патни правци за реконструкција и планирана изградба, под точка 10 се додава патниот правец од с. Ерџелија кон село Кадрифаково до спојот со магистрален пат М-5.

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој го прифати Амандманот до делот до приклучокот до регионалниот пат, додека натаму општината нема никакви ингеренции.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој кажа дека овој Амандман не повлекува финансиски импликации во Буџетот на општината, а сепак претставува најфреквентниот патен правец.

Откако немаше други Амандмани**,** Претседателката на Советот ја продолжи расправата по точка 12 од Дневниот ред.

За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, којкажа дека оваа Програма е копирана од претходните години и единственото нешто што се менува овде е последната бројка од годината. Советникот потенцира дека се наведени девет и со Амандманот вкупно десет патни правци за реконструкција во 2024 година со вкупна должина од 35км.додека финансиските средства во Програмата се околу 3.000.000 денари, при што прашањето на советникот е како ќе се реконструираат овие десет патни правци со Буџет од околу 50.000 евра.

Збор зеде Градоначалникот, кој напомена дека реконструкција и изградба се две различни работи, реконструкцијата на десетината улици всушност е санирање на истите, гребење и асфалтирање, а на некои потези и потполнување на ударните дупки, кои претставуваат основен проблем на граѓаните на општината.
За збор се јави советникот од политичката партија – Левица, Александар Симонов, кој потенцира дека има друга ставка во Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и таа изнесува 2,4.000.000 денари, при што збориме за конкретна Програма и потенцира дека како ваква, Програмата е целосно неиздржана.
Збор зеде Градоначалникот – Дејан Владев, којкажа дека крајот ќе покаже најдобро каква е Програмата, односно самите дела.

Откако никој друг се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои **Програматаза изградба,реконструкција и одржување на локални патишта иулициво општина Свети Николе во 2024година.**

**Точка 13**
**Предлог - Буџет на Општина Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 13 од Дневниот ред.
Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Збор зеде Градоначалникот – Дејан Владев, којги претстави реализираните проекти за време на досегашниот мандат и тоа: целосно завршена примарна и секундарна водоводна мрежа во с.Орел, завршена е санацијата на речното корито на Горобинска река, целосно е завршена изградбата на балон сала во ООУ "Даме Груев" во с. Ерџелија, завршена е и реконструкцијата на трибини со поставување на столчиња на градскиот стадион, во тек е изградбата на фекална канализација во с. Мустафино, проект во износ од 60.000.000денари, завршен е проектот за изградба на фекална канализација во с. Пеширово, завршена е реконструкција на улици во руралните средини, реконструирана и изградена е нова улица во с. Амзабегово, комплетно изградена улица во с. Пеширово, реконструирани се две улици во с. Долно Црнилиште, целосно реконструирана улица во с. Горобинци, завршена е реконструкцијата на патниот правец Кнежје-Ѓузумелци, завршени и реконструирани се и повеќе улици низ градот, како и крпење на ударни дупки низ градот, проект финансиран од Општина Свети Николеи други надлежни институции, комплетно е завршена реконструкцијата на улицата "Панко Брашнаров", улица "Рајко Жинзифов", крак од улица "Јуриј Гагарин", улица "Миле Поп Јорданов", улица "Војдан Цернодрински", крак од улица "11 Октомври", изградба на улици во м.в. Лозов Расадник, улица "Александар Серафимов" во вкупен износ од 43.000.000 денари. Целосно е извршена и реконструирана улица "Пиринска", реализиран е проектот за тампонирање на неколку улици во с. Кнежје, Ѓуганци, Амзабегово, Ерџелија и Пеширово. Комплетно е завршена и пешачката патека од спортската сала до ул. "Крсте Петков Мисирков", како и обезбедени нови поаркинг места на тој потег.

Во завршна фаза е и проектот финансиран од Општина Свети Николе за изградба на амфитеатар, детска градинка во с. Ерџелија, како и нова противпожарна станица со комплетно нови помагала во интерес на граѓаните на општината и ново противпожарно возило, додека во текот на оваа недела ќе биде набавено и ново теренско возило обезбедено со сопствени средства од Општина Свети Николе. Од поголемите проекти кои треба да се реализираат во 2024 година се издвојуваат следниве проекти: изградба на балон сала во СОУ "Кочо Рацин", изградба на улици во с. Горобинци и с. Црнилиште, продолжување на изградбата на фекалната канализација во с. Мустафино, реконструкција на улица "Орце Николов", реконструкција на улица во с.Ерџелија, тампонирање на улици во помалите рурални средини, предвидени се средства за реконструкција на игралиштето во Средното земјоделско училиште, асфалтирање на улицата во мало стопанство, ќе се прави проект за имплементација на фотоволтаици на сите општински установи, санацијата на речното корито ќе биде целосно завршена, помината е апликацијата на промена на кровот и нова фасада на гимназијата, поставување бекатон на потегот "Бел камен" и на неколку други локации во градот и во селата, реконстгрукција на улица "Питу Гули", четирите улици во населба Поглед, улица "Вера Циривири", "Васка Циклева", "Карпошева", "Македонска", "Маршал Тито", улица " 25 Ноември", дел од Плоштад Илинден итн.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, којкажа дека говорницата беше злоупотребена за отчет од страна на Градоначалникот, но исто така потенцира дека најголем дел од проектите се финансирани или од Владата или од ресорните министерства. Советникот се надоврза околу индустриската зона, каде што парцелите биле доделени на граѓани за по едно до две евра од квадрат, додека комуналии немаат платено повеќе од 1.000 евра од парцела, при што општината се вкупно од тоа нема добиено 30.000 евра. Според советникот, Буџетот треба да се врши во две фази, за да има што поголемо учество на граѓаните во јавните расправи и самите тие ги утврдат приоритетите за наредната буџетска година. Советникот потенцира дека на последната јавна расправа, на која и тој бил присутен, имало претставници од сите месни заедници од селата, додека од трите месни заедници од градот немало ниту по еден претставник т.е. дека сеуште нема избрани претставници, при што не било разговарано околу потребите во градот. Советникот кажа дека Буџетот оваа година е најголем и тоа околу 7,7.000.000 евра, од кои основниот буџет изнесува 3,3.000.000 евра, при што нагласи да средствата не стојат само на сметка, туку треба да се трошат за потребите на граѓаните.
За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој кажа дека легитимно право на Градоначалникот е да излезе на говорница и ги претстави проектите,додека во врска со Буџетот потенцира дека не треба да ги ставаме граѓаните во заблуда, дека тие 3 милиони евра може да бидат искористени сите во една тековна година, при што тие средства освен за проекти се и за плати, за вработувања, за режиски трошоци, за греење, за бензин и сл.
Советникот Кузелов постави прашање до советникот Јованчев, кога тој би менаџирал со Буџетот, колку од овие средства би искористил за капитални проекти.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој кажа дека веројатно за да има развоен Буџет треба најмалку 50 проценти од основниот буџет да одат во проекти, но поради пренатрупана јавна администрација, а со тоа и огромен број на непотребни трошоци, општината нема доволно средства за проекти.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој потенцира дека има општини со слободни 50 проценти од буџетот за проекти, но нашата општина го нема тој процент и доколку би се намалила општинската администрација за десет вработувања, пак нема да се располага со толкав процент.

Збор зеде Градоначалникот – Дејан Владев, кој се надоврза на дискусијата на советникот Кузелов и посочи дека не е едноставно да се потрошат сите средства што ги има на сметка на општината, каде што има големи ограничувања од страна на централната власт. Градоначалникот нагласи дека доколку би немал законски ограничувања за тие 17-18 .000.000 денари, нормално дека ќе ги потроши во интерес на граѓаните и се надоврза дека за разлика од претходните мандати, сега има пет пати повеќе проекти, дури има и готови реални проекти и за 2025 година. Градоначалникот се обрати кон јавноста и кажа дека граѓаните треба да знаат дека постои рамка во врска со Буџетот по налог од Министерството за финансии и неможат сите средства да бидат потрошени, додека Буџетот е поголем од година во година,а тоа значи дека Општина Свети Николе работи како што треба и поради тоа се зголемува и Буџетот.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој се обрати кон советникот Кузелов, околу вработувањата, при што десетина вработувања помалку се многу средства во период од еден четиригодишен мандат и кажа дека треба да се обрати внимание околу бројот на вработените во општината.

Збор зеде Градоначалникот – Дејан Владев, кој кажа дека е горд што овие две години општината има толку многу проекти, што се работи чесно и одговорно, што општината е во позитивно салдо и што на Општина Свети Николе сите врати и се отворени во сите државни и локални институции.

Откако никој друг се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Буџетот нагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ**го усвои**Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 14**

**Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за2024година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 14 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлукатанагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**донесе**Одлука заутврдувањенавредностнабодотзаплатитенаадминистративни службеници за2024година.**

**Точка 15**

**Предлог – Одлука заизвршување наБуџетотна Општина Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 15 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог – Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**донесе**Одлука заизвршување наБуџетотна Општина Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 16**

**Буџетски календар за 2024 година на Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 16 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Буџетскиот календарнагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 5 ВОЗДРЖАНИ**го усвои**Буџетскиот календар за 2024 година на Општина Свети Николе.**

**Точка 17**

**Предлог – Одлука заопределување на име на улица во Општина Свети Николе;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 17 од Дневниот ред.

Претседателкатана Комисијата за комунални работи и сообраќај приСоветот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиеваго поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој нагласи дека името на улицата ќе го носи името “Тодор Александров”, а станува збор за лице кое има направено штета врз развојот на македонската демократија и македонската нација. Советникот потенцира дека има многу документи во кои овој лик се декларирал како бугарин и под негова команда се убиени Јане Сандански, Пере Тошев и Ѓорче Петров. Овој лик според советникот, во неговата кариера никогаш не спомнал за македонска нација, не спомнал за македонски јазик, за македонска православна црква, туку единствено се борел за независна Македонија од која држава секогаш кажувал дека сака да формира две бугарски држави, односно се борел за независна Македонија со Бугари во неа и затоа таков лик не треба да носи име на улица во Општина Свети Николе. Советникот кажа дека кога веќе се поставуваат вакви имиња на улици, треба да дадат отчет институциите, а не да се ставаат имиња на херои на други држави, при што советникот даде предлог до предлагачот на оваа Предлог - Одлука, да го повлече предлогот и да се побара мислење од Комисијата за именување за истиот предлог и доколку имаме позитивен одговор, тогаш да се изгласа истиот предлог.

Збор зеде Секретарот на Општина Свети Николе - Зоран Стојчев, кој нагласи дека сите улици кои се предлагаат како Предлог – Одлука за именување на улици,плоштади, мостови и сл. се дел од една листа која добила согласност од Владата, при што Советот

составува Предлог – листа на познати личности од културата, уметноста, спортот, политиката и .т.н., се праќа таа листа до Владата и ако Владата даде согласност, Советот ја усвојува листата и од таа листа се црпат понатамошните имиња на сите објекти, улици, плоштади, мостови кои треба да се именуваат на територијата на општината, а на таа листа, истото име за кое станува збор во оваа Предлог-Одлука, од страна на Владата има добиено согласност од пред десеттина години.
За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, којкажа дека секој има право на свое мислење за одредени ликови, и Лазар Колишевски не е многу светол лик во историјата на Македонија, а сепак има споменик во Свети Николе.

За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој нагласи дека Лазар Колишевски како лик никогаш не ја негирал македонската нација и го искористи своето деловничко право да поднесе Амандман, при што улицата "Тодор Александров", да се промени во име на некој од жртвите Ѓорче Петров, Јане Сандански и Пере Тошев или Војвода Гоце Делчев.

Претседателката на Советот го прочита **Амандманот,** поднесен од советникот Игор Поповски, кој се однесува на Измена на Предлог – Одлуката за определување на име на улица во населбата Лиска во Општина Свети Николе, името "Тодор Александров", се заменува со името "Димо Хаџи Димов".

Според Деловникот за работа на Советот се изјасни Градоначалникот– Дејан Владев, кој се изјасни дека Амандманот не се прифаќа.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој кажа дека немајќи ја листата одобрена од Влада , во Амандманот како предлог за име на улицата е ставено лице кое е жртва на Тодор Александров и притоа побара да му биде доставена листата со имиња, за да се провери дали ова име го има на списокот со одобрени имиња од Владата.
Збор зеде Секретарот на Општина Свети Николе - Зоран Стојчев, кој нагласи дека неможе во моментот точно да каже дали го има тоа име во списокот или го нема, бидејќи станува збор за повеќе имиња и неможе да ги знае сите до едно.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Јованчев, кој нагласи дека неможе да биде ставен Амандманот на гласање додека не биде добиена потврда од страна на Секретарот на општината или од некој од службите дека името кое се предлага за име на улица не се содржи во листата на имиња.
Претседателката на Советот – Валерија Ивановска, нагласи дека кој и да го поставил Амандманот, го поставил по сопствена волја и по сопствено убедување, притоа појасни дека е околу 20:00 часот, службите се отсутни и дека советниците имале време од период од седум дена да ја побараат споменатата листа, бидејќи уште пред десеттина дена на секој од советниците им се пратени предлог-материјали за денешната седница.
За збор се јави советникот од советничката група на СДСМ и коалицијата – Игор Поповски, кој побара поединечно гласање, а гласањето се одвиваше по следниот редослед:

- Александар Симонов –ЗА

- Ристе Андонов - ВОЗДРЖАН
- Игор Поповски - ЗА
- Саша Мицевска - ЗА
- Борис Панев - ЗА
- Елизабета Јованчева - ЗА
- Игор Јованчев –ЗА
- Валерија Ивановска – ВОЗДРЖАНА
- Горан Трајковски – ВОЗДРЖАН
- Кристијан Кузелов – ВОЗДРЖАН
- Фросина Ѓорѓиева – ВОЗДРЖАНА
- Душица Митева – ВОЗДРЖАНА
- Владимир Тосев – ВОЗДРЖАН
- Миле Костов – ЗА
- Маја Давкова - ВОЗДРЖАНА

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска констатира дека со **7 ГЛАСА ЗА** и **8 ВОЗДРЖАНИ**, Амандманот не е прифатен.

Претседателката на Советот ја продолжи расправата по точка 17 од Дневниот ред.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Одлуката нагласање и Советот со **8 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН** донесе **Одлука заопределување на име на улица во Општина Свети Николе.**

**Точка 18**

**Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во рамки на проектот "Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарскиот плански регион**“

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 18 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Збор зеде Градоначалникот – Дејан Владев, кој даде појаснување околу точката дека овде станува збор за набавка на мало багерче во вредност од околу 17-18.000 евра, со останати вишок средства од 9.000.000 денари од Вардарско планскиот регион, сите Општини добиле по 1.000.000 денари, додека Општина Свети Николе ќе доплати само мал износ за набавка на ова возило, за потребите на ЈКП “Комуналец”.

Откако никој друг не се јави за дискусија, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Одлуката нагласање и Советот со **15 гласа ЗА** донесе **Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во рамки на проектот "Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарскиот плански регион**“.

**Точка 19**

**Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 19 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**донесе **Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 20**

**Предлог – Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 20 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог - Одлуката н агласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.**

**Точка 21**

**Предлог - Одлука за формирање на заедничка комисија;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 21 од Дневниот ред.

Претседателката на Комисијата за јавни дејности приСоветот на Општина Свети Николе – Маја Давкова,го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за формирање на заедничка комисија.**

**Точка 22**

**Предлог – Одлука за утврдување на цени за влезници за државјани на РСМ;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 22 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави советникот од политичката партија – ЛЕВИЦА, Александар Симонов, кој побара појаснување од службите до јавноста, бидејќи е најасно на што се однесуваат цените за влезници и најверојатно граѓаните ќе немаат претстава за што станува збор.

За збор се јави Директорот на ОУ “Народен Музеј”- Александар Нацев, кој појасни дека станува збор за влезници при посета на Музејот на државјани на Република Македонија, каде има две одлуки, едната е за странски лица, а втората е за наши државјани.

Откако никој друг не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за утврдување на цени за влезници за државјани на РСМ.**

**Точка 23**
**Предлог – Одлука за утврдување на цени на странски лица;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 23 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Одлуката нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** донесе **Одлука за утврдување на цени на странски лица.**

**Точка 24**
**Предлог – Решениеза именување на членови во заедничка комисија за Меѓуопштинска соработка на Општина Свети Николе и Општина Лозово;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 24 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за верификации, мандатни прашања, избори и именувањаприСоветот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов,го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот го стави Предлог-Решението нагласање и Советот со **14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН**донесе **Решениеза именување на членови во заедничка комисија за Меѓуопштинска соработка на Општина Свети Николе и Општина Лозово.**

**Точка 25**

**Предлог – Решение за престанок на мандат на член на Надзорниот Одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП “Комуналец” – Свети Николе по сила на закон;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 25 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за верификации, мандатни прашања, избори и именувања приСоветот на Општина Свети Николе – Кристијан Кузелов, го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот го стави Предлог-Решението нагласање и Советот со **15 гласа ЗА** донесе **Решение за престанок на мандат на член на Надзорниот Одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП “Комуналец” – Свети Николе по сила на закон.**

**Точка 26**

**Предлог – Програма за работа за 2024 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 26 од Дневниот ред.

Претседателкатана Комисијата за јавни дејности приСоветот на Општина Свети Николе – Маја Давкова, го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Програматанагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ**ја усвои **Програмата за работа за 2024 година на ОУ “Народен Музеј” Свети Николе.**

**Точка 27**

**Предлог - Програма за работа на Дом на култура „ Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 27 од Дневниот ред.

Претседателкатана Комисијата за јавни дејности приСоветот на Општина Свети Николе – Маја Давкова, го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** ја усвои **Програмата за работа на Дом на култура „ Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 28**

**Предлог - Програма за работа и развој на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 28 од Дневниот ред.

Претседателкатана Комисијата за комунални работи и сообраќај приСоветот на Општина Свети Николе – Фросина Ѓорѓиева, го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог-Програмата нагласање и Советот со **9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ** ја усвои **Програмата за работа и развој на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 29**

**Предлог – Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјетона Општина Свети Николе за 2024 година;**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 29 од Дневниот ред.

Претседателотна Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природаприСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

За збор се јави Раководителот на одделение за урбанизам при Општина Свети Николе – ДаркоЈованов, кој даде образложение околу точката дека согласно Законот за урбанистичко планирање, општината е должна секоја година да изготви годишна програма за урбанистички планови, при што со оваа Програма има нови иницијативи, една од нив е потегот кај Алгомак (приватна иницијатива), потоа има иницијатива кај Рудина, кај што е веќе населено место и треба генералниот урбанистички план да се смени во А1 – домување, уште една приватна иницијатива има кај улица “Скопска” и улица “Карпошева” – позади ЈКП “Комуналец”, за улица “Маршал Тито” и улица “Ангел Трајчев” - позади реката, исто има приватна иницијатива, во постапка е и иницијатива од “Александра ФАРМ”, иницијатива има и во центарот за Градскиот стадион. Раководителот нагласи и дека има неколку урбанистички планови за вон населено место кои се во постапка (с.Мустафино, Преодски ливади). Има поднесено и нова иницијатива Г2 – за лесна и незагадувачка индустрија од приватно лице.

За збор се јави советникот од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – Кристијан Кузелов, кој постави прашање до Раководителот на урбанизам, за КО

Амзабегово, позади МИК, на што се однесува толку голема површина, односно што се опфаќа со тоа.

За збор се јави Раководителот на одделение за урбанизам при Општина Свети Николе – ДаркоЈованов, кој дообјасни дека пола се Г2 намена, а пола се фотоволтаици, на место веднаш до сегашните фотоволтаици .

Откако никој друг не се јави за збор, Претседателката на Советот ја стави Предлог - Програмата нагласање и Советот со **13 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН** ја усвои **Програматаза изработка на урбанистички планови на подрачјетона Општина Свети Николе за 2024 година.**

**Точка 30**
**Барање финансиска помош од лицето З.З.**

Претседателката на Советот – Валерија Ивановска отвори расправа по точка 30 од Дневниот ред.

Претседателот на Комисијата за финансии и локален економски развој приСоветот на Општина Свети Николе – Владимир Тосев го поднесе Извештајот од Комисијата и предложи Советот да го прифати како што е предложен.

- Претседателката на Советот – Валерија Ивановска нагласи дека станува збор за финансиска помош од 30.000 денари.

Откако никој не се јави за збор, Претседателката на Советот го стави Барањето финансиска помошнагласање и Советот со **15 гласа ЗА** го усвои **Барањето финансиска помош од лицето З.З.**

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен, Претседателката на Советот ја затвори четириесетипрвата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе која заврши во 20:45 часот.

**Општина Свети Николе 25.12.2023 година**

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **Марија Лазаров** | **Претседател,** |
| **--------------------** | **Валерија Ивановска** |
| | ______________________ |